UNFPA состојба на светското население 2011



# Луѓето и можностите во свет од 7 милијарди

## Состојба на светското население во 2011 година

**Овој извештај е продуциран од Одделот за информации и надворешни односи на УНФПА, Фонд за население на Обединетите нации.**

###굜Уреднички тим

**Главен репортер: Барбара Кросет (Barbara Crossette)**
**Дополнително известување и пишување: Ричард Колоџ (Richard Kollodge)**
**Советодавен одбор на УНФПА: Рун Фросет (Rune Froseth), Вернер Хауг (Werner Haug), Амината Тоуре (Aminata Toure), Силвија Вонг (Sylvia Wong)**
**Уредник: Ричард Колоџ (Richard Kollodge)**
**Соработник на уредникот: Роберт Пачалик (Robert Puchalik)**
**Уреднички и административен соработник: Миреј Чаљуб (Mirey Chaljub)**
**Раководител на дистрибуција: Јајеш Гулраџани (Jayesh Gulrajani)**


**Благодарност**

Уредничкиот тим е благодарен на Советодавниот одбор на извештајот за насочувањето на конципирањето и изработката на извештајот и за давањето непроценливи коментари на нацртите.

Шефовите или вршители на должност на седумте теренски канцеларии на УНФПА (и нивните вработени) договараа интервјуа, организараа логистика, помагаа во утврдување на идеите за стории и го водеа известувањето на секоја локација: Бернард Кокелин (Bernard Coquelin) (Кина), Зијад Рифаи (Ziad Rifai) (Египет), Беноа Каласа (Benoit Kalasa) (Етиопија), Марк Дервиув (Marc Derveeuw) (Индија), Диего Паласиос (Diego Palacios) (Мексико), Патриција Гузман (Patricia Guzmán) (Мозамбик), Агате Лосон (Agathe Lawson) (Нигерија), и Франсоа Фара (François Farah) и Татјана Шикоска (Поранешна Југословенска Република Македонија). Регионалните директори на УНФПА обезбедија вредна поддршка за изработката на извештајот: Хафед Чекир (Hafedh Chekir) (арапски држави), Теа Фиренс (Thea Fierens) (Источна Европа и Централна Азија), Нобуко Хорибе (Nobuko Horibe) (Азија и Пацификот), Бунми Макинва (Bunmi Makinwa) (Африка) и Марсела Суазо (Marcela Suazo) (Латинска Америка и Карибите). Хика Вуоренмаа (Hilkka Vuorenmaa), виш службеник за застапување на Ваестолито, Федерација за семејство на Финска, ги постави темелите за известување во таа земја.

Непроценливо водство беше обезбедено и од Сафие Џагар (Safiye Çagˇar), директор на Одделот за информации и надворешни односи; Нил Форд (Neil Ford), шеф на Огранокот за медиуми и комуникации; и Делија Барселона (Delia Barcelona), Сатурнин Епие (Saturnin Epie), Ен Ерб-Леонкавало (Ann Erb-Leoncavallo), Анти Каартинен (Antti Kaartinen), Бетина Маас (Bettina Maas), Пурнима Мане (Purnima Mane), Нији Ојуолапе (Niyi Ojuolape), Елена Пирондини (Elena Pirondini), Шерин Саадала (Sherin Saadallah) и Мари Симонен (Mari Simonen) од Канцеларијата на извршниот директор на УНФПА.

Другите колеги во Техничкиот оддел и Програмскиот оддел на УНФПА - премногу бројни за сите да се набројат овде - исто така дадоа проникливи коментари на нацртите, обезбедија точност на податоците и ги насочуваа прашањата опфатени во овој извештај.

Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи, изворот на повеќето податоци во извештајот, ја насочуваше анализата и претставувањето на проекциите за населението. Без нивна поддршка овој извештај немаше да биде можен. Институтот за статистика на УНЕСКО, УНИЦЕФ, Светската здравствена организација, Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации, Светска банка и Проектот за текови на средства на ИНФПА/НИДИ и Одделот за статистика при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи, исто така, обезбедија суштински податоци. Едилберто Лојаца (Edilberto Loiaza) од Огранокот за население и развој на УНФПА го насочуваше изборот и претставувањето на индикаторите.

Благодарение на дарежливата финансиска поддршка од Техничкиот оддел на УНФПА, овој извештај ги прикажува сите оригинални фотографии на луѓето и местата споменати во текстот.

Оригинални фотографии на секоја локација од Гуо Тиелиу (Guo Tieliu) (Кина); Метју Касел (Matthew Cassel) (Египет); Антонио Фјоренте (Antonio Fiorente) (Етиопија); Сами Салинен (Sami Sallinen) (Финска); Санџит Дас (Sanjit Das) и Атул Лок (Atul Loke) (Индија); Рикардо Рамирез Ариола (Ricardo Ramirez Arriola) (Мексико); Педро Са Да Бандеира (Pedro Sa Da Bandeira) (Мозамбик); Акитунде Акинлеје (Akintunde Akinleye) (Нигерија); и Антонин Краточвил (Поранешна Југословенска Република Македонија).

Уредничкиот тим сака да им се заблагодари и на поединците кои ги раскажаа своите приказни за овој извештај.


Фотографија на насловната страница:
*Час по географија, Универзитет „Едуардо Монднлејн" во Мапуто, Мозамбик*

© UNFPA/Pedro Sá da Bandeira

# состојба на светското население 2011

## Луѓето и можностите во свет од 7 милијарди


**Предговор** *страна ii*

**1** Поблизок поглед на нашиот свет од 7 милијарди *страна 1*

**2** Младите: нова глобална сила што го преобликува светот *страна 9*

**3** Сигурност, економска моќ и независност во староста *страна 29*

**4** Што влијае врз наталитетот? *страна 43*

**5** Одлука за преселба: моќта и ефектот на миграцијата *страна 65*

**6** Планирање однапред за растот на градовите *страна 77*

**7** Делење и одржување на ресурсите на Земјата *страна 93*

**8** Патот напред: довршување на агендата од Каиро *страна 101*

**Индикатори** *страна 110*

**Избрани извори** *страна 124*




© УНФПА / Антонио Фјоренте

# Предговор

**Седум милијарди луѓе ќе ја населуваат земјата на 31 октомври.** Во текот на мојот живот сведок сум на речиси тројно зголемување на светското население. А по 13 години, ќе видам како се додава уште една милијарда на денешниов број. Во текот на животот на моите внуци може да има дури 10 милијарди луѓе во нашиов свет.

Како станавме толку многу? Колку голем број може да издржи нашата Земја?

Ова се важни прашања, но можеби не и вистинските за нашево време. Кога само ќе ја погледнеме големата бројка, ризикуваме да останеме вчудоневидени и да ги изгубиме од вид новите можности за подобрување на животот за сите во иднина.

Па, наместо да го поставуваме прашањето „Дали сме премногу?", треба да се запрашаме „Што можам јас да направам за да го подобрам светот?" или „Што можеме да направиме за да ги трансформираме нашите растечки градови во сили на одржливост?". Треба, исто така, да се запрашаме што може да направи секој од нас за да ги зајакне постарите, па тие да играат поактивна улога во своите заедници. Што можеме да сториме за да ги ослободиме креативноста и потенцијалот на најголемата група млади којашто човештвото воопшто ја видело? И што можеме да сториме за да ги отстраниме бариерите за еднаквоста меѓу жените и мажите за секој да има полна моќ да одлучува за себеси и да го реализира својот целосен потенцијал?

*Состојба на светското население 2011* ги разгледува трендовите, динамиката, што го дефинираат нашиот свет од 7 милијарди и покажува што прават луѓето во своите заедници, во крајно различни земји и околности, за да извлечат најмногу од нашиот свет на 7 милијарди.

Некои трендови се впечатливи: денес во целиот свет има 893 милиони луѓе на возраст над 60 години. До средината на овој век тој број ќе порасне на 2,4 милијарди. Околу еден од двајца луѓе живее в град, а само по околу 35 години ќе живеат двајца од тројца. Луѓето под 25 години веќе сочинуваат 43 проценти од светската популација, а во некои земји достигнуваат до 60 проценти.

Овој извештај ја дава моментната слика за тоа како Кина, Египет, Етиопија, Финска, Индија, Мексико, Мозамбик, Нигерија и Поранешната Југословенска Република Македонија се соочуваат со различни демографски предизвици, кои се движат од стареење на населението до високи стапки на прираст, и од урбанизација до појава на нови генерации млади. Некои од овие земји се справуваат со високи стапки на прираст, а други се соочуваат со толку ниски стапки што владите веќе бараат начини за зголемување на обемот на населението. Некои земји со кусок работна сила бараат мигранти за пополнување на работните места, додека други се потпираат врз дознаките што ги испраќаат граѓаните што работат во странство за да ги одржат на површина своите економии. И додека



*Извршниот директор на УНФПА, Бабатунде Осотимехин*

© Бред Хамилтон

некои земји привлекуваат повеќе луѓе кон новите мегаградови каде што има работни места во изобилство и трошокот на живот е висок, други се сведоци на бранови миграција од градските центри кон периурбаните области каде што трошокот на живот можеби е понизок, но основните услуги и работни места ги нема во доволен број.

Овој извештај нагласува дека со планирање и со вистински инвестиции во луѓето сега - за да се зајакнат да направат избор што не само што е добар за нив туку и за обичните луѓе од светот - нашиот свет од 7 милијарди може да има напредни, одржливи градови, продуктивна работна сила којашто може да поттикне економски раст, млада популација која придонесува за благосостојбата на економиите и општествата, и генерација постари луѓе кои се здрави и активно ангажирани во општествено-економските работи на својата заедница.

Во многу делови од земјите во развој, каде што растот на населението го надминува економскиот раст, потребата од услуги на репродуктивно здравје, особено планирање на семејството, останува голема. Постигнувањето стабилна популација е sine qua non за забрзан, планиран економски раст и развој. Владите кои сериозно се стремат кон искоренување на сиромаштијата треба да бидат сериозни и за обезбедување на услугите, средствата и информациите што им се потребни на жените за спроведување на нивните репродуктивни права.

Нашето рекордно население може на многу начини да се набљудува како успех за човештвото: луѓето живеат подолг, поздрав живот. Но, не секој има придобивка од ваквото достигнување или од повисокиот квалитет на живот, што го подразбира тоа. Постојат големи нееднаквости меѓу земјите и внатре во нив. Нееднаквости во правата и можностите постојат и меѓу мажите и жените, девојчињата и момчињата. Исцртувањето на патот кон развој што промовира еднаквост, наместо да ги влошува и да ги зацврстува нееднаквостите, е поважен од кога било досега.

Ние сите имаме удел во иднината на човештвото. Секој поединец, секоја влада, секоја фирма, се повеќе меѓусебно поврзани и меѓусебно зависни од кога и да е досега, па она што секој од нас го прави сега, ќе ни биде важно на сите понатаму во иднината. Заедно можеме да го промениме и да го подобриме светот.

**Ние сме 7 милијарди луѓе со 7 милијарди можности.**

Бабатунде Осотимехин
Извршен директор, УНФПА



ГЛАВА 1

# Поблизок поглед на нашиот свет од 7 милијарди

Камен-бележникот од 7 милијарди е обележан со постигнувања, пречки и парадокси. Иако жените во просек имаат помалку деца отколку во шеесеттите, нашиот број продолжува да расте. Глобално, луѓето се помлади, а постари од кога и да е порано. Во некои од најсиромашните земји високите стапки на прираст го попречуваат развојот и ја продолжуваат сиромаштијата, додека во некои од најбогатите земји ниските стапки на прираст и премалиот број луѓе кои влегуваат на пазарот на работна сила предизвикуваат загриженост за изгледите за одржлив економски раст и за одржливоста на системите за социјално осигурување. Иако недостигот на работна сила се заканува со отежнување на економијата во некои индустријализирани земји, невработените, идни мигранти во земјите во развој, сè потешко наидуваат на отворени државни граници и за нив и за нивната стручност што можеби имаат да ја понудат. И додека се прави напредок во намалувањето на екстремната сиромаштија, јазот меѓу богатите и сиромашните речиси насекаде се проширува.

*Состојба на светското население 2011* истражува некои од овие парадокси од перспектива на поединци и ги опишува пречките со кои тие се судираат - и ги надминуваат - во обидот да изградат подобар живот за себеси, за своите семејства, заедници и нации.

Преку лични приказни овој извештај фрла светлина врз предизвиците од вистинскиот живот со кои се соочуваме во нашиот свет од 7 милијарди. Тоа е главно извештај од теренот, од девет земји во коишто обичните луѓе што живеат таму, националните експерти кои ги проучуваат демографските трендови и креаторите на политиките кои мора да носат одлуки врз основа на локалните услови зборуваат директно за својот живот и работата: Кина, Египет, Етиопија, Финска, Индија, Мексико, Мозамбик, Нигерија и Поранешната Југословенска Република Македонија.

Заедно луѓето профилирани од овие земји формираат колаж од разновидни човечки искуства, желби и приоритети коишто ја илустрираат разновидноста во нашата светска популација и трендовите зад неа.

Од разговорите со луѓето кои живеат и работат во овие земји не е потребно многу време за да се открие дека ниедно популациско прашање сега не може да се гледа неповрзано со другите. На пример, животот на старите граѓани е универзално поврзан со трендовите меѓу младите. Во многу развиени земји и земји во развој помладите баратели на работа мигрираат од руралните области во градовите или во други земји каде што изгледите за вработување се подобри, често оставајќи ги постарите членови на семејството зад себе,

◀ *Пешаци во Мексико Сити*
© УНФПА/Рикардо Рамирез Ариола

понекогаш без поддршка што им е потребна за водење на секојдневниот живот. Во некои од побогатите земји помалиот број млади луѓе значи неизвесност за тоа кој ќе се грижи за старите во идните години и кој ќе плаќа за бенефициите што тие ги уживаат.

Секоја од земјите претставени во извештајот во своите специфични популациски трендови, како урбанизација, подолг животен век и рапидна експанзија на работоспособните популации, гледа не само големи предизвици туку и огромни можности да се зграпчат овие моменти и да се претворат во добри вести. Овие трендови понекогаш се замаглени во дискусиите за големината на населението, па, сепак, единствено кога детално ќе се испитаат, многу од непосредните предизвици и можности стануваат очигледни.

Провинцијата Шанци во Кина, на пример, бара начини да ги заштити и да ги поддржи сè поголемиот број постари луѓе. Во еден мегаград како Лагос, Нигерија, планерите се обидуваат повторно да ги заживеат месните заедници и да создадат покохезивни заедници, погодни за управување и за живеење. Во Мексико Сити парковите по мерка на луѓето, зелените простори покрај патиштата и поразвиениот јавен превоз се приоритети во потрагата

## ГОДИНИ КОГА СВЕТСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ДОСТИГНА ПОРАСТ ОД 1 МИЛИЈАРДА

Брзиот раст на светското население е скорешен феномен. Пред околу 2.000 години бројот на населението на светот изнесувало околу 300 милиони. Биле потребни повеќе од 1.600 години за светското население да се удвои на 600 милиони. Брзиот раст на светското население започна во 1950 година, со намалување на морталитетот во понеразвиените региони, резултирајќи во проценета популација од 6,1 милијарда во 2000 година, речиси два и пол пати поголема од популацијата во 1950 година. Со опаѓањето на наталитетот во поголемиот дел од светот глобалната стапка на пораст на населението се намалуваше од својот врв од 2,0 проценти во1965-1970 година.

*Извор: Оддел за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи*



да се направи урбаниот живот поздрав и поодржлив.

Нациите како оние што се во Поранешната Југословенска Република Македонија и Финска, каде што стапката на прираст е пониска, а раѓањето се случува подоцна отколку во повеќето други делови на светот, бараат начини да ги поддржат жените со повеќе деца. Нациите во Етиопија и Индија започнаа кампањи за ставање крај на детските бракови и за спречување на животнозагрозувачките адолесцентни бремености.

Градовите речиси насекаде растат. Со добро планирање и внимателни политики владите можат да воведат урбан раст што ја поттикнува економијата и создава работни места истовремено поефикасно користејќи ја енергијата и овозможувајќи социјални услуги за повеќе луѓе.

Луѓето под 25 години сочинуваат 43 проценти од светската популација. Кога младите можат да ги бараат своите права на здравство, образование и пристојни работни услови, тие стануваат моќна сила за економски развој и позитивна промена. Во сите земји во развој социолозите и креаторите на политиките сакаат да извлечат најмногу од големите млади популации заради надежта кај самите млади, како и интересите на економски раст и развој. Сепак, ваквата можност на „демографска дивиденда“ е краткотраен момент којшто треба бргу да се искористи или да се загуби.

Во најсиромашните земји екстремната сиромаштија, неизвесноста со храната, нееднаквоста, високите стапки на смртност и високите стапки на прираст се поврзани во магичен круг. Намалувањето на сиромаштијата со инвестирање во здравството и во образованието, особено за жените и девојчињата, може да го прекине ваквиот круг. Со подобрувањето на животните услови родителите можат да бидат посигурни дека повеќето нивни деца ќе преживеат. Тогаш многу од нив избираат да имаат помали семејства. Ова овозможува поголема инвестиција во здравствената заштита и во образованието на секое дете, подобрена продуктивност и подобра долгорочна перспектива и за семејството и за земјата.




### Славење на достигнувањата, планирање за иднината

Има многу за прославување во трендовите на светската популација во последниве 60 години, особено просечниот животен век, којшто скокна од околу 48 години на почетокот од педесеттите на околу 68 години во

првата деценија од новиот век. Смртноста кај новороденчињата се струполи од околу 133 смртни случаи на 1.000 раѓања во педесеттите на 46 на 1.000 во периодот од 2005 до 2010 година. Кампањите за имунизација ја намалија преваленцата на детските болести во светот.

Освен тоа, наталитетот, бројот на деца што се очекува жената да го има во своите репродуктивни години, опадна за повеќе од половина, од околу 6,0 на 2,5, делумно поради економскиот раст и развој на земјите, но и поради комплексната комбинација од општествени и културни сили и поради поголемиот пристап за жените до образование, поради можностите за заработка на приход и услуги на сексуално и репродуктивно здравје, вклучувајќи и модерни методи на контрацепција

Во некои региони вкупната стапка на наталитет драстично опадна меѓу 1950 година и денес. Во Централна Америка, на пример, вкупната стапка на наталитет беше околу 6,7 деца, а, пак, 61 година подоцна таа падна на 2,6, половина процентен поен над „нивото на замена" на популацијата од 2,1 дете, од кои едно е девојче. Во Источна Азија вкупната стапка на прираст во 1950 година беше околу 6 деца по жена, а денес е 1,6, многу под нивото на замена. Меѓутоа, во некои делови од Африка имаше умерен пад во вкупниот наталитет, којшто денес останува на повеќе од 5 деца по жена.

Но, и покрај глобалниот пад на наталитетот околу 80 милиони му се додаваат на светот секоја година, број горе-долу еквивалентен на населението на Германија или Етиопија. Значителниот раст на населението продолжува денес поради високиот број на раѓања во педесеттите и шеесеттите, којшто резултира во поголеми основни популации со милиони млади кои ги достигнуваат репродуктивните години над следните генерации.

Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи во својот *Перспективите на светското население: преглед за 2010 година* (објавен во мај 2011 година) предвидува светско население од 9,3 милијарди во 2050 година, зголемена број во однос на претходните проценки, и повеќе од 10 милијарди до крајот на овој век, а тоа сценарио претпоставува пониски стапки на наталитет со текот на времето. Со само мала варијација во наталитетот, особено во понаселените земји, вкупниот број би можело да биде повисок: 10,6 милијарди луѓе би можело да живеат на Земјата до 2050 година и повеќе од 15 милијарди во 2100 година, проценува Одделот за население. „Голем дел од ова зголемување се очекува да дојде од земјите со висок наталитет, коишто опфаќаат 39 во Африка, девет во Азија, шест во Океанија и четири во Латинска Америка", известуваат Обединетите нации.

Според Џон Кleланд од Лондонската

## КИНА И ИНДИЈА: МИЛИЈАРДЕРИ

Кина и Индија неодамна ги соопштија наодите од последните пописи овозможувајќи му на светот кус поглед на тоа како овие две џиновски популации повторно се усогласуваат во бројките и стапките на раст. Подолу се двете земји претставени со бројки со помош на официјалните бројки или проекциите на Обединетите нации.

Според проекциите на Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи во 2025 година Индија со 1,46 милијарди луѓе ќе го преземе водството на Кина со 1,39 милијарди како најнаселена нација во светот. Тогаш населението на Кина, врз основа на средна варијанса, ќе опадне на околу 1,3 милијарди до 2050 година. Индија ќе продолжи да расте до околу 1,7 милијарди до 2060 година пред да почне да опаѓа.

| | Кина | Индија |
|---|---|---|
| Вкупно население, 2011 година | 1,35 милијарди | 1.24 милијарди |
| Пораст 2001–2010 година | 69,7 милиони | 170,1 милион |
| Стапка на наталитет | 1,6 | 2,5 |
| Година во која населението веројатно ќе се стабилизира | 2025 | 2060 |

*Извор: Оддел за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи*

школа за хигиена и тропска медицина, меѓународен експерт за репродуктивни прашања во Африка, Супсахарска Африка е „еден преостанат регион во светот каде што се очекува населението да се удвои или да се утрои во следните 40 години“. Причината за растечкиот фокус на демографите врз регионот е јасна, вели тој: „Бегството од сиромаштијата и гладта е многу поотежнато со брзиот раст на популацијата.“.

„Јасно е дека живееме во извонреден период од човечката историја, ера на единствен раст на нашиот вид“, вели Стивен Синдинг, кој ги набљудувал трендовите на населението во текот на годините како директор на Канцеларијата за население на Американската агенција за меѓународен развој, професор за население и семејно здравје на Универзитетот Колумбија и генерален директор на Меѓународната федерација за планирано родителство.

## ПРОЦЕНЕТА И ПРОЕКТИРАНА ПОПУЛАЦИЈА ПО ГЛАВНА ОБЛАСТ, СРЕДНА ВАРИЈАНСА, 1950-2100 (МИЛИЈАРДИ)




Азија ќе остане најнаселена главна област во светот во текот на 21 век, но Африка ќе го освои теренот, бидејќи нејзиното население ќе стане повеќе од тројно, преминувајќи од 1 милијарда во 2011 година на 3,6 милијарди во 2100 година.

Во 2011 година 60 проценти од светското население живееја во Азија, а 15 проценти во Африка. Африканското население расте 2,3 проценти годишно, стапка повеќе од двојна во однос на онаа на азиското население (1 процент годишно). Населението на Африка за првпат надмина милијарда во 2009 година и се очекува да додаде уште една милијарда само по 35 години (до 2044 година), дури и

ако нејзиниот наталитет опадне од 4,6 деца по жена во 2005-2010 година на 3,0 деца по жена во 2040-2045 година.

Населението на Азија, кое во моментов е 4,2 милијарди, се очекува да го достигне врвот кон средината на столетието (се проектира да достигне 5,2 милијарди во 2052 година) и потоа да почне бавно да опаѓа.

Популациите на сите други главни области заедно (Америките, Европа и Океанија) изнесуваат 1,7 милијарди во 2011 година и се проектирани да пораснат до околу 2 милијарди во 2060 година, а потоа многу бавно да опаднат, сè уште останувајќи близу 2 милијарди до смената на векот. Помеѓу регионите населението на Европа се проектира да достигне врв околу 2025 година на 0,74 милијарди и потоа да опадне.

*Извор: Оддел за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи*

„Динамиката на раст претставува огромен предизвик за многу од најсиромашните земји, на кои им недостигаат ресурси не само да држат чекор со барањата за инфраструктура, основни здравствени и образовни услуги и можности за вработување на растечкиот број млади луѓе, туку и да се адаптираат на климатските промени.“

Стабилизирањето на растот на населението, особено во најсиромашните земји, изискува подобар и поуниверзален пристап до услугите на репродуктивно здравје, конкретно, до планирањето на семејството, во тие земји. Ваквите услуги мора да се засноваат врз човековите права, да ги зајакнат и да вклучат сексуално образование за младите, а особено за адолесцентните девојки.

Хозе Анхел Агилар Гил, директорот на Демократија и сексуалност (Democracia y Sexualidad, A.C.), мексиканска невладина организација која промовира сексуално и репродуктивно здравје и права, вели дека адолесцентните и младите жени „имаат право на пристап до интегрирано сексуално образование како дел од поширокото човеково право: правото на образование”.

Габриела Ривера, програмски соработник во канцеларијата на УНФПА во Мексико Сити, вели дека постојат „сеопфатни докази“ за придобивките од сексуалното образование врз основа на правата. Успешните програми, вели таа, обезбедуваат навремени, доволни и научни информации, скроени според потребите на секоја старосна група. „Студиите за евалвација покажаа дека сексуалното образование влијае врз одлагањето на првиот сексуален однос за подоцнежна возраст, врз зголемувањето на употребата на контрацептивни методи и кондоми, и врз намалувањето на нивото на насилство врз младите девојки“, вели таа. „Горенаведеново подразбира намалување на предвремените и несакани бремености и опаѓање на ХИВ/СИДА.“



*Габриела Ривера, соработничка на Националната програма за сексуално и репродуктивно здравје на младите и на ранливите популации, УНФПА, Мексико*

© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола

## 7 милијарди: тука се работи за луѓе

Иако поголемиот дел од светот несомнено ќе се фокусира на бројките на 31 октомври, денот кога демографите проценуваат дека светското население ќе достигне 7 милијарди, овој извештај се фокусира врз поединците и аналитичарите кои ги проучуваат трендовите што влијаат врз секојдневниот живот на луѓето. Тој ги разгледува одлуките што ги носат поединците - или што би сакале да ги донесат, доколку имаат можност.

На Меѓународната конференција за население и развој во 1994 година нациите се согласија дека напредокот во третирањето на популациските прашања може подобро да се постигне преку јакнење на жените и девојките во нивното учество во општеството и економијата на еднаква основа со мажите и момчињата и во носење фундаментални одлуки за својот живот, вклучувајќи и одлуки за времето и распоредувањето на бременостите и породувањата. До времето кога делегациите во Каиро ја



◀ *Амсалу Буке (лево) и помошничката*
© УНФПА / Антонио Фјоренте

издадоа својата историска Програма за акција, богати истражувања и искуства од многу земји веќе имаа документирано дека кога жените имаат еднакви права и можности во своето општество и кога девојките се образовани и здрави, стапките на наталитет паѓаат. Програмата за акција, исто така, јасно предочи дека јакнењето на жените не е едноставно цел сама по себе, туку и чекор кон искоренување на сиромаштијата.

Состојба на светското население 2011 започнува со земање примерок од младата популација и разгледува што значи нејзиниот растечки тренд во различни околности. Поглавјата што следат потоа го истражуваат стареењето на населението, миграцијата, меѓусебниот однос на шаблоните на наталитет, службите за репродуктивно здравје, родот и правата на жените и девојките, управувањето со огромните урбани области и еколошките напори.

Во овој извештај, промислени, визионерски поединци низ целиот свет зборуваат за предизвиците и можностите што ги имаат во обликувањето на своите општества и за глобалното население во овој век и понатаму. Многу од нив се млади и свесни за демографскиот факт дека тие ќе го проектираат светот во 21 век.

## НАСЕЛЕНИЕТО И СИРОМАШТИЈАТА

### изводоци од Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој

…Упорната широко распространета сиромаштија, како и сериозните социјални и родови нееднаквости имаат значително влијание и за возврат се под влијание на демографските параметри како што се растот, структурата и дистрибуцијата на населението… Напорите за забавување на растот на населението, намалувањето на сиромаштијата, постигнувањето економски напредок, подобрувањето на заштитата на животната средина и за намалување на неодржливите шаблони на потрошувачка и производство меѓусебно јакнат… Искоренувањето на сиромаштијата ќе придонесе за забавување на растот на населението и за постигнување негова рана стабилизација.



ГЛАВА 2

# Младите: нова глобална сила што го преобликува светот

Етел Фири, дваесет и двегодишна врсничка едукаторка во Асоцијацијата за планирање на семејството на Мозамбик, АМОДЕФА, една од невладините организации кои ја спроведуваат на терен програмата за млади Геракао биз (Geração Biz) во земјата, води *bancadas femininas,* групи за дискусија во училиштата, пазарите или на други места во заедниците околу Мапуто за поддршка на младите со прашања од сексуалното и репродуктивното здравје и за превенција на ХИВ, и ги учи за женските права. Нејзините групи „многу зборуваат за доминацијата на мажите врз жените“, вели таа. „Жените немаат глас во домот. Тие сакаат да ја променат културата и сакаат Владата да обрне повеќе внимание на нивните прашања“, вели Фири.

Младите во Кина наоѓаат начини да дознаат за економските можности што лежат пред нив и се обидуваат да се позиционираат за да се квалификуваат за нив. Младите кинески работници-мигранти во Цијан, во провинцијата Шанци, ги опишаа своите работи на пазаришните тезги и во фабриките како начин да заштедат пари за да се вратат дома и да отворат своја фирма. Хан Кијан, која има 21 година, прво студирала медицина, потоа се префрлила на фармација и добила работа со тестирање лекови. Бидејќи ѝ било здодевно, се воодушевила од пазарот за чаеви во близина и ја штеди својата заработка за да собере доволно капитал и да отвори продавница за чаеви.

Во изолираното етиопско село Таре Амсалу Буке, со кутија медицински средства на ремен префрлен преку рамото, е навистина револуционер за жените кои живеат во овој регион без доктори или патишта. Пешачејќи преку сушните полиња од селце до селце, Амсалу, со само 20 години, им го приближува планирањето на семејството на жените кои толку нетрпеливо чекаат помош, што ја спопаѓаат при нејзините посети, молејќи ја дискретно за контрацептивни средства.

Во Скопје, главниот град на Поранешната Југословенска Република Македонија, група млади жени разговараа за претприемничките можности што ги зграпчија во транзициската економија за да се позиционираат за успех во нови дејности и услуги. Неколку од нив живееле во странство и стекнале квалификации и самодоверба, како што прават многу млади мигранти, без оглед дали патуваат на работа надвор од границите или во градовите на сопствената земја. Една од новите претприемнички во Скопје, Марина Анчевска, се вратила од работа во Холандија за да се етаблира како личен и деловен советник, со часови по јога како специјалност. Таа сака да ја смени атмосферата на канцелариите и чекалниците додека поранешната социјалистичката земја апелира за странски инвестиции и кај меѓународните економски партнери да ѝ помогнат да се развие.

*Рикардо Морено и Сара Гонзалез во Мексико Сити. Двојката, којашто е свршена, заеднички одлучи да почека додека таа да го заврши образованието и да се вработи пред да се венчаат и да имаат деца.*
© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола

Во Нигерија, Фаузија Абдулахи, жителка на огромниот град Лагос, е организаторка на урбаната кампања која регистрираше млади луѓе да гласаат на неодамнешните национални избори во најнаселената африканска земја, каде што 70 проценти од населението се под 35-годишна возраст. Нејзината кампања - Баучот - глас, инспирирана од телевизиската емисија за млади наречена *Училишниот бауч,* промовира политичка дебата и вклучување под слоганот „Младите преговараат за иднината со своите гласови“.

Во Мексико производството на храна и услужните дејности се гледаат како добра перспектива за кариера. Шеснаесеттодишниот Лео Ромеро, паузирајќи за да зборува среде вревата од скејтбордери и велосипедисти што фучат по рампите изградени за нив под градскиот надвозник, рече дека неговата цел е да студира во институт за кулинарски вештини за кариера во гастрономијата. Хонорарен музичар, кој заработува пари работејќи со салса-бенд, Ромеро вели дека им кажува на пријателите да се школуваат и да не се женат додека не добијат добра работа.

*Младински мобилизатор, Пауција Абдулахи, во Лагос, Нигерија*
© УНФПА / Акинтунде Акинлеје



И во Индија многу илјадници млади факултетски дипломци ѝ се приклучија на глобалната економија преку работа во кол-центри надевајќи се дека со тоа ќе го направат првиот чекор кон напредна технолошка кариера.

Сите овие се млади луѓе со надеж, амбиција и посветеност за подобрување на својот живот и животот на своите врсници, соседи, заедници и земји. Меѓутоа, нивниот успех ќе зависи од нивната способност да ги искористат образовно-економските можности кога ќе се појават и да ги надминат пречките за своето сексуално и репродуктивно здравје и права.

## Повеќе млади, поголем потенцијал

Иако луѓето од 24 години или помлади сочинуваат речиси половина од светската популација од 7 милијарди (со 1,2 милијарди на возраст помеѓу 10 и 19 години), нивниот процент од популацијата во некои големи земји во развој е веќе на својот врв, според Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи во *Перспективите на светското население: преглед за 2010 година.* Всушност, процентот на млади луѓе на возраст од 10 до 24 години, според класификациите на Обединетите нации, започнал да опаѓа на многу места, не само во развиените индустриски држави, туку и во земјите со среден приход. Во Мексико, каде што наталитетот значително се намали во последниве децении, популациската „пирамида“ на земјата постојано се стеснува на дното, со групата од 0 до 14 години намалена од 38,6 проценти од вкупниот национален број во 1990 година на 34,1 процент во 2000 година, а потоа на 29,3 проценти во 2010 година. Средната возраст на земјата последователно порасна од 19 на 26 години за две децении. Врвот се движи нагоре кон средовечност, а пирамидата се преобликува.

Статистиките како овие покажуваат дека во земјите со среден приход и во некои земји со низок приход кои рапидно се развиваат, годините во кои може да се смета на голема, млада работоспособна популација за поттикнување на развојот може бргу да поминат, па владите и приватниот сектор треба да дејствуваат експедитивно за да ги подготват младите за продуктивни улоги и да создадат работни места за нив на почетокот на нивниот работен век.

Во Супсахарска Африка, каде што стапките на економски раст остануваат релативно високи, во *Економскиот извештај за Африка во 2011 година* од Економската комисија за Африка на Обединетите нации и од Африканската унија владите беа предупредени дека ваквите резултати не се претвораат во потребните работни места. Извештајот повика на поефективна владина интервенција за креирање политики и програми за создавање вработувања.

Во Скопје социологот Антоанела Петковска од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е загрижена од деморализирачкиот ефект врз младите кога вредно студираат без многу надеж за задоволителна кариера. „Младите се многу песимистични за својата иднина, особено поради високата стапка на невработеност“, рече таа. „Тие немаат можности, па главно се борат за дипломи, а не за знаење.“ Таа гледа кон владата за повеќе помош при интегрирањето на младите во пошироката европска интелектуална заедница заради проширување на своето образование, и сака владата да го унапреди високообразовниот систем на земјата, вклучувајќи научни истражувања заради овозможување размена меѓу универзитетите. „Понекогаш ми е многу, многу жал за моите студенти, затоа што тие се умни млади луѓе и треба само да бидат поддржани во некои од своите потреби“, вели таа. „Навистина имаме многу големи можности.“

Економско-социјалните случувања што влијаат врз младите во Индија, со 1,2 милијарди луѓе, се од особен интерес за многу демографи, затоа што земјата е на пат да ѝ го преземе водството на Кина, сега со околу 1,3 милијарди, како најнаселена нација во светот до 2025 година, а нејзината големина ќе влијае врз глобалниот профил на населението.

Во Индија, каде што стапката на наталитет со 2,5 деца по жена сè уште е доста над нивото на замена од 2,1, има повеќе од 600 милиони луѓе од 24 години или помлади.

*„Може да му кажеш НЕ на сексот, но никогаш на кондомите!“, се вели во брошурата претставена од Етел Фири, активистка во АМОДЕФА, во Мапуто, Мозамбик*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира






*Млади Египќани близу до каирскиот плоштад Тахир*
© УНФПА / Метју Касел

Индиските владини функционери изразија увереност дека оваа голема група млади и деца ќе биде добра за економијата во годините што доаѓаат. Меѓутоа, демографите и социолозите се скептични и се прашуваат колку млади ќе бидат подготвени да водат продуктивен живот во сè посложената и пософистицирана економија кога повеќе од 48 проценти од индиските деца се потхранети, само 66 проценти завршуваат основно училиште, а половина или помалку посетуваат средно училиште, според *Состојба на децата од светот во 2011 година на УНИЦЕФ.*

Ц. Чандрамули, генерален матичар и комесар за попис на Индија, расправа дека сè уште има време да се биде оптимистичен за индустрискиот раст, затоа што големата работоспособна млада популација на Индија има потенцијал да ја храни економијата со децении. Економистите надвор од Индија ги гледаат овој фактор и демократскиот политички систем способен за исправки на политиките како индикатори дека силниот економски раст на Индија ќе продолжи. Но, Чандрамули додава предупредување. „Сега прашањето е како „купот млади" да се реши", коментира тој. „Какви вештини да им дадете? Како да ги претворите во средства?"

## Влегување во работната сила кога работните места се ретки

Сигурни работни места што нудат пристојна плата денес се нудат многу малку речиси насекаде, а особено за младите.

Меѓународната организација на трудот, МОТ, во 2010 година извести дека 81 милион од 620 милиони економски активни млади од 15 до 24 години во целиот свет, или 13 проценти од таа старосна група, биле невработени претходната година, во голема мера поради светската финансиско-економска криза.

На врвот на економската криза глобалната стапка на невработеност кај младите го доживеа своето најголемо годишно покачување во историјата - од 11,9 проценти на 13,0 проценти меѓу 2007 и 2009 година.

Младите жени имаа повеќе тешкотии да најдат работа отколку младите мажи, додава МОТ. Стапката на невработеност кај женската младина во 2009 година остана на 13,2 проценти во споредба со стапката кај мажите од 12,9 проценти. Ситуацијата е особено „страшна" во арапските држави и „може само да се влоши, бидејќи економската криза ги затвора дури и малкуте врати отворени за оние кои сакаат да остварат некаков приход и сатисфакција преку вработување", изјавува МОТ и додава дека постои „огромна загуба на продуктивниот потенцијал на младите жени".

Дури и во најдобрите економски услови општо гледано младите жени имаат повеќе тешкотии да најдат работа отколку младите мажи. И кога ќе ја најдат, таа често е пониско платена и се наоѓа во неформалната економија, каде што не постојат сигурност на работното место или социјални бенефиции.

Невработеноста кај младината и ситуациите во кои младите едноставно се откажуваат да бараат работа „причинуваат трошоци за економијата, општеството, поединецот и неговото семејство",

предупредува МОТ, додавајќи „постои потврдена поврзаност меѓу невработеноста на младите и социјалната исклученост“. Некои млади кои не можат да заработуваат сопствен приход мора да бидат финансиски издржувани од своите семејства, со што се остава помалку за трошење и за инвестиции во домаќинството. Општествата ги губат своите инвестиции во образованието. Владите испуштаат придонеси кон системите за социјално осигурување. „Сето ова е закана за растот и развојниот потенцијал на економиите“, вели МОТ. Создавањето доходовни можности е императив, бидејќи младите луѓе не се само генератори на идеи и иновации, туку се и „двигатели на економскиот развој“ во земјата. „Откажувањето од овој потенцијал е економска загуба.“

Во 2011 година, сред уличните револуции на арапските земји, МОТ, исто така, сугерираше дека стапката на невработеност на младите од 23,4 во арапскиот свет беше главен фактор кој придонесе да се јават востанијата.

„Тешко е да се биде млад човек во Мозамбик“, вели Руи Педро Коса, 24-годишен студент по географија на Универзитетот „Едуардо Мондлејн“ во Мапуто. „Обично во младоста треба да стекнете искуство за во иднина“, вели тој. „Но, овде имате повеќе проблеми отколку можности. Нема начин да се надминат пречките.“

Една колешката на Коса, Фернанда Паола Манхике, се согласува, додавајќи дека изгледите за вработување на младите се „тешки“.

Колку и да е тешко сега за Коса и Манхике да најдат работа во својата струка, ситуацијата веројатно ќе биде и потешка за барателите на работа без високо образование во наредните години.

Младите се обидуваат да преземат водство во проширување на можностите во многу места. Во Нигерија во 2008 година за младите беше создадена формална улога со основањето на Националниот младински парламент, што го обмисли федералната влада за преку учество да поучува за тоа како се пишуваат законите, како се планираат буџетите и како се изработуваат политиките. Со повеќе од 100 членови Младинскиот парламент, којшто се состанува во главниот град Абуџа, во салите на Нигериското национално собрание, има задача да донесува советодавни резолуции за разгледување на Владата. Во својата прва година тој предложи неколку мерки коишто оттогаш беа усвоени на ниво на федералната влада, меѓу кои и националниот план за младинско вработување.




*Фернанда Манхике, студент по географија на Универзитетот „Едуардо Мондлејн“ во Мапуто, Мозамбик*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

Олалекан Азиз Игинла, државниот координатор на Националната младинска мрежа за ХИВ-СИДА, население и развој на Лагос, веќе работи на прашањето на вработување. Тој вели дека до неодамна младите луѓе немале значаен придонес во креирањето политики и владеењето. Тој води именик на квалификувана младина која „сака да помогне во планирање на иднината од којашто ќе биде дел“. Неговата цел е да побара од гувернерот на Лагос, државниот како и градскиот, да најде или да создаде работни места за речиси милион квалификувани млади луѓе.

## СТАПКА НА УЧЕСТВО НА МЛАДАТА РАБОТНА СИЛА, ПО РЕГИОН И ПОЛ, 2010

Стапките на учество во работната сила за младите жени се пониски отколку за младите мажи во сите региони освен во Источна Азија, главно одразувајќи ги различните културни традиции и недостигот на можности жените да ги комбинираат работните и семејните обврски не само во земјите во развој туку и во индустријализираните земји. Во многу региони родовиот јаз во стапките на младинско учество се намали во последнава деценија, но тој останува голем во Јужна Азија, на Блискиот Исток и во Северна Африка. Во последниов регион стапката на женско учество се намали побрзо од стапката на машко учество, а на тој начин зголемувајќи го родовиот јаз.

| | Вкупно % | Мажи % | Жени % |
|---|---|---|---|
| **Свет** | 50.9 | 58.9 | 42.4 |
| **Развиени економии и Европската унија** | 50.2 | 52.6 | 47.7 |
| **Централна и Југоисточна Европа (не од Европската унија) и Заедницата на независни држави** | 41.7 | 47.7 | 35.5 |
| **Источна Азија** | 59.2 | 57.0 | 61.6 |
| **Југоисточна Азија и Пацификот** | 51.3 | 59.1 | 43.3 |
| **Јужна Азија** | 46.5 | 64.3 | 27.3 |
| **Латинска Америка и Карибите** | 52.1 | 61.3 | 42.7 |
| **Блиски Исток** | 36.3 | 50.3 | 21.5 |
| **Северна Африка** | 37.9 | 52.5 | 22.9 |
| **Супсахарска Африка** | 57.5 | 62.7 | 52.2 |

*Извор: Глобални трендови на вработување за младите. Меѓународна организација трудот*

### Многу млади имаат помали семејства

Денешните млади жени и мажи, голем број од нив сè уште адолесценти во најнеразвиените земји, бараат подобро образование, добра здравствена заштита и конечно, работа за да се издржуваат себеси и своите семејства. Во многу земји на светскиот север младите жени и мажи склучуваат брак подоцна и имаат помалку деца, а истиот тренд се појавува, иако бавно, и во многу држави во развој. Трендот е поврзан не само со подобреното образование и вработеноста, туку и со непречениот пристап до репродуктивно здравје, вклучувајќи и контрацептивни средства.

Во Етиопија, нископриходна земја со 39 проценти од своите 82,9 милиони луѓе кои живеат под меѓународната линија на сиромаштија од 1,25 долари дневно, според Светска банка, тешкотиите, а не растечките очекувања и подобриот животен стандард можат да бидат главниот фактор при мотивирање на младите жени и мажи во градовите кога го прават изборот во врска со семејството. Асефа Хајлемаријам, поранешен директор на Центарот за популациски студии и истражувања на Институтот за развојни студии при Универзитетот во Адис Абеба, вели дека младите урбани жители многу бргу ги намалуваат стапките на наталитет поради економски причини.

„Урбаниот живот е изискатеклен“, коментира Хајлемаријам. „Не можете да



*Младински мобилизатор, Олалекан Азиз-Игинла зборува за време на интервјуто во канцеларијата на УНФПА во Лагос, Нигерија*
© УНФПА / Акинтунде Акинлеје

сметате на роднините да ви ги чуваат децата. Не може да ги имате премногу - да ги подигате и да се грижите за нив. Исто така, младите имаат пристап до комуникации [медиуми], па се свесни дека ако имаат помал број деца, тоа ќе биде подобро за нивната иднина - ќе можат да ги образуваат, да им купат облека и така натаму."

На национално ниво стапката на наталитет за Етиопија беше 3,8 за периодот 2010-2015 година. Во Адис Абеба, главниот град, вели Хајлемаријам, стапката падна под 1,5. „Во 2000 година таа беше 1,9 или така нешто; сега очекуваме да биде многу пониска", вели тој. „Ова не мора неопходно да биде поради употребата на контрацепција, иако и таа одигра улога, туку поради бројните развојни прашања - повисока возраст на склучување брак во Адис, подобрување на образованието, здравството, пристапот до контрацепција."

## Промовирање подоцен брак

Многу млада и самата, Амсалу Буке, која го приближува планирањето на семејството до далечните етиопски заедници, каде што пристапот е ограничен, стана мудар набљудувач на животот на девојките во тинејџерските години и помлади. Во четирите години на работното место во селото Таре, вели таа, видела дека детските бракови опаѓаат. „Порано 13 и 14-годишните девојчиња се мажеа", вели таа. „Сега, поради заговарањето на локалните женски организации, практиката исчезнува."

## ЕКОНОМСКИ ПРИЧИНИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО МЛАДИТЕ

Адолесценцијата е важно време за стекнување вештини, здравје, социјални мрежи и други атрибути што го формираат социјалниот капитал потребен за исполнет живот. Фактот што човечкиот капитал оформен во текот на адолесценцијата и во младоста е, исто така, важна детерминанта на долгорочниот раст, претставува цврст макроекономски аргумент за поддршка на поголемото инвестирање во младите.

Општествените инвестиции во образованието, здравјето и вработувањето на младите може да им овозможат на земјите да изградат цврста економска основа, на тој начин пресвртувајќи ја меѓугенерациската сиромаштија. Подобрувањето на капацитетот кај младите може да донесе поголем поврат во текот на нивниот економски активен живот.

Младите, исто така, се огромен ресурс за краткорочен раст. Да ви седат младите со скрстени раце е скапо при однапред решен излез… Загубата на приход меѓу помладата генерација се претвора во недостиг на заштеди, како и во загуба во вкупната побарувачка.—извадок од *Причини за инвестирање во младите како дел од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата.* УНФПА, 2010.



*Амсалу Буке и помошничката го почнуваат своето патување за да го приближат планирањето на семејството до оддалечените етиопски заедници*
© УНФПА / Антонио Фјоренте

Етиопија, земја каде што половина од девојките се омажени до 18 години, е една од неколкуте земји каде што детските бракови - кои ефективно им ставаат крај на шансите на девојката за образование и може да ѝ го уништат животот или рано да ѝ го завршат - се во опаѓање, според УНФПА и Упатното биро за население, независна истражувачка организација во Соединетите Држави. Но, во регионот Амхара и во некои други делови од Етиопија практиката останува тврдоглав проблем и продолжува да ги лишува девојките и младите жени од нивните права, од образованието и од здравството.

Од десетте земји со највисоки стапки на детски бракови, според истражувањето на Упатното биро за население во 2011 година, *Кој зборува за мене? Ставање крај на детските бракови,* осум се во Африка, а Нигер е на врвот со три четвртини од девојчињата омажени пред да наполнат 18 години. Другите две земји надвор од тој регион се Непал, каде што 7 проценти од девојчињата се омажени до десеттата, а 40 проценти до петнаесеттата година, и Бангладеш. Неколку држави во Индија, исто така, високо рангираат во однос на детските бракови. Во Индија, Центарот за едукација, обука и свест за исхраната, невладина организација со седиште во државата Гуџарат, се бори против широко распространетата анемија меѓу девојчињата, којашто ги слабее и придонесува за околу 6.000 смртни случаи кај адолесцентните бремености годишно, многу од нив поради предвремен брак, според еден скорешен извештај од Свапна Маџумдар на „е-Вести на жените“.

„Детските бракови ја подриваат речиси секоја Милениумска развојна цел; тие се пречка за искоренување на сиромаштијата, постигнување универзално основно образование, промовирање родова еднаквост, подобрување на мајчиното и детското здравје и намалување на ХИВ и СИДА“, вели истражувањето на Упатното биро за насе-

ление. Тоа додава дека затоа што младите девојки често се мажат за постари мажи коишто имале бројни сексуални партнери, нивните изгледи за зараза со ХИВ се поголеми отколку кај немажените сексуално активни девојки.

Присилување на детето на брак од која било причина е повреда на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и Конвенцијата за правата на детето. Родовата нееднаквост е основната причина за детските бракови, вели родовиот експерт на УНФПА Гејл Нелсон. „И без третирање на ова прашање ќе биде невозможно да се искорени ваквата или некоја друга дискриминаторска штетна практика.“

Во Мозамбик рамнотежата на моќта во односот во корист на мажот дури уште повеќе е потенцирана со предвремениот брак, кој, исто така, ѝ го одзема правото на младата девојка сама да ја одреди својата репродуктивна судбина и често резултира во предвремени и бројни бремености. Моќта за одлучување на младата жена може дополнително да се разводни во полигамната средина, во која е вклучена речиси една жена на секои четири мозамбички жени.

Според една студија на мозамбичкиот Национален институт за статистика повеќе од половината жени на возраст меѓу 20 и 49 години велат дека биле мажени пред да наполнат 18 години, а една од секои пет вели дека била мажена пред да наполни 15 години. Во Мозамбик, како во многу други земји, предвремениот брак е повообичаен меѓу девојки со мало или без никакво формално образование.

## ЗЕМЈИТЕ СО ВИСОКИ АДОЛЕСЦЕНТНИ СТАПКИ НА ПРИРАСТ СЕ КОНЦЕНТРИРАНИ ВО СУПСАХАРСКА АФРИКА, ЛАТИНСКА АМЕРИКА И КАРИБИТЕ




Адолесцентни стапки на прираст според земја, најнови проценки (Број на раѓања на 1.000 жени на возраст 15-19

*Извор: Оддел за население при Одделението за економско-социјални работи на Обединетите нации*

Употребените ознаки не имплицираат изразување на какво било мислење од страна на УНФПА во врска со правниот статус на која било земја, територија или област, или на нејзините власти или демаркација на границите. Линијата со точки ја претставува приближно Линијата на контрола во Џаму и Кашмир договорена од Индија и Пакистан. Конечниот статус на Џаму и Кашмир сè уште не е договорен од страните.

Владата на Мозамбик го забрани бракот пред возраст од 16 години, а од 2004 година, кога стапи на сила новиот Закон за семејство, детето не смее да стапи во брак пред да наполни 18 години без родителска согласност, којашто често ја даваат татковците што се нетрпеливи да ги омажат ќерките колку што е можно порано. Згора на тоа, Законот тешко се спроведува, особено во оддалечените краишта. А, и Законот не може ништо да стори за да ги спречи девојките да влезат во вонбрачен однос. Околу две од пет жени, кои се мажени или во партнерство, се во врска со мажи кои се 10 или повеќе години постари од нив.

Извештајот од УНФПА и Советот за население во 2003 година ја опишуваат „демографската последица“ од детскиот брак: мало растојание меѓу генерациите и растот на населението. „Младата возраст на невестата, често комбинирана со постарата возраст на нејзиниот партнер, ги интензивира разликите на моќта во односот“, се наведува во извештајот. „Нејзината млада возраст е показател за релативно ниското ниво на образование. Нејзиното незнаење и немање вештини можат да ја направат позависна од голем број деца заради сигурност во бракот, но и заради долгорочна социјална сигурност.“



*Амсалу Буке посетува оддалечена заедница во Етиопија*
© УНФПА / Антонио Фјоренте

## Интегрирани услуги насочени кон младите од младите

Во Етиопија, каде што средната возраст е 18,7 години, а половина од населението е на возраст помеѓу 15 и 29 години, младите се видливи насекаде, помагајќи да се водат разновидни програми за млади. Во Адис Абеба има 56 младински клубови или центри, а уште други 50 се во изградба, со низа владини програми, меѓу другите, поддржани од УНФПА и УНИЦЕФ. Во еден разработен младински клуб Давит Јитагешу од Канцеларијата за превенција и контрола на ХИВ/СИДА во Адис Абеба набројуваше услуги што младите можат да ги најдат во ваквите центри, вклучувајќи тестирање на ХИВ и советување, услуги на репродуктивно здравје, програми за живот и деловна обука, помош при кредитирање и штедење, а најмалку во еден голем центар, добро опремена библиотека, преполна со млади кои читаат во тишина, далеку од домот каде што учењето е тешко..

Момчињата доминираат во младинските клубови и во огромна мера ги надминуваат девојчињата во центарските активности, па програмите се осмислуваат за да привлечат девојчиња, вклучувајќи ги и домашните работнички кои изолирани и долги часови затворени на работните места во домовите на други луѓе ретко имаат време да побараат помош и совет. Младинските центри ги привлекуваат на предавања за животни вештини и групи за дискусија.

Не постои младински центар таму каде што Амсалу Буке, патувачката етиопска здравствена работничка, ги прави своите посети близу до Дебре Цеиге, југоисточно од главниот град. Но, нејзиното весело, младешко присуство ја прави приемчива за младите жени со прашања за репродуктивното здравје, како и за постарите кои бараат контрацептивни средства или за кого било што треба да излечи вознемирен стомак, дијареа или главоболка. Таа ги вакцинира селаните, студиозно водејќи евиденција на својата домашно изработена табла за секоја вакцина што ја дала за да превенира менингитис, тетанус, полио и туберкулоза.

Во здравствениот пункт Таре Гиоргис, базата на Амсалу, нема вода за пиење ниту струја. Вакцините се чуваат во мал фрижидер што се напојува од генератор, а бил доделен од УНИЦЕФ, во една трошна соба од амбулантата со три соби изградена од кал и слама. Главната соба има место само за едно биро и неколку стола. До неа е родилната соба, толку голема колку да собере маса за прегледи опремена за породувања и странична масичка за кадички и основни медицински инструменти. Амсалу породува деца и дома, до селата стасува пеш, на коњ или на магаре - освен ако нема доволно среќа да стопира некое возило што минува кога таа стасува до патот.

Амсалу Буке е една од повеќе од 37.000 теренски здравствени работници распоредени низ земјата во последниве години, според Фисеха Меконен, извршен директор на Асоцијацијата за насочување на семејството на Етиопија, којашто работи со Владата за подобрување на здравството и проширување на пристапот до планирање на семејството во руралните области, како и до службите за нега во градовите. Корпусот од теренски здравствени работници, од кои многумина се многу млади, се набљудува како основен модел за другите земји во развој со слаба здравствена заштита; тоа е и модел за давање на младите луѓе улога и удел во националните програми што се важни за секого, без оглед на возраста.

Во некои пунктови за примарна здравствена заштита, вели Фисеха, се инсталираат ДВД-плеери на соларна енергија, со видеоснимки на коишто се прикажани разни прашања од здравјето, исхраната и животниот стил. „Намерата е ДВД-апаратите да работат кога доаѓаат пациентите“, вели тој. „Заедницата го поседува системот, а граѓанскиот сектор има привилегија да го користи.“ ДВД-плеер сè уште не дошол до нејзиниот здравствен пункт во Дебре Цеиге, но Амсалу на видно место на своето биро ставила цртеж од жена што добива инјектирачка контрацепција, нашироко барана метода на контрацепција во Супсахарска Африка.

**„Младата возраст на невестата, често пати во комбинација со постарата возраст на партнерот, ја продлабочува разликата во моќта на партнерите во врската“.**

Амсалу, која има млада помошничка за да ѝ помага да води евиденција и да ги врши посетите на селата, има само средношколско образование и една година обука за примарна здравствена заштита, вклучувајќи и потребни упатства за станување бабица. Нејзиниот месечен нето-приход изнесува 570 етиопски бири (околу 34 УСД).

Фисеха вели дека постојат планови за усовршување на образованието и обуката на теренските здравствени работници, барем до ниво на професионални болничари. Во меѓувреме, вели тој „Чувствуваме дека даваат сè од себе на нивното ниво“. Тие знаат кога е потребна поголема стручна помош и се очекува да ги испратат пациентите

в болница на првите знаци на сериозна болест. Амсалу, која е одговорна за својот здравствен пункт четири години, има среќа што има болница на помалку од 5 милји во најблискиот град, но тоа може да изгледа многу далеку кога нема амбулантно возило или барем некакво такси да се повика во итен случај.

Денес речиси половина од населението на Мозамбик има 24 години или е помладо.

Младите имаат потенцијал да внесат позитивна промена во секоја земја и да придонесат за витална економија, но во Мозамбик младината почесто се наоѓа „меѓу најтешко погодените“ од проблематичните економски, образовни и здравствени услови, вели Емидио Себастијао Куна, вработен во УНФПА - Мозамбик, којшто ја надгледува Геракао биз (Geração Biz) (‘вредна генерација’ на португалски), владина програма што има цел да ја намали инциденцата на предвремена бременост и да превенира ХИВ и други сексуално преносливи зарази меѓу адолесцентите. Три министерства и национални невладини организации ја спроведуваат програмата, со техничка поддршка од Патфиндер интернационал (Pathfinder International) и УНФПА, што, исто така, обезбедува финансиска поддршка заедно со Данска, Норвешка и Шведска.

Преку Геракао биз министерствата за здравство, образование, и млади и спорт, заеднички обезбедуваат услуги од сексуално и репродуктивно здравје по мерка на младите, училишни информативни кампањи за контрацепција и превенција на ХИВ и информации во заедницата за допирање до младите кои не се на училиште.

Потребата за услуги насочени кон младите стана акутна по граѓанската војна во земјата, кога илјадници невработени млади луѓе надојдоа во градовите барајќи можности за заработка за живот. Но, работните места беа ретки поради ослабнатата економија, а социјалните служби не можеа да држат чекор со побарувачката за нивните услуги. Еден од резултатите на овој бран на миграција село-град беше големиот број сексуално активни млади луѓе со мал или никаков пристап до информации за секс, бременост или за ризик од сексуално преносливи зарази.

„Традиционално, табу е да се зборува за сексуалното здравје со адолесцентите“, вели Жулијао Мацинхе, советник на УНФПА во Мозамбик. „Во ниедна друга област недостигот на информации за сексуалното и репродуктивно здравје не се покажа толку катастрофален колку во контекст на ХИВ/СИДА.“ ХИВ денес погодува 11,5 проценти од населението на возраст помеѓу 15 и 49 години.

Преку мрежа од 5.000 врснички советници Геракао биз ги надминува табуата, прекинувајќи ја тишината и обезбедувајќи неосудувачки доверливи информации и услуги за младината на Мозамбик.



▼ *Естер Кабеле, сестра во АМОДЕФА, во Мапуто, Мозамбик*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

Јоланда, 24 години, дојде во канцеларијата во Мапуто на Асоцијацијата за планирање на семејството на Мозамбик - АМОДЕФА - за преглед при нејзината прва бременост. АМОДЕФА е една од невладините организации што ја спроведуваат програмата на Геракао биз и обезбедува бесплатни услуги за сите на 24 години или помлади. Јоланда почна да доаѓа во АМОДЕФА пред неколку години заради информации за контрацепција и спречување ХИВ. „Овде е полесно да се зборува за овие тешки теми, како ХИВ. Полесно е овде отколку дома.“

Естер Кабеле, давателка на услуги во АМОДЕФА, вели дека секој месец таа прима околу 120 нови клиенти - речиси сите жени - кои сакаат контрацепција. На сите им нуди бесплатен ХИВ-тест, и само во април 2011 година шест од нив беа најдени за позитивни. Кабеле вели дека услугите на АМОДЕФА се попопуларни од оние што ги овозможуваат здравствените центри на владата, затоа што во нив има помалку метеж, имаат персонал обучен да работи со млади и нудат совети и услуги во безбедна средина. Без услугите на АМОДЕФА, Кабеле вели дека повеќе млади би завршиле со непланирана бременост или ХИВ-инфекции, напуштајќи го училиштето и загрозувајќи си ја иднината.

Во Коалисао (Coalisão), уште една невладина организација што ја применува програмата Геракао биз, Марија Фелисијана, 26 години, го координира информирањето и теренската работа за сексуално и репродуктивно здравје, но и за животни вештини и остварување приход. Таа смета дека многу млади жени забременуваат затоа што немаат информации за контрацепција или се лошо оспособени да преговараат со своите партнери за користење кондоми. „Тешко е затоа што целата сексуална иницијатива во оваа култура доаѓа од мажот. Ако жената сака нејзиниот машки партнер да користи кондом, тој ќе се посомнева дека таа е ХИВ-позитивна.“



Џосијас Чишиве, ХИВ-акшивисш, надзорик на акшивносшише и сшуденш, Универзишеш „Едуардо Монглејн“
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

Во Нуклео де малаване (Nucleo de Malavane), уште еден спроведувач на Геракао биз, Жосијас Читиве, 28 години, води информативна кампања од врата до врата за превенција на ХИВ. Младите мажи кои ги среќава „не сакаат да зборуваат за кондоми“, но забележува дека автоматот за бесплатни кондоми надвор пред организацијата мора да се полни секое утро.

Да се натераат младите мажи и жени да зборуваат за секс останува предизвик и покрај изобилството од информации и услуги коишто сега им се достапни, вели Фениус Мацинхе, младински советник во Боанскиот здравствен центар, на половина пат меѓу Мапуто и границата со Свазиленд. „И на момците и на девојките им е тешко да бидат отворени едни со други“, вели тој. Сепак, искуството со програмата Геракао биз покажува дека ставовите и однесувањето може да се менуваат кога луѓето стануваат поинформирани за своите избори и права.

### Информирање за сексуално образование, јакнење на младите

Милиони девојки и момчиња имаат соништа да живеат живот кој е исполнет, среќен и безбеден. Сепак, огромното мнозинство од нив добива малку сигурни информации за сексот, сексуалноста или родот. Последиците се добро познати: без пристап до сеопфатно сексуално образование и услуги на сексуалано и репродуктивно здравје, младите - особено девојките - се поранливи на застрашувачки репродуктивни и сексуални проблеми, се согласија 80 експерти на Глобалната консултација за сексуално образование во Богота, Колумбија, во декември 2010 година.

**„Преголем е бројот на младите луѓе кои немаат пристап до образование за сексуалноста“.**

Сексуалното образование помага да се промовира здравјето и да се превенираат сексуално преносливите инфекции, вклучувајќи ХИВ, како и несаканите бремености меѓу младите, но промовира и рамноправни родови норми и јакнење на младите жени, вели заменик-директорот на Техничкиот оддел на УНФПА, Мона Кејдби, која ги надгледува младинските иницијативи на УНФПА и која беше една од организаторите на настанот во Богота

Програмите за сексуално образование што ги третираат родот и моќта во односите се поефективни во намалување на ризичното однесување, вели Кејдби, цитирајќи ја како пример Програмата X, иницијатива во Бразил којашто работи со младите мажи на преиспитување на нерамноправните родови ставови и практики. Евалвацијата на програмата откри дека ризичното однесување и инциденцата на сексуално преносливи инфекции се намалила меѓу младите учесници

Правото на сеопфатно и недискриминаторско сексуално образование се заснова врз Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој и на неколку меѓународни договори, вели Кејдби, „сепак, има премногу млади кои немаат пристап до програми за сексуално образование“.

„Факт е дека повеќето млади немаат пристап до соодветни информации за сексуалноста и не знаат како да се заштитат од сексуално преносливи инфекции, вклучувајќи и ХИВ, или ненамерна бременост“, вели таа. Креаторите на политики и лидерите во заедницата често избегнуваат да го промовираат сексуалното образование, затоа што не сакаат да испровоцираат контроверзи, додава таа. Друга пречка за сексуалното образование се слабостите во образовните системи. „Училишните наставни програми се претрупани, наставниците често се преплавени со обврски и недоволно платени, средствата за обука и материјали се ограничени, а стимулансите за преземање нова, често чувствителна, тема се малку. Со намалувањето на трошењето во социјалниот сектор, тешко е да се најдат финансиски средства потребни за обука на наставниците и за воспоставување ефективни методологии.“

Одржливоста, исто така, е предизвик. Промените во власта може да влијаат врз политиките на министерствата за образование. „Политичката средина често не поддржува зголемување на сексуалното образование; ако немате национални политики и залажба на највисоките нивоа, ќе има министри кои ќе го потенцираат сексуалното образование и други кои нема.“

Истражувањата покажуваат дека сексуалното образование е ефективно и по превенцијата на високо ризични однесувања. Ако е родово фокусирано и засновано на правата, тоа може да ја подобри општата благосостојба на младите. „Сега имаме нова генерација програми кои ветуваат, затоа што се изградени врз истражување и евалвација што јасно покажуваат позитивен ефект“, вели Кејдби.

Но, иако вградувањето на сексуалното образование во наставните програми е важно, важно е и развивањето програми за младите кои не се на училиште, вклучувајќи ги и младите мажени жени, мигрантите или младите што живеат во области на судир или во оддалечени региони. Програмите треба да ја третираат разновидноста и комплексноста на животот на младите. „Програмите за сексуално образование треба да се спроведуваат во разни средини, одејќи таму каде што се наоѓаат младите.“

## Младите на „возачкото седиште“

Во Нигерија, каде што средната возраст е 18,5 години, а повеќе од половина од населението во државата е 24 години старо или помладо, младите луѓе земаат сè поголемо учество во политичкиот живот за да им се чуе гласот и да станат видливи со своето присуство, не само во Младинскиот парламент на земјата. Движењето за регистрација и гласање на младите подготвено од Фаузија Абдулахи и нејзините колеги за изборите во 2011 година продолжува како кампања за граѓанска свест. Абдулахи вели дека изборите покажаа „потреба за интензивно граѓанско образование и градење капацитети коишто ќе ги зајакнат младите да бидат на возачкото седиште на својата судбина“.

Во предградието на египетскиот град Исмаилија, на Суецкиот Канал, едно момче во средината на тинејџерските години зборуваше за возбудата на својата генерација и нејзината надеж за градење политичко влијание по неодамнешната политичка промена: „Ние ја направивме оваа револуција. Нашите семејства беа навикнати да молчат. Ние не молчевме. Излеговме надвор да си го земеме нашиот сон“. Тој се приклучил кон група политички активни млади во тинејџерски и во дваесеттите години, кои имаат планови да ја шират свеста за младинските интереси и приоритети.

Групата спонзорирана од Владата и УНФПА преку партнерство со И-пир (Y-Peer), мрежа од младински организации за промовирање здрав животен стил кај младите, е една од бројните слични мрежи во другите арапски држави, Источна Европа, Централна Азија и Источна Африка. Во Исмаилија таа на младите им дава ретко

*Одлево надесно: Шарук, Мона и Хосам одат на концерт во Каиро*
© УНФПА / Метју Касел



место за учење и отворено зборување за репродуктивното здравје и промените во нивното тело. „Сега многу млади луѓе сакаат да знаат повеќе за политиката отколку за здравјето“, вели Хеба Мохамед Ахмед. Но, додава таа, тие мора да останат и концентрирани на здравјето како дел од човековата безбедност и човековите права - како и правото на жените да учествуваат во уставните дебати.

Иако големото присуство на младината во уличните демонстрации во арапските држави доби многу медиумско внимание во 2011 година, моќта на младите кои не се во фокусот, користејќи ја својата бројност и визија за општества какви што посакуваат, може долгорочно да го промени светот дури и многу потемелно.

Кога еден 26-годишен уличен продавач во Тунис се самозапали во акт на очај, тој го запали и пламенот на протести којшто го потресе целиот арапски регион. Учеството на младите во „Арапската пролет“ беше дотогаш невидено. Со помош на платформите на социјалните мрежи, како што се Фејсбук и Твитер, протестите на младите против повредата на човековите права, невработеноста и состојбата на статус кво се раширија низ целиот регион. Од Тунис до Египет нивниот глас се слушна низ целиот свет. „Младината во арапскиот свет има неверојатно чувство за одговорност, па затоа ја обнови идејата за универзалноста на човековите права“, вели Мона Кејдби, заменик-директор на Техничкиот оддел на УНФПА.

Младите во арапските држави сочинуваат околу една третина од населението на регионот, па сепак, често се исклучени од процесот на одлучување поради немањето образование, високата невработеност и сиромаштијата. Кога младите излегоа на улиците, а политичките режими во Тунис и Египет пропаднаа, многу влади и организации мораа повторно да размислат за својот ангажман со младите.

Мрежата И-пир поддржана од УНФПА, активна во регионот неколку години, стана дури и поважно средство за поврзување и подигање на свеста за предизвиците на репродуктивното здравје, особено во време на криза. Преку својата мрежа од младински едукатори во Либија, на пример, УНФПА можеше да спроведе виртуелна проценка на врвот од конфликтот за да ги разбере развојните потреби и аспирации на младите. Младинските лидери собраа одговори преку прашалници дадени на мали групи млади.

## СРЕДНА ВОЗРАСТ НА ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ (ГОДИНИ)




1. Поради статистички причини, податоците за Кина не ги вклучуваат Хонг Конг и Макао, посебни административни региони на Кина.
2. Вклучувајќи ги островите Аланд..
3. Поранешната Југословенска Република Македонија

*Извор: Обединети нации, одделение за економско-социјални работи, оддел за население. Перспективите за светското население: преглед од 2010 година.*

Многу млади во мрежата инсистираат дека на нив не треба да се гледа како на жртви на проблемите во нивните општества. „Ние не треба да работиме со младите затоа што се маргинализирани, туку затоа што се реални актери во нашето општество“, објасни Ахмед Авадала, член на И-пир во Египет.

Како што се менуваат традиционалните системи на вредности во арапските држави, така се менуваат и предизвиците што ја засегаат младината. Тензиите меѓу модерноста и верата сè уште може да се почувствуваат, додека прашањата од репродуктивното здравје сè повеќе стануваат преокупација. Во Тунис, на пример, се појави значителен пораст на вонбрачните раѓања. „Граѓанскиот ангажман мора да биде во центарот на нашата работа“, вели Хафед Чекир, директор на Регионалната канцеларија на УНФПА во арапските држави. „Не можеме да продолжиме да ги игнорираме потребите на младите.“



▲ *Момче на централниот Каирски плоштад Тахир продава ерк сус, пијалак од сладунец*
© УНФПА / Метју Касел

Политичкото учество и влијанието врз градењето политики во размер што одговара на бројот на младите е во умот на младите во целиот свет, ако судиме според барањата упатени од младите мажи и жени кои учествуваа во активностите околу Светската младинска конференција одржана во Гванахуато, Мексико, во август 2010 година, на почетокот на Меѓународната година на младите објавена од Генералното собрание на Обединетите нации.

Младите од Мексико, земја со висок среден приход којашто е членка на Групата 20 и на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), доминираше со настаните околу конференцијата, привлекувајќи повеќе од 22.000 луѓе во текот на неколку дена. Претставникот на УНФПА во Мексико, Диего Паласиос, проектниот координатор за младински прашања Иван Кастејанос и колегите создадоа простор во рамките на глобалниот интерактивен форум наречен „Коцка“, во којшто ги покања младите да се изразат преку пораки и цртежи на бел ѕид, меѓу другите младински насочени активности осмислени за учење и споделување.

Министрите и другите функционери на Глобалниот владин форум во рамките на настанот во Мексико изготвија официјална декларација, којашто повикува на поголема вклученост на младите во развојните иницијативи, поголем пристап до работни места за нив, образование и услуги од репродуктивното здравје, како и еднакви права за мажите и жените.

Делегациите напишаа дека владите насекаде треба „да промовираат запишување и задржување на младите во образовните институции... со посебно внимание врз жените и младите кои живеат во сиромаштија и ситуации на ранливост…“ и „да го подобрат квалитетот и релевантноста на образовните наставни програми… за сеопфатен развој на младите што вклучува: меѓукултурно, граѓанско и мирољубиво образование, солидарност,

## ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА АДОЛЕСЦЕНТНА СЕКСУАЛНОСТ Е ВАЖНО: ИСКУСТВОТО НА ФИНСКА

Ден Аптер, главен доктор и директор на Клиниката за сексуално здравје во Ваестолито, Федерацијата за семејство на Финска, водечката невладина организација во земјата за социјално-здравствениот сектор, вели дека често своите предавања за репродуктивно здравје на нацијата ги започнува со „ронка историја". На крајот од Втората светска војна, вели тој, Финска „беше само една мала земја што страда по војната, со контрацепција на многу ниско ниво, вообичаени сексуално преносливи болести и жени кои умираат од абортус".

Она што ја претвори Финска во модел на репродуктивно здравје и едукација шест децении подоцна беше просветленото политичко одлучување, интеграцијата на репродуктивното здравје во општото образование и фокусот во здравствените служби врз сексуалното здравје, вели тој. Ваестолито одигра улога во ваквите случувања.

„Сексуалното образование стана задолжителен предмет во училиштата во 1970 година", вели Аптер. „Исто така, имавме закон за абортус од 1970 година, овозможувајќи абортус врз социјална основа или врз основа на која било причина што жената сака да ја изнесе и правејќи го советувањето за контрацепција задолжителен дел од постапката за абортус."

По измените во законите за јавно здравство во 1972 година од општините се бараше да обезбедат бесплатно советување за контрацепција и абортусите и породувањата влегоа во долг период на опаѓање. „Во средината на деведесеттите во меѓународна перспектива стапката на абортуси беше доста ниска во Финска - околу 10 абортуси на 1.000 [бремености] за девојки на возраст од 15 до 19 години", вели тој. „Па, на тоа може да се гледа како на резултат од услугите и сексуалното образование."

Меѓутоа, имаше некои повлекувања на заложбата во средината на деведесеттите, бидејќи децентрализацијата на здравствената заштита (со општини кои се премали за да обезбедат идеален спектар на услуги) и намалувања на здравствените буџети поради економската криза доведе до одлука здравственото образование да стане изборно во училиштата. Студиите кон доцните деведесетти почнаа да потврдуваат дека резултатот беше „јасно влошување на сексуалното образование во училиштата, како квалитативно, така и квантитативно", коментира Аптер. Тоа беше моќна поука.

„Видовме зголемување во бројот на абортуси до околу 50 проценти" вели тој. „Видовме зголемување во бројот на луѓе кои почнуваат со сексуални односи на многу млада возраст - 14 или 15 години. Се намали употребата на контрацепција." Беа откриени повеќе сексуално преносливи болести, особено кламидија. „Тогаш, мораше пак нешто да се стори", рече Аптер. „Дури и финските политичари сфатија дека сексуалното образование што се обезбедуваше во училиштата беше навистина доста лошо."

До 2006 година беше изработена национална наставна програма по здравствено и сексуално образование, во којашто беше ставен акцент и на здравото живеење воопшто, и тие станаа задолжителни. Часовите почнуваа во седмата година од школувањето, ги држеа специјализирани едукатори или наставници обучени да ги додадат на своите редовни задолженија.

„Постојат тестирања на оваа тема исто како што ги има на која било друга училишна тема", вели Аптер. „И тоа продолжува во средно училиште, а таму е услов за матурирање." Вознемирувачката статистика од деведесттите доживеа брз пресврт, продолжува тој. „Бројот на младите што рано почнуваат со сексуални односи се намали. Се зголеми употребата на контрацепција и имаше доста големо намалување во бројот на тинејџерски абортуси и породувања."

Освен сексуалното образование беа воведени здравствени услуги од репродуктивното здравје за адолесцентите. „Училишните сестри може да ги обезбедат контрацептивните средства за првите три месеци", рече Аптер. Се очекува клиниките за јавно здравје да бидат по мерка на младите.

Откако со законот од 1970 година абортусот стана единствена привилегија на жената, вели тој, „Доколку многу млада девојка побара абортус, се препорачува таа да ги вклучи и родителите, но тоа зависи од нејзината одлука. Многу, многу малку девојки под 15 години имаат бебиња во Финска. Од нордиските земји Финска има најнизок број на тинејџерски бремености."

Кога родителите приговараат, вклучувајќи ги и тие меѓу новата имигрантска популација со различни погледи за сексуалното однесување и образование, тие не смеат да ги повлечат децата од таквите часови, рече Аптер, иако во некои училишта од културолошки причини девојчињата и момчињата можат да бидат раздвоени. „Но, во основа, тоа е задолжителен предмет." Од околу 114 часа потрошени на здравствени курсеви до деветто одделение, учениците добиваат 20 часови сексуално образование. "Бидејќи сексуалното образование се обезбедува во раната возраст", вели тој, „нема потреба од експериментирање."

едукација за човековите права, едукација за одржлив развој, сеопфатно образование за човечката сексуалност, промоција на родовата еднаквост и јакнење на жените“.

Владите, рекоа тие, треба и „да утврдат јавни политики коишто на младите им гарантираат пристап до здравство без дискриминација и да го зголемат квалитетот и покриеноста на здравствените системи и услуги, вклучувајќи и услуги на сексуално и репродуктивно здравје“ и да преземат акција за запирање и пресвртување на ширењето на ХИВ и СИДА и други болести меѓу младите.

Посебно од формалниот дел на Глобалниот владин форум, група од повеќе од 200 млади од 153 земји учествуваа на состанок на невладини организации и напишаа свој документ, независно од службените настани. Нивната изјава повика на повеќе простор во политиката и во граѓанското учество воопшто, како и значајни улоги во развивањето зелени технологии и во ублажувањето на климатските промени. „За нашата генерација ефективната акција против климатските промени е работа на опстанок“, напишаа тие.

Овие млади луѓе, исто така, побараа владите „да развијат стратегии и да спроведат акции против секаква манифестација на културни практики што ги повредува основните човекови права на поединците или групите, без оглед на нивниот социо-културен или економски статус, родов идентитет, сексуална ориентација, способности, религија или географска заднина“.

И покрај различните гледишта на официјалните и неофицијалните настани, една работа беше очигледна за сите: денешната генерација млади е подготвена на фундаментално да го промени светот. Државите ќе бидат подобро опслужени ако го негуваат и користат својот потенцијал отколку ако ги пропуштат можностите што тој ги нуди за развој.

## МЛАДИТЕ

### изводоци од Меѓународната конференција за Програмата на акција за население и развој

…Голем број земји во развој продолжуваат да имаат многу голем дел деца и млади во својата популација… Земјите треба да се насочат кон одговарање на потребите и желбите на младите, особено во областа на формалното и неформалното образование, обуката, можностите за вработување, домувањето и здравството, на тој начин обезбедувајќи ги нивната интеграција и учество во сите сфери на општеството, вклучувајќи и учество во политичкиот процес и подготовка за лидерски улоги… Младите треба активно да се вклучат во планирањето, спроведувањето и оценувањето на развојните активности кои имаат директно влијание врз нивниот секојдневен живот.



*Лео Ромеро планира да студира кулинарска уметност во Мексико*
© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола



ГЛАВА 3

# Сигурност, економска моќ и независност во староста

Секоја слика на староста во свет од 7 милијарди луѓе е калеидоскопска, одразувајќи ги многуте културни императиви, социјални фактори, степени на развој и расположливи ресурси што ја дефинираат земјата или општеството.
Во едно пролетно утро во Ксијан во кинеската провинција Шанкси, воздухот е исполнет со музика во еден огромен комплекс со станови за средната класа, партнерство меѓу приватниот сектор и провинциската власт посветено на овозможување пријатен и здрав живот за најстарите граѓани. Внатре, во центарот за постари лица, хорот го вежба својот репертоар во придружба на хармониката на еден станар. Надвор, на еден простран плоштад, далеку од звуците на прометните улици, утрински вежби - тај чи со малку модерен танц и аеробик - се одвиваат на традиционалните мелодии од ЦД-плеер со големина на кутија. Службениците на УНФПА во Кина сметаат дека Шанкси е пред многу други провинции во својата работа со старото население.

На друго место во Кина, на другата страна од урбано-руралната делбена линија, каде што животот е многу потежок, старите жени сè уште работат со часови на полињата и фармите, одраз на проширувањето на доходовниот јаз во некои од земјите со најбрз развој.

Во бројните кинески земјоделски градови можеби има големи нови домови изградени со заработката од членовите на семејството кои мигрирале во далечните градови заради работа, но куќите често се сенишни со својата празнотија, често обележје на селата каде што се случува миграција на младите во голем број, делејќи ги традиционалните семејства од неколку генерации и оставајќи зад себе „празни гнезда“. Други баби и дедовци се зафатени со подигање на децата кои се оставени дома од мигрираните работни семејства.

Половина свет подалеку, во Финска, вработените во најмодерен центар за стари лица расчистија простор за танцување, со група која свири стари фински евергрини за оние кои се носталгични по старите денови. Низ целиот центар активности ги исполнуваат деновите кои инаку би можеле да бидат осамени. Хранливите оброци ги одржуваат во живот телото и духот.

Во Етиопија шестина старици го прославуваат Меѓународниот ден на жените во едно мало засолниште во Адис Абеба, кое

◀ *Постари жители во прошетка близу до старите градски ѕидини во Ксиан, Кина*
© УНФПА / Гуо Тиелиу



*Сара Топелсон Фридман, заменик-министер за урбан и територијален развој на Министерството за социјален развој на Мексико*
© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола

самостојно го води еден сочувствителен филантроп, Сасу Нина Тесфамаријам, која им дава едноставна храна, ги советува и им прави друштво.

Во рурално Мексико, каде што, како во многу места, постарите веќе не можат секогаш на сметаат на сигурен семеен дом во последните години од животот, владата воведе систем на плаќање мал животен додаток на луѓето над 70 години за да им помогне да придонесат кон домашниот приход и можеби да се намалат меѓугенерациските тензии. „Тоа е многу добро за постарите лица во руралните области, затоа што сите знаеме дека синовите почнуваат да ги гледаат родителите во седумдесеттите години од својот живот како товар“, вели Сара Топелсон Фридман, заменик-министер во Министерството за социјален развој. „Бидејќи добиваат чек секој втор месец, тие не се товар - барем имаат пари за храна. Па, така сѐ станува полесно.“

## Побелен свет

Секоја земја, богата или сиромашна, индустриска или сѐ уште во развој, до еден степен или друг, има население кое старее. Како што денешната младина ќе се движи кон средовечност и понатаму, така старото население ќе расте побргу од кој било друг сектор на глобалното население најмалку до 2050 година, според извештајот од 2009 година на Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи, Стареење на светското население 1950-2050. Ова е веќе признаен главен предизвик за политиките во земјите каде што има голема долговечност, а младото население се намалува. И во земјите со среден и низок приход процентите од населението на лица од 60 години и нагоре, 70 и нагоре, па дури во некои случаи и 80 и нагоре, постојано ползат нагоре.

Над шест децении промените во националните демографски профили покажуваат дека иако меѓу 1950 и 2010 година животниот век при раѓање порасна за 11 години во поразвиените земји, придобивките беа многу поголеми во понеразвиените региони, каде што животниот век се зголеми за 26 години во истиот период. Во најнеразвиените земји порастот беше 19,5 години. Поточно, поразвиените земји почнаа од повисок животен век со помалку простор за растење. Но, тоа не го одвлекува вниманието од огромните добивки во земјите во развој, бидејќи повеќе луѓе почнаа да ги делат медицинските достигнувања што го чуваат и го продолжуваат животот, особено меѓу доенчињата и децата.

Државите значително се разликуваат во тоа како го планираат стареењето на населението и какви услуги владите стават на располагање. Сѐ повеќе се бара од невладините организации, заедниците, филантропите и од приватниот сектор да ги надополнат владините напори во грижата за старите, обезбедувајќи ги не само нивните најосновни материјални потреби, туку и нивните емотивни, психолошки, социјални, па дури и технолошки потреби. Во ера на зголемена мобилност и миграција кога семејствата ќе се раздвојат, бабите и дедовците бараат часови за користење електронска пошта, страници на социјални мрежи и видеоврски или Скајп, нивни-

те единствени лични врски со внуците. Често, чинителите од невладиниот сектор го пополнуваат вакуумот во јавните услуги или додаваат нови услуги за да го прават животот поинтересен и поисполнет. Се спроведуваат и многу истражувања на староста од страна на невладините или меѓувладините агенции кои работат со националните влади и локалните невладини групи.

Во Етиопија 75-годишниот Тилахун Абебе е на мисија, вооружен со резултатите од студијата за постарите во 2010 година, во главниот град Адис Абеба, изработена од Хелпејџ интернационал, Меѓународната организација за миграција и Канцеларијата на Обединетите нации за координација на хуманитарните работи. Студијата откри дека во земја каде што почитта и грижата за постарите биле традиција со векови, сега постојат стари кои се бездомни и гладни.

Етиопија, сиромашна и периодично погодена од суша или други неволји, има релативно мала, но растечка популација од шеесетгодишни или постари луѓе, 5,2 проценти од вкупното население од 82,9 милиони. Животниот век при раѓање е нешто над 57 години. Наспроти ова, потребите на старите лица често се занемаруваат, вели Тилахун. Пензиониран државен функционер за здравство тој е заменик-претседател на Националната асоцијација на стари лица и пензионери и сака да ја направи ефективно лоби за старите. Барањето за некаква финансиска сигурносна мрежа во староста е високо на неговата листа.

„Само владините функционери, војската, полицијата и државните службеници добиваат пензии“, вели тој. „Не постои социјално осигурување.“ Домовите за старци кои немаат каде да живеат или кои имаат потреба од посебна нега е уште една потреба, додаде Тилахун, кој работеше со американски проект за контрола на маларијата пред да добие диплома за превентивно здравство во Соединетите Држави и да се врати во Етиопија, каде што стана администратор на Министерството за здравство.

Не се работи само за зголемување на бројот на домови за стари лица, вели тој, туку и за ревизија на функционирањето на постоечките за да се обезбеди тие да работат со полн капацитет и да понудат подобри услуги.

Кампањата што ја води Тилахун за постарите во името на Националната асоцијација има седиште во главниот град и два регионални ограноци; најмалку уште осум му се во план или во соништата. „Треба да заговараме ново и подобро размислување“, констатира тој. Тој предлага повеќе и помали центри низ земјата, каде што станарите или дневните посетители ќе можат да бидат згрижени и обучени за доходовна работа или да се занимаваат со други активности кои ќе им го зајакнат психичкото здравје.

Студијата од 2010 година на која упатува Тилахун, изработена за националните и



▼ *Тилахун Абебе, заменик-претседател на Националната асоцијација на постари лица и пензионери на Етиопија*
© УНФПА / Антонио Фјоренте



▲ *Постарите вежбаат кинески боречки вештини во модерната заедница Ксијан, Кина*
© УНФПА / Гуо Тиелиу

локални министерства за труд и социјални работи со помош на четири етиопски невладини организации, откри дека 88 проценти од бездомните постари лица и 66 проценти од оние кои живеат дома во главниот град немаат доволно за јадење. Деведесет и три проценти од сите постари лица немаат бања или туш, 78 проценти имаат хронични здравствени проблеми, а 51 процент немаат издршка од семејството.

Цијанг Ксијангкун е геронтолог и професор за население на Универзитетот Ренмин во Пекинг. Тој и неговите колеги заклучуваат дека 98 проценти од старите лица во Кина остануваат дома или се обидуваат да останат. Многу од нив - веројатно дури 70 отсто од нив во Пекинг; многу пониска стапка во руралните области - се во оние „празни гнезда“, зашто нивните деца се преселиле да работат или да основаат свое семејство во домови за една генерација. Кинеските демографи велат дека владината политика е да ги задржи луѓето дома во староста, затоа што тоа е она што го сакаат тие, а така ќе се намалат и трошоците за изградба на нови станови и обезбедување дополнителни услуги.

Во последниот академски труд што го напиша со Јанг Кингфанг, кој предава на Школата за континуирани студии при Универзитетот - *Преглед и анализа на стареењето на населението во Кина и состојбата на постарите* - професорот Цијанг нагласува дека Кина старее пред да се збогати, за разлика од високо развиените земји, каде што имало повеќе ресурси и подолг временски период за преодот кон стареење на населението. Кога развиените земји влегоа во значително стареење на населението, расправа Цијанг, тие имаа многу повисок приход по глава на жител.

„Во средината на 21век, кога се приближува врвот на стареење на населението, економскиот развој на Кина може да го достигне само нивото на умерено развиените земји“, напишаа авторите во својот труд. Ако повеќе стари лица живеат сами и бараат помош надвор од семејствата, „тоа значи поитни задачи за старосното осигурување, медицинската грижа и социјалните служби“.

Во Кина процентот на постарите во националната популација се движи континуирано и брзо во нагорна насока, комбинација од ниските стапки на прираст како резултат од политиката за планирање на семејството којашто ги ограничи повеќето семејства на едно дете, и поздравиот, подолг живот, кој го зголеми бројот на старите. Кога Кина почна да ги објавува бројките од пописот во 2010 година, на крајот на април 2011 година, службените лица изјавија дека делот од населението над 60 години се зголемил на 13,3 проценти, речиси 3 процентни поени повисоко од она што беше забележано во пописот од 2000 година.

На неформалниот состанок на експертите за население на Универзитетот Ренмин во Пекинг, кои се состанаа да зборуваат за промените во кинеската демографија, развој и животна средина, геронтологот Цијанг и другите рекоа дека нивната специјалност одеднаш станала популарен предмет за студентите кои претходно никогаш не ја сметале за инте-

ресна. „Геронтологијата е нова област“, беше речено. „Луѓето обрнуваат внимание на стареењето дури и во своите семејства. Потребно е да се знае повеќе за грижата за постарите, за тоа како да бидат здрави и да се поучат на добри животни навики.“

## Вообичаени и нови здравствени предизвици

Во една тивка станбена населба на Адис Абеба Сасу Нина Тесфамаријам се соочува со вообичаена медицинска состојба кај постарите: слаб вид поради катаракта. Собирајќи пари за операција секаде каде што може, таа им обезбедува привремено засолниште на кандидатите за операција. На повеќе од 100 старици им беше помогнато да си го подобрат видот преку ова мало засолниште, каде што можат да закрепнуваат на кревети со чиста постелнина. „А, кога си одат, им го даваме креветот“, рече Сасу Нина.

Таа исто така ги поучува жените за Алцхајмеровата болест и другите когнитивни проблеми што можат да ги пресретнат во староста. Во општества во коишто старите треба сами да се грижат за себе, губењето на менталната способност е подмолно за ранливите жени.

Во едно од двете засолништа што ги води добротворната организација на Сасу Нина, наречена Агар, што значи „помагач“ на амхарскиот јазик, една жена што страда од напади на паника зборуваше за тоа што ја довело таму. „Имав малку заштедено“, рече жената. „Тоа сега го нема. Да не бев овде, ќе бев гладна. Немам деца да се грижат за мене.“

Сасу Нина, која се образувала во Соединетите Држави, рече дека кога почнала да студира геронтологија, знаела дека еден ден ќе се врати во Етиопија. Оттогаш, во двете засолништа, таа има спасено постари жени чиј живот, вели таа, станал повеќе од кошмар.

Во САД Националната превентивна информативна мрежа на центрите за контрола на болестите предупредува дека постарите лица во развиените земји се во растечки ризик од инфекции со ХИВ. Најмалку една петтина од сите луѓе заразени со ХИВ во САД се над 50 години, а стапката можеби е значително повисока, затоа што повозрасните често не помислуваат да се тестираат. Има и добра вест дека луѓето кои живеат со ХИВ живеат подолго поради антиретровирусната терапија.

Разни фактори се одговорни за растечките ризици за постарите лица, според центрите за контрола на болестите. Овие фактори, кои може да бидат универзални до еден или друг степен, вклучуваат немање големи сознанија за ХИВ и СИДА, бидејќи старите не се цел на едукацијата за таа тема толку колку што се помладите. Постарите лица можеби се инхибирани да зборуваат за сексуалната активност или користењето

*Жителка на едно од засолништата за постари жени на Агар во Етиопија*
© УНФПА / Антонио Фјоренте



дрога, или едноставно претпоставуваат дека влошувањето на нивното здравје се должи на напреднатата возраст. Во Етиопија и во другите земји во развој студиите покажуваат дека постарите лица кои се грижат за внуците-сираци или за другите членови на семејството кои живеат со ХИВ, можеби и самите се заразиле поради неадекватните информации за мерките на претпазливост против случајно пренесување на вирусот.

### Инвестирање во постарите

Во време кога во Кина се води голема неформална дискусија за преосмислување на политиката за планирање на семејството во земјата, којашто повеќето двојки ги ограничи на едно дете (но, дозволува исклучоци), Цијанг Ксијангкун од Универзитетот Ренмин сугерира дека подигањето на наталитетот, како што заговараат некои земји, на пример Јапонија и Русија, не би било доволно за да се избалансира рапидниот тренд на стареење во Кина во овој век, а кинеските функционери сакаат таа да се движи кон стабилна популација. Тоа не е комплексно, туку итно прашање. „Начинот на решавање на итниот предизвик на стареење на населението ќе ги одреди стабилноста и до извесен степен, просперитетот на Кина“, заклучува Цијанг во академскиот труд што го напиша со Јанг Кингфанг.

За Кина, земјата со најбројно население во светот (додека Индија не ја надмине некаде околу 2025 година), прашањата со кои се соочува гледајќи кон иднината, се подвлечени во студијата од 2009 година на Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи, во која се наведени четири главни глобални наоди: Стареењето на населението е невидено досега. Стареењето на населението е сеприсутно. Стареењето на населението е длабоко. Стареењето на населението е трајно.

Кај последната точка Одделот за население откри дека глобалното учество на луѓе над 60-годишна возраст било 8 проценти во 1950 година, пораснало на 11 проценти во 2009 година и се проектира да достигне 22 проценти до 2050 година. „Глобално, популацијата од постари лица расте со стапка од 2,6 проценти годишно, значително побргу отколку населението во целост… Таквиот рапиден раст ќе изискува далекусежни економско-социјални приспособувања во повеќето земји“, се вели во извештајот за стареењето од 2009 година.

Во древниот град Ксијан, во кинеската провинција Шанкси, 1.220 километри југозападно од Пекинг, директорот од Работниот комитет на Шанкси за стареење, Аи Ксијангдонг, предложи еден вид прогресивно прилагодување на политиките додека ја опишуваше комбинацијата од владини иницијативи и придонес од приватниот сектор, којашто станува национална политика. Тој започна со демографијата. Шанкси има над 5 милиони

### ПОСТАРИ ГРАЃАНИ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ПОПУЛАЦИИ (ПРОЦЕНТИ)

| | Возраст 60 или повеќе години | 65 или повеќе години | 80 или повеќе години |
|---|---|---|---|
| Кина | 12.3 | 8.2 | 1.4 |
| Египет | 8.0 | 5.0 | 0.7 |
| Етиопија | 5.2 | 3.3 | 0.4 |
| Финска | 24.8 | 17.2 | 4.7 |
| Индија | 7.6 | 4.9 | 0.7 |
| Мексико | 9.0 | 6.3 | 1.3 |
| Мозамбик | 5.1 | 3.3 | 0.4 |
| Нигерија | 5.0 | 3.2 | 1.1 |
| Поранешна Југословенска Република Македонија | 16.7 | 11.8 | 2.1 |

*Извор: Оддел за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи*

луѓе со над 60 години, рече тој, и учество на мажи и жени со над 80 години кое е повисоко од националниот просек.

„Не ја знаеме причината зошто луѓето живеат подолго овде", вели тој, „но, нашите здравствени услуги се подобрија за луѓето над 65-годишна возраст. Има бесплатни прегледи, а урбаните луѓе имаат здравствено осигурување. Повеќето стари живеат со своите семејства, каде што јадат позната храна што им се допаѓа. Институциите не може да ги задоволат индивидуалните вкусови.". Во 2010 година Шанкси почна да им доделува специјални грантови на најстарите од старите, освен другите додатоци или пензии што можеби ги примаат по возраст од 60 години. За луѓето на возраст од 80 до 89 години исплатата е 50 јуани месечно, или околу 7,70 УСД; на возраст од 90 до 99 години таа се удвојува на 100 јуани, а за оние кои имаат 100 или повеќе години таа повторно се удвојува на 200 јуани. Во Шанкси вработен во Комисијата им ги доставува парите лично на оние над 90 години.

Со членови повлечени од низа релевантни министерства беа основани работни комитети за стареење, на национално и провинциско ниво во Кина, од кои некои се поефективни од другите. Тие беа создадени, рече Аи, „за да ги координираат услугите, да ги штитат правата и интересите на постарите лица и да им организираат културно-општествени и спортски активности. Постарите лица ги чувствуваат промените и гледаат дека се вложува во нив.".

Во градот Ксијан, којшто се редефинира како технолошки центар, постои богата културна средина и многу граѓански погодности, што, признава Аи, го прават добро место за постарите граѓани. „Тие може да вежбаат во парковите наутро и навечер. Постојат изведувачки групи. Еден колеџ за стари држи настава по компјутерски вештини, сликарство и калиграфија." Во руралните области услугите не се на тоа ниво, признаваат службените лица, и во едно село недалеку од градот имаше некакви приговори за тоа. Но, Аи инсистира дека дури и руралните области имаат нови програми.

Во Пекинг, Ву Јушао, потпретседател на кинескиот Национален работен комитет за стареење, којшто работи директно на ниво на Државниот совет, над министерствата, рече дека владините министерства и сектори ги здружиле силите во 2006 година за да напишат нови прописи кои ги штитат старите лица. Свесна за доходовните разлики меѓу градот и селото владата до 2015 година на сите постари лица од селата, околу 100 милиони, ќе им обезбеди пензии, целосно покриени со државни средства. Од лицата кои ги добиваат пензиите во руралните области или градовите, рече Ву, ќе се очекува да сметаат на нив за плаќање на подобрените услуги за стари лица. Во согласност со меѓународните трендови постарите, исто така, ќе се охрабруваат да купуваат осигурување за расходите во староста и да разгледуваат подигање на кредит за вредноста на нивниот имот.

Во напорите да овозможи проширени



*Жена свири на традиционален инструмент близу до старите градски ѕидини на Ксијан во Кина*

© УНФПА / Гуо Тиелиу

програми за постарите во Ксијан Аи вели дека националната влада сака да утврди приоритет за зголемување на бројот на станови за старост изградени од приватниот сектор и да ги подобри производите за постари, кои го олеснуваат животот. „Староста е индустрија во пораст“, рече Аи. „Постои зголемено внимание врз различни аспекти на стареењето. Универзитетите изработуваат студии; деловниот сектор гледа можности.“

Трендот, одразен во последниот национален петгодишен план, се покажува во округот Веијанг на Ксијан, каде што речиси 12 проценти од населението е над 60 години. Таму резиденцијалниот комплекс Цинјуан Ксиншици, приватно изградена оградена заедница со добро проектирани и убави станбени згради покрај сообраќајници само за пешаци, згрижува околу 15.000 луѓе, од кои 600 имаат над 60 години, а 30 над 80 години, и живеат сите во семејни домови. Слични резиденцијални комплекси беа неодамна изградени во бројни големи градови на Кина, иако не секогаш со палетата на услуги за постарите што се нуди во Цинјуан Ксиншици, име коешто ги комбинира изразите „прекрасна градина, нов век.“

Кина го нема усвоено системот на градење семејни домови со „станови за баби“ по моделот на Сингапур, каде што становите можат да имаат придодаден помал простор за живеење со сопствен влез, за постарите лица да останат блиску до семејствата додека двете генерации уживаат во приватност и независност. Но, во Цинјуан Ксиншици големите (и скапи) станови можат удобно да вдомат семејство од неколку генерации, вели Јао Наигуп, претседател на Здружението на постари лица во заедницата и директор на центарот за постари во комплексот, наменски изграден за повозрасните.

Во центарот за постари Јао ги посочи компјутерското катче, училницата каде што вежбаше хорот, просторијата за лекарски прегледи, фитнес-центарот и неколкуте мах јонг-маси за попладневна забава. Постои и просторија опремена со кревети за дремка. Сè е бесплатно освен ручекот за оние кои не јадат дома. Постарите во станбениот комплекс имаат попуст - картички за јавен превоз, помош при пополнување службени документи, специјални цени во продавниците на заедницата и бесплатна испорака на купеното. Продажбата на занаетчиски предмети од страна на станарите помага да се соберат пари за активностите во центарот.

„Она што им треба на старите лица не е само поддршка во материјална смисла“, вели Јао. „Поважна е душевната поддршка. По пензионирањето многу луѓе имаат чувство на загубена цел. Сега, кога луѓето се подобростоечки, тие сакаат повеќе, во духовна и културна смисла.“

Селото Ценгкси во округот Зузи, на околу еден час со автомобил од Ксијан, има само 1.365 жители (од кои 179 се над возраст од 60 години на почетокот од 2011 година), и поради својата мала големина има малку специјални објекти за постарите. Меѓутоа, локалното здружение на постари лица се обидува тоа да го надомести.

Здружението беше основано во 1997

*Постари жители изведуваат локална опера близу до старите градски ѕидини на Ксијан*
© УНФПА / Гуо Тиелиу





година, рекоа неговите службеници, откако неколку домаќинства ги имаа оставено своите постари роднини зад себе. Ценгкси, во планински крај, тогаш беше една група многу сиромашни села кои се обидуваа да опстанат од земјоделските култури пченица, пченка и грав. Во 2003 година неговото земјоделско лице беше сосема преобразено, а локалните луѓе сега го добиваат својот приход од овоштарници и коњчиња, кои постарите можат да ги одгледуваат. Годишната заработувачка по глава на жител скокна за помалку од една деценија, велат тие, од околу 1.000 јуани, или 154 УСД, на 6.480 јуани, нешто помалку од 1.000 УСД.

## Кон поголема независност

Во Кина, како и во Индија, интересот за растечката популација на луѓе над 60-годишна возраст продуцира значителни истражувања и преиспитувања на долго одржуваното гледиште дека семејствата природно ќе преземат одговорност за грижата за постарите - или дека треба законски да бидат обврзани на тоа. Треба да се соочиме со новата реалност, вели К. Р. Г. Наир, почесен професор-истражувач при Центарот за истражување на политики во Њу Делхи. Постарите, кои живеат подолго, не секогаш поминуваат добро, ниту пак срećно ги завршуваат своите денови, напиша Наир во воведниот оглед резимирајќи ги текстовите на експертите собрани во книгата од 2009 година *Статусот на стареењето во Индија: предизвици и можности,* којашто тој и ја уреди.

Наир цитираше примери на злоупотреба, напуштање, неадекватното признавање на проблемите на мажите кои стареат и данокот што вкоренетата и широко распространета сиромаштија го зема од младите семејства од кои се очекува да се грижат за своите стари. Индија има најголем број луѓе во светот кои живеат со 1,25 долари или помалку. Наир предупреди дека донесувањето закони кои бараат членовите на семејството да се грижат за постарите, кои се расправаат во владата, може да доведат до намалување на одговорноста на владата за обезбедување издршка за повозрасните граѓани. Наир, исто така, советува да не се заборава потенцијалот на „младите стари“ во своите шеесетти кои сè уште се способни да придонесат за економијата и општеството. Тој открива

*Постари жени чекаат посетители во домот „Св. Мери“, Њу Делхи, Индија*

© Санџит Дас / Панос



▲ *Шила Харисон Мешју извлекува Библија од полицаша во својаша соба во домош „Св. Мери“ во Њу Делхи, Индија*
© Санџит Дас / Панос

неволност тие да се задржат на работа.

Државните клиники често страдаат од недоволно вработени во руралните области, каде што живее голем дел од старите лица во Индија, според д-р Омен Џорџ, шеф на медицинските служби за Хелејџ Индија, кој пишува во истата книга. Приватната медицина е прескапа за многумина. Џорџ обрна внимание на студијата изработена од Владата на Индија и Канцеларијата на Светската здравствена организација во Индија, којашто сугерираше и дека „душевното здравје и рехабилитацијата треба сериозно да се третираат кога се планира здравствената заштита за постарите“, пишува Џорџ.

Водечките демографи кои ги проучуваат најновите статистики велат дека дури и во најнапредните држави на Јужна Индија, каде што индикаторите на човечки развој можат да се мерат со оние на поразвиените земји, растечкиот број на постари лица поставува нови предизвици. Ц. Чандрамули, генерален матичар и комесар за попис на Индија, рече дека во Керала се појавуваат нови прашања, помеѓу кои и недостигот на геријатриска нега.

Во 2011 година Индија објави нова нацрт-политика за староењето, земајќи ги предвид последните национални трендови, коишто се опишани како „демографска експлозија помеѓу постарите, менување на економско-социјалното милје, напредок во медицинските истражувања, науката и технологијата и високи нивоа на немаштија меѓу постарите сиромашни лица во руралните средини.“ Но, оваа Национална политика за постарите граѓани за 2011 година, која чекаше на одобрение од Кабинетот кога се пишуваше овој извештај, повторно потврдува дека грижата за повозрасните граѓани мора да остане во семејството кое ќе влезе во партнерство со заедницата, Владата и приватниот сектор.

Нацрт-политиката нагласува дека постарите жени во Индија имаат потреба од посебно внимание. Многу старици, особено вдовици, водат едвај одржлив живот. „Проблемите на постарите жени се влошуваат со доживотната родова дискриминација, која често произлегува од длабоко вкоренетите културно-општествени предрасуди“, се вели во нацртот. „Тоа е дополнето со други форми на дискриминација врз основа на класа, каста, инвалидност, неписменост, невработеност и брачен статус.“

## Досегање до маргинализираните

Метју Черијан, главен извршен директор на Хелпејџ Индија, беше во комитетот кој изработи предлози за нова политика за староење. Неговата невладина организација е активна во многу аспекти на животот на постарите. Таа останува линија за помош на луѓето на кои помошта им треба, иако Черијан тажно вели дека „што и да направиме е само капка во океанот“. Тој истакнува дека малите исплати на социјалното осигурување на најстарите граѓани не стигнуваат многу далеку во современата индиска економија, а приватните здравствени осигурители не пишуваат полиси за повозрасните.

Долговечноста во Индија можеби расте, рече Черијан, но, таа забележливо варира во различни сектори на општеството. „За сиро-

машните, за Далитите [„недопирливите“] и за племињата, животот е толку тежок што тие не живеат многу долго.“

Во 2010 година владата, одговарајќи на растечките медицински и економски потреби на постарите сиромашни, распредели пари за 100 од 662 административни округа на Индија заради воспоставување посветена геријатриска нега, вели Черијан. Беа избрани и осум регионални медицински центри за да воспостават програми. Министерството за наука и технологија на Владата на Индија работи со Хелпејџ Индија за изработка на производи и услуги за постарите, како уреди што се активираат на глас, мобилни комбиња за физиотерапија и видеоврски со специјалистички медицински совети за локалните доктори.

Загрижен за злоупотребата на постарите Хелпејџ Индија отвори линии за помош во 20 градови, врши посредничка работа во проблематични семејства и, кога е потребно, пријавува случаи на злоупотреба в полиција. Студијата за злоупотреба на постарите спроведена во четири големи населени области и четири помали града од страна на организацијата, откри дека насилството општо е во пораст, но особено во рамките на семејството. „Семејниот дом сè уште е место каде што живеат повеќето постари лица“, вели Черијан.

„Потпомогнатите домови за живеење и за стари лица не се застапени во Индија“, вели тој и додава дека има само околу 3.600 такви домови низ целата земја, од кои повеќето се или во приватна сопственост или основани од добротворни или верски организации. „Многу од нив здомуваат помеѓу 20 и 50 стари лица“ вели Черијан. „Вкупниот капацитет сè уште е многу низок.“

## Структурата на семејството во постојана промена

Финска, како и низа европски држави, Јапонија и Република Кореја, гледа како нејзиното население старее толку бргу - резултат на многу низок наталитет и многу подолг живот - што стареењето стана најголемо прашање од социоекономски интерес за креаторите на политики. На Универзитетот во Хелсинки професорот Пека Мартикаинен, демограф во единицата за истражување на населението при Катедрата за социологија, рече дека стареењето е само дел од низата сложени предизвици. Нискиот наталитет опстојува дури иако Финска виде благ пораст во последниве години, од околу 1,7 деца по жена во периодот 1990–1995 година, до околу 1,8 деца по жена во 2005–2010 година. (Општо, „стапката на замена“ од 2 го стабилизира растот; под тоа, населението почнува да опаѓа.) Но, бројките не ја кажуваат целата приказна.

„Дојде до голема промена во структурата на европските семејства и семејни врски, што делумно е поврзано со опаѓачките стапки на наталитет, високите стапки на развод, повторното формирање семејства и брзиот пад на големината на домаќинството“,

*Танц за пензионерите во четврток попладне во Работничкиот дом „Малми“, популарно културно место во Хелсинки, Финска*

© УНФПА / Сами Салинен



констатира тој. „Сè повеќе преовладуваат постарите лица, но и младите кои живеат сами, откако ќе го напуштат родителскиот дом.“ Жените остануваат подолго на пазарот на трудот, одлагајќи го бракот и раѓањето или одлучувајќи воопшто да немаат деца. Група млади жени, кои се состанаа во Хелсинки на чаша вино по работа, го потврдија тоа. Ниедна од нив, сите со работа што ја сметаат за интересна, не е нетрпелива да основа семејство. Една рече дека мажењето не ја привлекува затоа што не сака да биде „врзана“.

Владата, рече Мартикаинен, не промовира повеќе раѓања отворено, но наместо тоа нуди одлични социјални услуги како детски градинки што го олеснуваат родителството, па сепак, многу млади луѓе претпочитаат да почекаат верувајќи дека услугите секогаш ќе ги има. Во меѓувреме, постарата популација продолжува да расте и да станува уште постара. Луѓето на возраст од 60 години и нагоре сега сочинуваат речиси четвртина од националното население, а процентите на оние со над 70 и 80 години се искачуваат.

*Финските пензионери Хану и Арми дома*
© УНФПА / Сами Салинен



„Стапките на смртност рапидно се намалија, особено кај најстарата популација, од 70 години нагоре“, вели Мартикаинен. „Релевантното прашање е дали и функционирањето на овие луѓе се подобрува со истата стапка - во основа, тоа е прашање дали дополнителните години живот се и здрави години на живот.“ Прашањата се ургентни, затоа што генерацијата на „беби бумот“ почнува да влегува во пензионерска возраст, зголемувајќи ги големите бројки на стари лица без значително да се зголемат бројките на младите. Како и во другите развиени земји, прашањето е, од каде ќе дојдат парите за продолжување на добриот живот?

Мартикаинен во Финска забележува некои исти размислувања како во земјите во развој, каде што ресурсите на владите се многу помали. „Во Финска и на други места повеќе се зборува за семејните обврски околу грижата за постарите“, вели тој. „Но, можеби се работи и за тоа да се изврши притисок за префрлање на трошокот за грижа на старите лица кон поединците и нивните семејства, а тоа е поврзано со прашања на меѓугенерациска солидарност и семејна поддршка. Во Европа се става огромен акцент врз обезбедувањето грижа за старите лица во заедницата, за луѓето да може да живеат дома. Но, како всушност да се организира тоа?“ Кога традиционалните семејни структури се менуваат, задачата е тешка.

Центрите за постари во Финска се одговорност на општинските социјални служби, како што се и градинките за децата и другите програми во заедницата. Постарите над 75-годишна возраст имаат пристап до дневни активности, домашна помош, болничка нега и домување поради разни специјални потреби. Центарот Риставури во Хелсинки е пример за сеопфатните услуги што може да ги обезбедат таквите установи.

Риставури има групен дом за пациенти со деменција и уште еден за луѓе со

душевни болести. Има други единици за заштита во криза или за рехабилитација, 85 еднособни апартмани за живот со помош (проектирани со сите потребни безбедносни елементи) и гарсониери и простории за посета од членовите на семејството. Има седум сауни, гимнастичка сала и вежбалница, ресторан и кафетерија, библиотека, фризерница, простори за рачна работа и масажа, киропрактичарски и остеопатски услуги. Во центарот се вработени 43 сестри-практичарки и 21 општа медицинска сестра. Овој центар, исто така, има корпус од инструктори во различни области, единица за терапија и величествена целосно бела тивка соба наречена Шангри Ла, креирана од проектант со помош на затемнети светла, класична музика, арома-терапија и сцени од шуми, подводен свет или погледи на Хелсинки што без звук се прожектираат на еден голем ѕид. Дневните посетители и станарите можат да ги користат овие услуги - „групата за добро расположение“ се состанува секој понеделник.

Центарот не е бесплатен, но уплатите се вршат скалесто, во зависност од економското ниво на оние што го користат или живеат во него, до околу 80 проценти од пензијата на лицето. Кирси Сантама, главниот социјален советник во центарот, вели дека богатите плаќаат најмногу 3.500 евра месечно (околу 5.000 долари), додека повеќето би платиле под 1.000 евра месечно (1.420 долари) за 24-часовна грижа. Клиентите на центарот сами си ги плаќаат лекарствата, до граница од 600 евра (850 долари) годишно, а над таа граница тие се бесплатни. Финска е земја со висок приход, со бруто-национален доход по глава на жител од над 46.000 долари, и со едни од највеликодушните пензиски планови за јавниот и приватниот сектор во светот, според Организацијата за економска соработка и развој.

„Староста не е болест“ е пораката во Риставури, вели Сантама. Но, колку долго може ова ниво на грижа да трае, бидејќи бројот на оние кои имаат потреба од помош во староста расте? Дали ваквиот живот во староста, кој се ужива по највисок европски стандард, ќе стане загрозен вид во свет на стари, каде што богатите држави веќе го чувствуваат товарот и каде што луѓето во посиромашните земји дури никогаш нема ни да осознаат таков луксуз?

*Финските пензионери Хану и Арми уживаат во скијање зиме*
© УНФПА / Сами Салинен



## ПОСТАРИТЕ ЛИЦА

### изводоци од Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој

…Во повеќето општества, жените, бидејќи тие живеат подолго од мажите, го сочинуваат мнозинството од постарата популација… Постојаниот раст на постарите старосни групи во националните популации, како во апсолутни бројки, така и во однос со работоспособната популација, има значителни импликации за мнозинството земји, особено во однос на идната изводливост на постојните формални и неформални начини за помош на постарите лица. Економско-социјалниот ефект од ова „стареење на населението“ е како можност така и предизвик за сите општества.


MATERNIDADE

CHAPTER FOUR

# Што влијае врз наталитетот?

Наталитетот - бројот на деца што ги има жената - не е само барометар за предвидување на растот или опаѓањето на населението. Тој може да биде и мерка за квалитетот на животот на жените, без оглед дали имаат деца или не, дали имаат малку или многу деца. Поврзани со овој индикатор на големината на семејствата, нациите или светското население, се другите фактори како здравје, образование, економски можности, еднаквост и право секоја жена да одлучува за времето и распоредот на раѓањата, без принуда од партнерот, семејството, заедницата или националната политика.

Во поразвиените земји просечната стапка на наталитет е околу 1,7 раѓања - под нивото на замена од 2,1 раѓања. Во најнеразвиените земји стапката е околу 4,2, со поголемиот дел од Супсахарска Африка, кој известува за стапка од 5,1. Меѓутоа, низ светот, стапките на наталитет постапно опаѓаат од средината на минатиот век. Секој регион, и земја, има уникатни околности коишто влијаат врз бројот на деца што ги има жената.

Доказите покажуваат дека намалувањето на наталитетот досега го забрза економскиот раст, а ја намали сиромаштијата, рече Ханија Злотник, директор на одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи, на состанокот на Комисијата за население и развој во Њујорк, во април 2011 година. „Згора на тоа, намалувањето на наталитетот беше постигнато преку подобрувања во репродуктивното здравје, детското здравје, образованието и јакнењето на жените. Во една земја по друга, родителите решаваа да имаат помалку деца за да им обезбедат подобри можности.“

Високиот наталитет може да значи високи економски и здравствено-социјални трошоци во некои земји. Во Мозамбик, на пример, „високите стапки на наталитет се прашање на јавното здравство“, особено за мајките кои немаат барем две години растојание меѓу две бремености и кои поради тоа се слаби и чувствителни на болести, смета Леонардо Шаван од Министерството за здравство. Бремените мајки, вели Шаван, можат да немаат „доволно време да го чуваат своето здравје или здравјето на другите свои деца“.

Жените во рурален Мозамбик, особено на север, вообичаено ги вршат сите земјоделски работи, и ако бременоста или слабото здравје ги спречи да произведат доволно храна за семејството, децата се во ризик од глад или потхранетост, објаснува Шаван. На ниво на државата 44 проценти од децата се хронично потхранети, вели тој. Во една северна провинција,

*Ана Марија Сибанда, мајка на две девојчиња, се надева дека нејзиното следно дете ќе биде машко*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира



*Леонардо Шаван, заменик-национален директор за јавно здравје, Министерство за здравство, Мозамбик*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

Кабо Делгадо, каде што речиси една од три девојки е омажена пред да наполни 15 години и каде што само 3 проценти од женската популација користи современа контрацепција, околу 59 проценти од децата се хронично потхранети. Потхранетото дете, вели Шаван, е во ризик од когнитивна или физичка закржлавеност, загрозувајќи ги своите шанси за долг, здрав и продуктивен живот.

Елисио Нхантумбо, раководител на Одделението за анализа и истражувања на населението во Министерство за развој и планирање на Мозамбик, ја нарекува високата стапка на наталитет „работа за загриженост", затоа што растот на населението го надминува капацитетот на државата да обезбеди добра, услуги и доходовни можности, особено за своето младо население во рапидна експанзија. Според Рамката на Обединетите нации за помош при развојот на Мозамбик за периодот од 2012 до 2015 година малата формална економија на земјата „во голема мера е неспособна да ги апсорбира проценетите 300.000 млади кои влегуваат на пазарот на работна сила секоја година".

Кои се пречките што ги спречуваат луѓето во некои земји опишани во овој извештај слободно и одговорно да одлучат колку деца ќе имаат? Кои се силите што придонесуваат кон нивоа на наталитет под стапката на замена во некои земји или кон нивелирање на наталитетот во други?

Спогодбата усвоена од 179 земји, кои се состанаа во Каиро во 1994 година на Меѓународната конференција за население и развој, покрена 20-годишна Програма за акција којашто одразува нова свест дека наталитетот, здравјето, сиромаштијата, шаблоните на производство и потрошувачка, и јакнењето се толку тесно меѓусебно поврзани што ниедно од нив не може да се разгледува во изолација.

Јакнењето на жените како пресудно за задачата популациите да се движат кон стабилизација по сопствен избор, а не по барање на Владата, беше централна тема на последователната акција и мерило за градење политики оттогаш наваму. Рака под рака со јакнењето на жените, мажите и нивните семејства при правење репродуктивен избор, беше ставена заложбата на меѓународната заедница до 2015 година да обезбеди пристап до грижа за репродуктивното здравје, вклучувајќи и планирање на семејството. Ова беше признаено како неопходен предуслов за овозможување слободен избор околу бројот и распоредувањето на раѓањата. Исчекуваниот исход беше дека со низа акции за јакнење на поединците, промовирање на развојот, подобрување на здравјето и проширување на пристапот до образование, стапките на наталитет ќе се придвижат кон нивото на замена од 2,1 раѓања за секоја жена (при што едно од децата е девојче, мајка на следната генерација).

Во 2011 година светот е на само три години од целната линија поставена во Каиро и четири години од рокот предвиден за постигнување на Милениумските развојни цели, коишто содржат бројни потесни цели за подобрување на животот и правата на жените и девојките. Некои од овие цели се исполнуваат на некои места. Но, пристапот до планирање на семејството често е упадлив исклучок, заедно со гаранциите за правата на жените да избираат каков ќе им биде репродуктивниот живот. Денес околу 215 милиони жени на репродуктивна

возраст од земјите во развој би користеле планирање на семејството кога би имале пристап до него. Стотици илјади жени сè уште умираат секоја година од причини поврзани со бременоста, од кои многу можат да се превенираат.

Во некои земји немањето пристап е резултат на слабите сообраќајни мрежи коишто речиси целосно оневозможуваат снабдување во оддалечените области. Во други земји културните сили и родовата нееднаквост се мешаат во можноста на жените да ги спроведуваат своите репродуктивни права, дури и кога услугите на планирање на семејството и снабдување се подготвени и достапни. А, во трети побарувачката за контрацептивни средства опаѓа, поради комбинација од економски и социјални причини, од кои некои сè уште им се нејасни на демографите и на другите кои ги проучуваат ваквите трендови.

### Некои го наведуваат падот на планирање на семејството како причина за нивелирање на наталитетот во Египет

Во Египет, со 81 милион луѓе, мнозина ги сметаа деценииите официјални и невладини програми за планирање на семејството за заслужни за остриот пад на наталитетот. Во педесеттите бројот беше 6,37 деца по жена; тој падна на околу 3 во периодот 2005–2010. Целта пред една деценија беше да се види дека наталитетот го достигнува нивото на замена од 2,1 до околу 2017 година.

Проекциите сега го ставаат датумот на стапката на замена поблиску до 2030 година, но дури и тоа се преиспитува од некои демографи и социолози кои забележаа како надолното движење застанува на „плато“ и кои се вклучени во повеќегодишни проучувања на феноменот. Некои локални заговорници на планирањето на семејството го припишуваат платото на ненагласувањето на големината на семејството од страна на владата и медиумите во последнава деценија.

„Неуспехот да се постигне ниво на замена ќе биде проблем за Египет“, рече Хишам Маклоуф, претседател на египетската Демографска асоцијација и професор во Институтот за статистика при Универзитетот во Каиро. „Веќе страдаме од недостиг на вода за пиење и наводнување.“ Со обработливо земјиште под наем и Египќани кои можат да живеат само на 5 или 6 проценти од националната територија, „популациската политика мора да биде приоритет на секоја влада“, вели тој и додава „Кај планирањето на семејството гледаме голема стапка на дисконтинуитет во користењето контрацепција - една третина од жените престануваат да ја користат до крајот на првата година“.

Маклоуф е меѓу оние кои веруваат дека дел од објаснувањето за нивелирањето на стапката на наталитет лежи во подемот на поконзервативни ставови за општеството во Египет, од кои некои со децении биле под влијание на работниците-мигранти и другите патници во државите на Заливот.

На Универзитетот Ал Азхар во Каиро Гамал Сероур, директор на Меѓународниот исламски центар за популациски студии и истражувања, центар за муслимански религиозни научници од целиот свет, вели дека религијата не може да се обвини за египетскиот рамен наталитет. Искуствата на другите претежно муслимански земји како Тунис и Индонезија, коишто доживеаја драматичен пад на наталитетот, се сведоштва за тоа. Северна Африка, каде што Тунис беше пионер во репродуктивните права и здравје, има пониски стапки на наталитет од поголемиот дел од остатокот на Африка.

Сероур, кој е и претседател на Меѓународната федерација за гинекологија и акушерство во Лондон, вели дека Ал Азхар, универзитет што тој го опиша како најконзервативна институција за високо образование во муслиманскиот свет, го

основа центарот за истражување на населението во 1974 година „затоа што сакавме да ги просветиме луѓето дека исламот не е против планирање на семејството; исламот не е против заштитата на женското здравје". Тој објави водич на таа тема, давајќи цитати од религиозни текстови, и таа порака ја пренесува сè до Авганистан преку имамите кои ги обучува.

Сероур посочува на потребата од подобри информации и служби за репродуктивно здравје на младите. Тој вели дека земјата не смее да го ризикува она што тој го нарече „експлозија на населението" или неуспевање да се третира смртноста кај мајките, небезбедниот абортус и другите здравствени прашања штетни за девојките и жените во Египет, сите поврзани со грижата за репродуктивното здравје. „Ние не увезуваме западни идеи", вели тој. „Ние не увезуваме западна политика. Ние зборуваме за нашите проблеми."

По спроведувањето анкета меѓу студентите за нивното познавање на сексуалните и репродуктивните прашања и наоѓајќи ги резултатите за „ужасни", рече тој, ги вовел

## ПРИСТАП НА МЛАДИТЕ ЕГИПЕТСКИ ЖЕНИ ДО ИНФОРМАЦИИ И УСЛУГИ ОД ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО

Во полуруралната област близу до египетскиот град Исмаилија, на западниот брег од Суецкиот Канал, Далија Шамс нуди услуги од својата трошна канцеларија којашто е споена со просторија за прегледи во центарот на Египетската асоцијација за планирање на семејството, поддржана од УНФПА преку Програмата за клиники по мерка на младите. Шамс минува многу време слушајќи, особено слушајќи ги адолесцентните девојки. „Сè почнува со муабет за да научат да ми веруваат", вели таа. „Потоа може да зборуваат без ништо да кријат."

„Девојките знаат малку за сексот и се плашат", рече таа. „Тие доаѓаат да прашаат за губење на невиноста преку туширање или јавање магаре. Прашуваат за менструалните проблеми или инфекции. Понекогаш мајката доаѓа со девојката. И таа се плаши." Шамс со нив пријателски разговара за сексот и за исхраната, чистотата и здравиот живот воопшто. Кога некоја мајка ќе ја праша дали да дозволи да се пресечат гениталиите на нејзиното девојче, „морам внимателно да го разработам прашањето за да не ја преплашам и да си оди". Асоцијацијата за планирање на семејството се спротивставува на таа практика, којашто сè уште е широко распространета во Египет иако беше забранета со закон и се верува дека се намалува.

Шамс, исто така, ги советува младите жени и мажи кои треба да стапат во брак. Повеќето млади жени кои таа ги прима се мажат на возраст меѓу 18 и 25 години, рече таа, иако во урбаната Исмаилија, каде што таа пораснала, 16-годишните невести не се невообичаена појава, иако тоа е спротивно на законот. На која било возраст младите жени и нивните сопрузи знаат многу малку за тоа што да очекуваат сексуално, бидејќи предбрачната невиност строго се чува.

Кога доаѓа време за планирање на семејството, Шамс има да понуди интраутерини средства, кондоми, инјектирачка контрацепција, имплантанти и орална контрацепција. Таа мора да почека до по бракот за да ги подели, затоа што, вели таа, невиноста на невестата мора да биде недопрена на свадбениот ден. Но, дотогаш, жената е веќе информирана за изборот што го има.

„Многу мажи се обидуваат да го забранат планирањето на семејството", констатира Шамс. „Се обидувам да разговарам со нив за здравјето на мајката и за потребата од растојание меѓу бременостите. Ги советувам да почекаат две години помеѓу две раѓања."

*Далија Шамс, лекарка во Клиниката по мерка на младите при египетската Асоцијација за планирање на семејството во Або Атва, близу Исмаилија.* © УНФПА / Метју Касел



овие теми на курсевите во Ал Азхар со поддршка на универзитетската администрација.

Сероур рече дека остриte резови во меѓународната помош за планирање на семејството во последните две децении придонесоа кон забавување на падот во наталитетот на Египет. Тој ги критикува оние кои гледаат на помошта за планирање на семејството како на културен упад или како на инструмент за застарена и неприфатлива контрола на населението. Кога на беспомошните жени во сиромашните земји им се одрекува контрацепција поради идеолошки причини, рече тој, „тоа е повреда на човековите права“.

„Планирањето на семејството може да ја спречи смртта на 1 милион деца секоја година“, вели Сероур. „Во Африка 68.000 жени умираат од небезбеден абортус секоја година, затоа што имаат неисполнети потреби [од планирање на семејството]. Па, зошто да не им се обезбеди контрацепција?“ Проценката е дека 9,2 проценти од мажените жени или жените со партнер, на репродуктивна возраст, во Египет имаат неисполнета потреба од планирање на семејството.

## Меѓусебно дејство на силите кои го одржуваат наталитетот, ограничување на употребата на планирање на семејството

Традициите, родовата нееднаквост, верувањето дека големите семејства се знак на богатство и заблудите за современата контрацепција заедно обесхрабруваат многу жени и мажи да ја искористат предноста на службите за планирање на семејството во Мозамбик, каде што само 11,8 проценти од жените на репродуктивна возраст се потпираат врз современите методи на контрацепција, како што се таблетите или кондомите за спречување бременост.

Во некои делови од земјата снабдувањето со контрацепција е ограничено, главно поради тешкотиите таа да се транспортира до дистрибутивните центри во



Карлос Арналдо, професор по демографија на Универзитетот „Едуардо Монлејн“, Мапуто, Мозамбик
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

оддалечените области. Но, преваленцата на контрацепција е ниска и поради тоа што побарувачката за неа е ниска во некои области.

За мозамбичките рурални сиромашни жители, целиот поим за планирање на семејството може да се чини ирелевантен, вели Патриција Гузман, претставник на УНФПА во Мапуто. „Како да го планирате семејството кога не можете да планирате ниеден друг аспект од животот? Прашањето колку деца сакаат е надвор од рамката на повеќето луѓе.“

Меѓутоа, општо, профилот на репродуктивно здравје за Мозамбик, направен од Светската банка во април 2011 година, вели дека земјата има „висока“ незадоволена побарувачка за планирање на семејството, што значи дека „жените можеби не ја постигнуваат својата посакувана големина на семејството“.

Според Националната дирекција за студии и анализа на политиките при мозамбичкото Министерство за планирање и развој незадоволената потреба од планирање на семејството навистина порасна, што покажува дека сè повеќе жени или двојки стануваат свесни за контрацепцијата и дека здравствениот систем не е во состојба да ја задоволи побарувачката за вакви средства.

Планирањето на семејството е сè подостапно во урбаните средини, но „кул-

турната поставеност“ спречува многу луѓе да го искористат, вели Карлос Арналдо, демограф на Универзитетот „Едуардо Мондлејн“ во Мапуто. „Планирањето на семејството се применува, но жените не се тие што одлучуваат“, вели тој. „Мажите се против планирање на семејството, затоа што тие сакаат повеќе деца.“

Леонардо Шаван во Министерството за здравство вели дека Мозамбик мора да го забрза и да го прошири пристапот на жените до информации за современите методи на планирање на семејството, за повеќе луѓе да сфатат дека тоа е безбедно и може да им го подобри животот. Мозамбик, исто така, треба да го смени пристапот кон планирањето на семејството за тоа да ги вклучи мажите. „Досега, планирањето на семејството во Мозамбик се фокусираше врз жените“, вели тој. „Сега правиме повеќе за да допреме до целото семејство, да поттикнеме дискусија и да ја зголемиме побарувачката за планирање на семејството.“ Не се само мажите кои сакаат големи семејства. Според истражувањето во 2003 година просечната жена во Мозамбик сака просечно 5,3 деца.

Во Мозамбик, како и во многу други земји, службите за планирање на семејството сѐ повеќе се интегрираат во програмите за сексуално и репродуктивно здравје, вклучувајќи и превенција од ХИВ, вели Гузман од УНФПА. Целта е да се изгради синергија што ќе ги намали непланираните бремености и ќе ги запре стапките на зараженост со ХИВ. Па, денес, службите за планирање на семејството нудат и тестови за ХИВ, надополнувајќи ги тестовите кои се нудат кај давателите на пренатална грижа. А, службите за превенција и лекување на ХИВ ја поттикнуваат употребата на кондоми и обезбедуваат антиретровирусни лекови за бремените мајки заради спречување вирусот да се пренесе на нивните новороденчиња. Интегрираните служби веќе се норма низ Геракао биз, заеднички напор на три владини министерства за превенција на ХИВ-инфекции и непланирана бременост меѓу брзорастечката млада популација во земјата.

Според Самуел Милс, виш здравствен специјалист во Светската банка, Мозамбик, и многу други земји, можат да сторат повеќе за да ги објаснат придобивките од користење контрацепција, распоредување на бременостите и имање помало семејство.

„На мажите треба да им кажеме дека има добра економска смисла во распоредени бремености или имање помалку деца: ако имате помалку деца, ќе можете подобро да го овозможите нивното образование и ќе треба помалку да трошите на храна. За жените пораката треба да биде дека растојанието помеѓу бременостите значи поздрави деца и поздрава мајка.“

Шаван во мозамбичкото Министерство за здравство вели дека употребата на контрацепција би пораснала во таа земја доколку повеќе жени имаат пристап до информации за современите методи на планирање на семејството и доколку дозна-




*Мајки со своите деца чекаат да ги прими доктор во египетската Асоцијација за планирање на семејството во Або Атва, близу Исмаилија*
© УНФПА / Метју Касел

ат дека тие се безбедни и можат да им го подобрат животот. Исто така, Мозамбик треба да го смени пристапот кон планирањето на семејството за тоа да ги вклучи и мажите. „Досега планирањето на семејството во Мозамбик се фокусираше врз жените“, вели тој. „Сега правиме повеќе да допреме до целото семејство, да поттикнеме дискусија и да ја зголемиме побарувачката за планирање на семејството.“

„Не се обидуваме да ги убедиме луѓето да имаат помали семејства“, вели Шаван. „Ние ги поттикнуваме да почекаат пред да забременат за првпат. Им велиме дека за да имаат здрави деца и здрави мајки, семејствата треба да почекаат барем две години меѓу две бремености.“ Шаван вели дека Владата започнала кампања за подигање на свеста за придобивките од распоредувањето на раѓањата и користи познати личности, како првата дама Марија да Луз Гебуза, за да ја промовира каузата на планирање на семејството.

## Ограничување на бременостите преку стерилизација во Индија

Од малкуте современи методи на контрацепција бесплатно достапни преку државните служби во Индија стерилизацијата е највообичаена. Повеќе од 37 проценти од индиските жени кои користат современи методи на контрацепција се стерилизираат и 1 процент од мажите, според Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи. Низ светот на стерилизација отпаѓа 18,9 проценти од современите методи на контрацепција што ги користат жените и 2,4 проценти што ги користат мажите. На пример во Индија на машки кондоми отпаѓаат нешто повеќе од 5 проценти од вкупната контрацепција. Таблетата се користи од 3,1 проценти жени. Владата не обезбедува инјектирачка контрацепција.

А. Р. Нанда, поранешен комесар за попис, секретар за здравство и семејна социјала во централната Влада, а подоцна, извршен директор на независната Фондација за население на Индија, вели дека “кренал врева“ за студија за тоа зошто стерилизациите непропорционално ги надминуваат другите контрацептивни средства и дали сите национални стандарди за квалитет, безбедност и избор се задоволуваат. Во однос на квалитетот и безбедноста Нанда рече дека една група за закони од јавен интерес вложила тужба против Владата во врска со начинот на кој се вршат стерилизациите во привремените медицински локации општо познати како „кампови,“ што доведе до одлука на Врховниот суд, кој бараше сите доктори и администратори на камповите во земјата да се придржуваат до националните стандарди за квалитет, безбедност и постапки. Според овие стандарди, рече Нанда, на ниеден доктор не му е дозволено да изведува повеќе од 30 стерилизации дневно. „Во минатото некои од нив вршеа 50 или 60“, вели тој додавајќи дека очекува спроведувањето на стандардите за квалитет да ги намали компликациите. Обезбедување слободен избор при одлучувањето на поединците да се подложат на неповратна стерилизација беше приоритет за заговорниците на репродуктивно здравје и човекови права од седумдесеттите, кога Владата се обиде да го забави растот на населението, делумно преку присилни стерилизации.

„Во Индија“, вели тој, „целитисот“ [т.е. натфрлање на целите] е најголемото зло“, упатувајќи на бројот на стерилизации што се очекува докторите да ги извршат на ден или на месец во некои делови од земјата. Тој рече оти смета дека целите треба да се елиминираат и дека планирањето на семејството, вклучувајќи и контрацепција, треба да се обезбедува не во изолација, туку во рамките на интегрирана владина програма за репродуктивно здравје. „Пристапот на репродуктивно здравје е многу подобра идеја“, смета тој. „Многу поефективен и им користи на жените.“

Во медиумите се известуваше за поставените цели и понудените стимулации за стерилизација во некои региони на земјата, но ова е против националната политика според канцеларијата на УНФПА во Делхи, која вели дека таквите пресметки го привлекуваат вниманието на владата за акција.

Пунам Матреца е наследничка на Нанда како извршен директор на Фондацијата за население на Индија, силна и влијателна невладина организација којашто врши истражувања и застапување на широка низа популациски, здравствени и родови прашања. Таа рече дека ограничената палета контрацептивни средства - изопачени кон стерилизации - бесплатно достапни од државните обезбедувачи во Индија истовремено ги одвраќа и ги загрозува жените. „Неисполнетата [потреба за] контрацепција не е неуспех на страната на побарувачката", рече таа. „Побарувачка постои, но не и понуда."

Стапката на смртност кај мајките во Индија, 230 на 100.000 бремености, може да биде намалена со подобри, посеопфатни, услуги за планирање на семејството, рече таа, спасувајќи многу животи. Во Индија има над 10 милиони абортуси, од кои повеќето се кај мажени жени", рече Матреца. „Ова е трагично." Компликациите поврзани со абортус изнесуваат 8 проценти од смртноста кај мајките, рече таа.

Истражувањата покажаа дека во земјите како Бразил и Мексико, каде што „кафетерискиот" пристап кон избор на контрацептивни средства - нудејќи целосна палета - беше усвоен, стапките на наталитет се струполија. Слични пристапи помогнаа да се стабилизира растот на населението во бројните источноазиски и југоисточноазиски држави. Но, кога стерилизацијата е највообичаената или единствена опција, наталитетот всушност може да порасне: жените може да чекаат додека не добијат повеќе деца отколку што ќе имале со распоредување на раѓањата, пред да ја разгледаат оваа неповратна постапка, сугерира истражувањето од Зои Метјуз и други во Институтот за демографски истражувања „Макс Планк".

## Родовата нееднаквост и високиот наталитет

Во здравствениот центар во Боане, на околу еден час надвор од мозамбичкиот главен град Мапуто, Ана Марија, бремена мајка, вели: „Сакам три деца", покажувајќи кон својот стомак додека чека за пренатална грижа. „Веќе имам две, машко и девојче, и сакам ова да ми биде последно", вели таа, објаснувајќи дека одгледувањето деца е скапо и дека таа повеќе би ги употребила нивните пари за изградба на нова куќа со четири соби.

Во меѓувреме, на импровизиран пазар на периферијата од Мапуто, Асусена, 22-годишна продавачка на домати вели дека сака само три деца. Жените што работат на соседните тезги сите велат дека сакаат само две или три деца.

Сепак, и покрај она што го велат овие и други жени, просечната мозамбичка жена има околу пет деца во животот, а оние кои живеат во некои рурални области имаат просечно приближно седум.

Зошто постои неповрзаност меѓу бројот на деца што го сакаат некои жени и бројот што всушност го имаат?

Според неколку експерти за население и развој и според агенциите за помош во Мозамбик, нискиот статус на жените - и поврзаниот недостаток на економско-социјални можности што го придружуваат - е делумно одговорен за високите стапки на наталитет.

Во рангирањето на 169 земји според сериозноста на родовата нееднаквост, Мозамбик е на 111. место. Овој „индекс на родова нееднаквост" прикажан во изданието од 2010 година на Програмата за развој

на Обединетите нации Извештај за човечки развој, ги мери нееднаквостите меѓу жените и мажите во репродуктивното здравје, политичкото учество, доходовните можности и образованието. Индексот открива дека речиси три четвртини од човечкиот развој на Мозамбик се губат поради ваквите нееднаквости, особено во областа на репродуктивното здравје.

„Упорната родова нееднаквост значи дека жените и децата се несразмерно жртви на сиромаштија, несигурност на исхраната и болести“, се наведува во Рамката на Обединетите нации за развојна помош на Мозамбик за 2012 до 2015 година.

Во Мозамбик „жените не одлучуваат“, особено кога станува збор за избор на тоа колку деца да имаат или кога да ги имаат, вели демографот Карлос Арналдо.

Раширеното семејно насилство и покрај законот што го инкриминира во 2009 година, е еден симптом на ситуација во која жените имаат малку слобода да носат крупни животни одлуки, вклучувајќи и одлуки за репродукцијата. „Насилството врз жените во Мозамбик е директно поврзано со општествениот статус на жените наспроти мажите“, вели Берта Чилундо, потпретседател на Одборот за жени, право и развој, или МУЛЕИДЕ, невладина организација што обезбедува правна помош и психолошка поддршка за малтретираните жени.

Марија Фатима (43) дојде во МУЛЕИДЕ лани заради поддршка кога одлучила веќе да не живее со партнерот кој почнал да ја тепа две години откако ја започнале врската. „Кога го запознав во 1995 година, имав работа во железницата и студирав економија на факултет“, вели таа. „Но, таа година забременив, па партнерот ме принуди да дадам отказ и да ги напуштам студиите. Тоа ме направи тотално зависна од него.“




*Берта Чилундо, адвокат и заменик-претседател на МУЛЕИДЕ, невладина организација чија цел е да го подобри статусот на жените во Мозамбик*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

По години трпење семејно насилство Фатима се иселила и го пријавила последниот инцидент в полиција, која го гони нејзиниот партнер според две години стариот закон којшто семејното насилство го направи „јавно кривично дело“, што значи дека кога ќе се поднесе кривична пријава, таа веќе не може да се отфрли, дури и на барање на жртвата.

Понекогаш семејното насилство во Мозамбик избива како резултат на наметнувањето на жената на својата желбата да користи планирање на семејството или барањето од партнерот да користи кондом при секс, вели Чилундо од МУЛЕИДЕ.

Многу жени самите веруваат дека заслужуваат да бидат тепани. Демографско-здравственото истражување од 2003 година откри дека на национално ниво повеќе од една на три жени мисли дека тепањето е оправдано поради причини кои се движат од загорена вечера до непоздравување при излегување од врата. Прифаќањето на семејното насилство е повообичаено во руралните области, а

## НЕИСПОЛНЕТАТА ПОТРЕБА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ОСТАНУВА ВИСОКА

Во 2005 година Светскиот самит на Обединетите нации се заложи да го направи пристапот до репродуктивно здравје универзален до 2015 година, како што е ветено во Целта Б од Милениумската развојна цел 5, и одлучи мерката за неисполнета контрацептивна потреба да биде индикатор за прогрес кон таа цел. Во 2011 година Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи ги објави најновите податоци за контрацепцијата во светот, кои покажуваат дека иако употребата на контрацепција е во пораст, сè уште постојат 46 земји во коишто 20 или повеќе проценти од жените кои се мажени или живеат во заедница сè уште имаат неисполнета потреба. Неисполнетата потреба за планирање на семејството остана на истото умерено до високо ниво од 2000 година во повеќето региони, но е највисока во Супсахарска Африка и на Карибите.

**Учество на жените со неисполнета потреба за планирање на семејството кај жени на возраст 15-49 години, мажени или во заедница, 1990, 2000 и 2008 (проценти)**




*Извор: Извештај за Милениумските развојни цели 2011 година*

степенот на прифаќање е обратнопропорционален со количеството образование што го има жената.

Грака Само, извршен директор на Форум Мулер, група што заговара женски права и развој, вели дека образованието на жените е пресудно за исправање на родовата нееднаквост во Мозамбик, но не може да се реши без, исто така, да се смени начинот на кој девојките се социјализираат да имаат ниски очекувања за себе. Жените се учат „дека мажот ќе биде твоето решение“, вели таа. „Статусот на жената произлегува од мажот - сопругот, таткото, братот.“

Само расправа дека изедначувањето на полето за игра на жените и мажите не бара само интервенции од државата и непрофитните организации, туку и од семејствата, кои може да имаат огромно влијание врз тоа како девојчињата - и момчињата - се перципираат себеси и меѓусебно во општеството. Иако е важно девојките да се социјализираат на начин што ги поттикнува да си ги препознаат силните страни и можностите, подеднакво е важно да се промени начинот на кој момчињата се социјализираат за да сфатат рано во животот дека родовата еднаквост за мажите и жените им носи корист на сите.

### Предност за момчињата

Во Индија ефектите од предноста што им се дава на машките деца ги загрижуваат демографите, медиумите, креаторите на политики и многу други поради она што таа предност го направи со соодносот меѓу половите и пораката што ја испраќа за тоа колку малку општеството ги вреднува девојчињата. Прашањето беше нагласено со резултатите од националниот попис во 2011 година, кој покажа дека во групата од нула до 6 години, бројот на девојчиња опаднал на 914 за секои 1.000 машки, проширувајќи го соодносот од 2001 година од 927 девојчиња на 1.000 машки. Новиот соодност кај половите на децата покажува

најголем јаз од независноста во 1947 година. Половоселективните абортуси, иако нелегални, и понекогаш фаталната запоставеност на девојчињата по нивното раѓање, нашироко се претпоставени како водечки причини за ваквата аномалија. Употребата на ултразвук за одредување на полот стана поевтина и подостапна низ земјата, дури иако оваа постапка е нелегална.

Ц. Чандрамули, генерален матичар и комесар за попис на Индија, кој го водеше пописот од 2011 година, го нарекува трендот сериозна загриженост. Тој рече дека ова го гледа како социјален, а не демографски проблем, дополнет со неуспехот на властите да ги спроведуваат законите против избирање на полот преку мониторирање на клиниките што рекламираат ултразвучна технологија. „Технологијата е главниот виновник“, додаде тој. Единствениот излез од она што некои критичари го нарекуваат „родоцид“ е општествена кампања, поткрепена со поефективни стимулации од Владата, за подобрување на статусот на девојчињата, рече тој.

Неговите гледишта се поддржани од меѓународните организации. Меѓуагенциската публикација од 2011 година, *Спречување избор на полот врз основа на родови предрасуди*, од Светската здравствена организација, УНФПА, УНИЦЕФ, ОН Жени и Канцеларијата на високиот комесар за човекови права, забележа дека женското здравје насекаде се подрива кога семејството врши притисок за бременост по бременост во надеж да се добие машко дете. Во некои случаи жените се изложени на притисок да извршат небезбеден абортус и ризикуваат насилство ако родат девојче, истакнува родовиот експерт на УНФПА, Гејл Нелсон.

„Неизбалансираните полови соодноси се неприфатлива манифестација на родовата дискриминација врз девојчињата и жените и повреда на нивните човекови права“, се вели во меѓуагенциската изјава.

Но, во неа се вели и дека технологиите како ултрасонографија и амниоцентеза не се коренот на проблемот. Кога владите се обидуваат да ја ограничат или да ја забранат злоупотребата на технологиите, рекоа агенциите, „искуството посочува дека законските ограничувања изолирани од пошироките социјални политики и други мерки за третирање на длабоко вкоренети-

*Грака Само. Извршен директор на Форум Мулер, Мапуто, Мозамбик*
©УНФПА / Педро Са да Бандеира



## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

### изводоци од Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој

…Подобрувањето на статусот на жените ја подобрува и нивната способност за одлучување на сите нивоа во сите сфери на животот, особено во областа на сексуалноста и репродукцијата. Ова, за возврат, е суштинско за долгорочниот успех на програмите за население… Мажите играат клучна улога во остварувањето на родовата еднаквост, бидејќи во повеќето општества, мажите практикуваат доминантна власт во речиси секоја сфера од животот, почнувајќи од личните одлуки за големината на семејството, па сè до политичките и програмски одлуки што се носат на сите нивоа на Владата.

те општествени норми и последователната промена во однесувањето може да бидат неефективни, па дури и штетно да влијаат врз човековите и репродуктивните права на жените“.

Чандрамули гледа некаква надеж, посочувајќи на наодите од индискиот попис во 2011 година, кои покажуваат дека во неколку држави коишто некогаш имале најголем родов јаз меѓу децата, поделбата благо се стеснува, иако многу други држави се движат во спротивна насока, со однос меѓу женските и машките деца кој паѓа до 800 спрема 1.000, многу под националниот просек од 914 спрема 1.000.

Во Индија постојат традиционални економски аргументи против имање девојчиња, кои често се сметаат за финансиски товар поради скапиот мираз што родителите мора да го платат за да обезбедат добар сопруг или поради тоа што жените не можат да додадат многу на семејниот приход. Овие аргументи може да се побијат, според Пунам Матреца, извршен директор на Фондацијата за население на Индија. „Ние можеме да изградиме докази за да покажеме дека и машките и девојчињата може да издржуваат семејства. Индија нема инвестирано во жените и во човечките прашања општо“, вели таа.

Нанда, поранешен индиски секретар за здравство и семејна социјала, вели дека влошениот соднос на половите меѓу децата е „многу сериозен проблем“ којшто мора да се гледа во врска со опаѓачките стапки на наталитет. Тој и другите посочуваат на податоците кои покажуваат дека многу, ако не и повеќето половоселективни абортуси ги договараат богатите луѓе во богатите урбани населби, кои сакаат помали семејства. Кога желбата за помали семејства ќе ја пресретне побарувачката за синови, резултат се абортираните женски фетуси. Богатите родители не се воодушевуваат од паричните стимулации од неколку илјади рупии, вели Нанда.

„Тие даваат парични трансфери за одгледување и образување девојчиња, а потоа не ги спроведуваат законите за мираз или имот“, рече тој. „Тоа станува симболично.“ Како највисок неполитички функционер во Министерството за здравство тој испрати мамки во клиниките за да се идентификуваат докторите кои се волни да вршат незаконски постапки за одредување на полот со помош на ултрасонографија, на пример, и некои беа уапсени. „Но, тие треба соодветно да се гонат“, рече тој. Досега, тоа се нема случено во голема мера.

## РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА

### Извадоци од Меѓународната конференција за население и развој

…Репродуктивното здравје… подразбира дека луѓето… имаат способност да се репродуцираат и слобода да одлучат дали, кога и колку често ќе го направат тоа. Во последниов услов имплицитни се правата на мажите и жените да бидат информирани и да имаат пристап до безбедни, ефективни, финансиски достапни и прифатливи методи на планирање на семејството по свој избор, како и други методи по нивни избор за регулирање на фертилноста коишто не се противзаконски, и право на пристап до соодветни услуги на здравствена заштита што ќе им овозможат на жените безбедно да минат низ бременоста и породувањето, а на двојките ќе им дадат најдобра шанса за здраво дете. …Репродуктивните права се испреплетуваат со одредени човекови права… Овие права почиваат врз признавањето на основното право на сите двојки и поединци слободно и одговорно да одлучат за бројот, растојанието и времето на своите деца и да имаат информации и средства за тоа.

### Големи семејства како социјално осигурување

Во Мозамбик, особено на руралниот север, децата претставуваат богатство. Повеќе деца значат повеќе помош во дневните обврски и повеќе раце за работа на семејната фарма. Повеќе деца значат и поголема сигурност за родителите кога ќе остарат.

„Децата претставуваат семеен капитал“, вели Грака Само, извршен директор на Форум Мулер. „На имањето деца се гледа како на начин за стекнување моќ.“

Да се гледаат децата како богатство има смисла во земја каде што финансиското богатство е ретко. Со бруто-домашен производ по глава на жител од 440 УСД, Мозамбик е четиринаесеттата најсиромашна земја, со три четвртини од населението што живее со 1,25 долар дневно.

Околу 70 проценти од населението живеат во руралните области, а повеќето зависат од земјоделие за живот, според Рамката на Обединетите нации за развојна помош на Мозамбик за 2012-2015 година: „Екстремно ниската земјоделска продуктивност, во комбинација со високата вулнерабилност на климатските шокови, значи дека многу висок број од населението е хронично несигурен за храна, а приходот од земјоделските производи е низок и несигурен“, се наведува во рамката.

И токму во истите рурални области стапките на наталитет се највисоки, образовните нивоа најниски, предвремениот брак највообичаен, а релативно малку луѓе користат планирање на семејството.

Со сиромаштијата доаѓаат покусиот животен век и повисоките стапки на смртност кај мајките и нивните деца. „Луѓето имаат повеќе деца кога детската смртност е висока“, смета вишиот здравствен специјалист на Светската банка, Самуел Милс. „Кога детската смртност е ниска, луѓето чувствуваат помала потреба да имаат големи семејства.“

Антонио Франциско, Росимина Али и Јасфир Ибраимо од Институтот за социјално-економски студии во Мапуто велат дека „имањето премногу деца долго време било, а и денес сѐ уште е, главна форма на социјална заштита во Мозамбик“. Тие велат дека поради тоа што повеќето луѓе не можат да сметаат на владата да им обезбеди приход кога ќе остарат или кога ќе станат неспособни за работа, тие си создаваат сопствен систем за социјално осигурување со тоа што имаат деца. „Имањето деца останува главна форма на социјална заштита за поголемиот дел од населението на Мозамбик“, расправаат тие.



▲ *Градинка за ромската заедница во Скопје, во Поранешната Југословенска Република Македонија*
© VII / Антонин Краточвил

## Кога се бараат повеќе раѓања

Во Европа, од север до југ и од исток до запад, ниските стапки на наталитет - а не растот на населението - предизвикаа аларм, а некои земји донесоа стимулативни програми за поттикнување раѓање повеќе деца. Таквите политики, наречени наталистички или про-раѓање, често доаѓаат со апел до семејствата да имаат повеќе деца заради одржување на националниот економски раст. Многу жени запрашани за ова во ниско наталитетната Европа, се чини дека сметаат оти ова е необична, ако не и неприфатлива причина за додавање уште едно или две деца во семејството, дури и кога се вклучени пари и други стимулации.

Во главниот град на Поранешната Југословенска Република Македонија, Скопје, некои бројки зад новата политика про-раѓање бргу се појавуваат во разговорот со Спиро Ристовски, заменик-министер за труд и социјална политика. Тој вели, на пример, дека некои работодавачи минуваат шест до девет месеци барајќи луѓе за пополнување на работните места додека земјата се обидува да ја зајакне економијата и да ја интегрира во Европа и пошироко во светот. Земјата изле-

*Спиро Ристовски, заменик-министер за труд и социјална политика на Поранешната Југословенска Република Македонија*
© VII / Антонин Краточвил



зе релативно сиромашна од распадот на Југославија во деведесеттите

Стапката на прираст на земјата е падната на околу 1,5 деца по жена според пресметките на Обединетите нации (Владата користи бројка од 1,3 во некои извештаи), а тоа, заедно со миграцијата на младите во Западна Европа и Северна Америка во потрага по подобра работа и животен стандард го намали базенот на вработливи таленти. Нискиот наталитет преовладува низ цела Јужна и Источна Европа, вклучувајќи ја и Русија, со стапки на наталитет од 1,5 или пониски, низ целиот регион. (Исклучок е Црна Гора со 1,6.) Западноевропските стапки на наталитет, исто така, се ниски, регионално во просек со 1,6, а повисоки во Франција и Ирска со околу 2,0.

Ристовски рече дека ќе бидат потребни од пет до седум години да се утврди дали паричната стимулација за трето дете внесе разлика во подигањето на бројките на населението. Жените интервјуирани низ земјата имаа измешани чувства за планот, прашувајќи дали дополнителниот приход ќе ги покрие трошоците за подигање трето дете. (Вкупната стапка на наталитет индицира дека многу семејства сè уште немаат две деца.)

Во последните две години 5.000 семејства ја искористија програмата со парични стимулации. Мнозинството од нив се во Скопје, според бројките на Владата. Повеќе од половина од примателите на бенефицијата, 54 проценти, се етнички Албанци, кои традиционално имаа поголеми семејства; 31 процент се етнички Македонци, а речиси 10 проценти се Роми.

Аница Драговиќ, демографски експерт на Институтот за социологија при Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, рече дека има сомнежи за планот за исплата, прашувајќи дали можеби парите не одат кај луѓето што веќе планираат поголеми семејства. Жените со работа и планови за помалку деца можеби не сметаат дека финансиската стимулација е вредна во нивниот живот. Драговиќ, исто така, рече дека планот про-раѓање прави малку или не прави ништо за јакнењето на жените.

„Младите мислат дека е подобро да се имаат помалку деца“, вели една млада жена во северното село Боговиње додека им се придружуваше на постарите жени во доминантно етнички албанската муслиманска населба за да зборуваат за нивниот живот. „Економијата е лоша. Но, исто така, би сакале да имаме повеќе време за себе.“

Во околината на Боговиње, каде што економскиот раст почнува да се покажува, а наталитетот е веќе нешто под нивото на замена, жените рекоа дека сè додека ставот на мажите не се промени, од жените сè уште се очекува да ја вршат целата работа во и околу куќата, како и да се грижат за постарите, а повеќе деца само би додале уште на нивните задачи. Дури и ако жената не е обесхрабрена или не ѝ е забрането од сопругот да работи надвор од дома и да најде работа, не постојат бесплатни или субвенционирани дневни центри или градинки за нејзините претшколски деца,

вообичаена ситуација во поголемиот дел од земјата.

Средовечните жени во Боговиње, од кои некои имаат многу малку образование, исто така, бараа можности за заработка. Тие рекоа дека образованието за возрасни би било добредојдено, како и поголемото внимание врз создавање работни места за жените и економска поддршка за оние кои сакаат за започнат дејност.

Нивните помлади, сè уште немажени, колешки си го нашле патот во низа кариери, од учителствување до работење во професионални канцеларии - една е помошничка на ортодонт, другите влегле во компании - и бараат обука во приватни образовни институции заради усвојување стручни и јазични вештини за да се подготват за идниот економски развој со странски инвестиции. Во овој планински крај, како производството, така и туризмот имаат потенцијал за раст.

Во јужниот дел од земјата туризмот околу Охридското Езеро и уникатните историски локалитети во таа област помагаат да се одржат локалните економии во градовите Струга и Охрид и во селата и фармите во околината. Иако невработеноста сè уште е проблем, а платите за работничките паѓаат под оние на работниците, младите жени наоѓаат работа во угостителскиот сектор.

Претставнички на разни активни женски групи и жени на професионални работни места кои се собраа во Струга да зборуваат за својот живот и интереси не се согласија со вредноста на владиниот план со бенефиции за трето дете, некои велејќи дека тој додава „не безначајна" сума на семејниот приход, а други расправајќи дека во градовите каде што жените го одлагаат бракот и каде што стапките на развод растат, потребни се повеќе обуки за квалификација и поддршка за женското претприемништво. Во Министерството за труд и социјална политика Ристовски рече дека економското јакнење на жените е во развојните планови и програми на централната Влада.

Од Државниот завод за статистика, Благица Новковска, директор, рече дека повеќе жени наоѓаат работа во приватниот сектор, менувајќи го традиционалниот модел на женско вработување, кога 80 проценти од работните жени беа на државна работа. И студентките раскинуваат со традицијата запишувајќи се на технолошко-научните универзитетски студии наместо на општествените науки, и земајќи курсеви за менаџмент на приватните бизнис-школи, рече Новковска. Нејзиниот Завод го проучува овој тренд и очекува да објави повеќе податоци во наредните години. Прашањата остануваат дали давањето повеќе кариерни можности на жените ќе ги поништи напорите за убедување на жените да имаат повеќе деца или дали тие зајакнати жени ќе пополнат многу испразнети места - поскоро отколку оние деца кои ќе бидат родени поради стимулацијата за раѓање.

▼ *Во селото Боговиње, Поранешна Југословенска Република Македонија, група жени разговараат за потребата од економска поддршка за започнување дејност*
© VII / Антонин Краточвил



## Олеснето формирање семејство

Во Финска обезбедувањето дневна грижа за децата во сите општини ја направи одлуката да се имаат деца многу полесна за работните жени и двојките кога и двајцата партнери имаат кариера. Стапката на наталитет во Финска е под нивото на замена од 2,1 раѓања од седумдесеттите. Кон крајот на минатиот век порасна загриженоста дека земјата, каде што нивоата на имиграција се ниски, ќе има сериозен недостиг на работна сила.

Пека Мартикаинен од Универзитетот во Хелсинки вели дека великодушните социјални политики, сепак, не се осмислени за поттикнување на наталитетот, туку за поддршка на семејствата на многу начини, за тие да може да направат сопствен избор без да се плашат од сериозни економски последици. „Финските жени, во голема мера, остануваат на пазарот на трудот", рече тој. „Учеството на жените е речиси исто толку високо како и на мажите. Има само мал пад во женското учество на одредена возраст, и тој обично се однесува на жените кои остануваат дома со мали деца. Во Финска вообичаено жените остануваат дома до крајот на периодот на доење."

За работните жени во Финска, особено во урбаните области, бенефициите за деца се и великодушни, и се сметаат за законски права. Во Хелсинки, на пример, ова вклучува безусловно право на дневна грижа за сите деца пет часа на ден и обезбедување целодневна, целовечерна, викенд и дваесет и четиричасовна грижа за уплата заснована врз приходот на клиентот, но која не надминува 254 евра (околу 366 долари) месечно. Оброците се обезбедуваат во сите планови што ќе ги изберат родителите. Родителите на децата под 3 години кои не се згрижени во општината добиваат семеен додаток, што во Хелсинки се движи помеѓу 448 евра (645 долари) и 746 евра (1.075 долари) месечно. И приватната дневна грижа обезбедена од давател кој не е роднина се субвенционира.

Општинските дневни центри се со сосема доволно персонал, нивелиран според возраста на децата згрижени кај секој вработен, со еден негувател за секои две деца на возраст под една година, па сѐ до еден вработен на 13 деца од предучилишна возраст. Бидејќи бројот на нефински деца на имигранти полека се качува, Хелсинки ги обучува наставниците за мултикултурни прашања и овозможува настава по фински како втор јазик во дневните центри. Специјални часови се резервирани за децата со физички хендикеп или тешкотии при учењето.

Сите мајки имаат право на 105 платени денови породилно отсуство во Финска, и право да се вратат на својата работа или на слична, на истото ниво. Бремените жени добиваат парична бенефиција од 140 € (201 $) или мајчински комплет со предмети за детска грижа, за да се подготват за породувањето и потребите на детето потоа. Кога ќе заврши породилното отсуство, владата плаќа родителски додаток 158 дена за кој било родител, пресметан врз индивидуалните потреби и средства. Татковците добиваат 18 дена татковско отсуство, што кога ќе се додаде на дванаесетте дена породилно отсуство за татковците го сочинува додатокот за она што Финците го нарекуваат „месец на тато".

Сето ова, иако веројатно игра улога во неодамнешниот раст на наталитетот поради атмосферата на поддршка на која може да смета откажаниот иден родител, не доведува неопходно до поголеми семејства, што е вообичаена ситуација во повеќето европски земји.

Анели Миетинен, истражувач на плодноста и неплодноста во Ваестолито, Федерацијата за семејство на Финска, не е толку загрижена за стапките на наталитет, колку за доцните раѓања. „Треба да имаме стабилна популација", смета таа. „Треба да

имаме по две деца на семејство и речиси сме таму со стапка на наталитет од 1,85.“

„Но, постојат неколку проблеми“, рече таа. „Еден е тој што просечната возраст на која жените го добиваат своето прво дете се качува. Во моментов таа е околу 28, 29 години, а ако погледнете во областа околу главниот град, таа е околу 30 години. Жените веќе не се млади кога основаат или кога размислуваат да основаат семејство. Мислам дека не сфаќаме оти ова на крајот значи дека многу од младите полнолетнички кои избираат да го одложат раѓањето деца завршуваат со проблеми на неплодност.“

„До 35 година вашата биолошка возраст станува малку престара во смисла на плодноста“, вели Миетинен. „Понекогаш тие велат „Па, го имам сето време и не морам навистина да мислам за тие работи. Морам да го завршам образованието и да најдам постојана работа, а и добар татко пред да почнам да размислувам за основање семејство.“.

Една анкета на финските жени во седумдесеттите откри дека тие мислат дека 37 години се најстарата возраст на која треба да имаат деца. Сега жените не сакаат да поставуваат старосно ограничување. „Сега луѓето *почнуваат* да имаат деца на возраст од 37 години“, вели Миетинен. „Тоа целосно ја смени сликата.“

Неплодноста може да се зголеми во иднина поради ваквите одлуки, рече таа. На жените над 35 веќе им е потешко да зачнат. Повеќе жени се вртат кон ин витро фертилизацијата. „Немаме старосна граница запишана во закон“, рече Миетинен. На докторите им се препушта да одлучат дали жената е способна или дали нема да има здравствени проблеми за мајката или за детето. Мислам дека ова премногу се потпира врз етичките размисли на докторите. Кога докторот мора да одлучи дали 45-годишна жена е престара за лекување со ИВФ [ин витро фертилизација], тоа навистина е преголем товар за докторот.“



*Катарина Сорса, пастор во Лутеранската црква, го очекува своето второ дете преку ин-витро фертилизација*
© УНФПА / Сами Салинен

Катарина Сорса е 36-годишна лутеранска пасторка, која ги искористи државните здравствени служби при успешните искуства со ин витро фертилизацијата. Нејзиното прво дете, машко, Марти, беше родено во 2008 година, кога имаше 34 години; нејзиниот втор син, Јане, беше роден во јуни 2011 година. Сорса и нејзиниот сопруг се во брак уште од времето на студиите, но не откриле дека не можат да имаат деца сè до своите триесетти години.

Размислувале за посвојување, но се решиле против. Вештачката инсеминација не била успешна. Па, се обратиле за помош до нејзиниот доктор во јавната здравствена служба на регионот каде што живеат, северно од Хелсинки. Двете успешни имплантирања биле извршени во локалната јавна болница, со мал трошок за нив. Сорса рече дека потрошиле само неколку стотици евра свои пари за разните трошоци и лекови кои ги придружуваат ваквите постапки и породувања; приватна болница ќе чинела илјадници евра. „За мене и мојот сопруг сè помина добро“, рече таа.

Како пастор Сорса гледа повеќе бебиња што се носат в црква за крштевка, и општо, сретнува повеќе деца родени од 2006 или 2007 година наваму, не само на брачни двојки, туку и на невенчани партнери и самохрани мајки. Не постојат општествени пречки за лекувањето на неплодноста во Финска.

## Неплодност меѓу сиромашните

Во земјите во развој неплодноста често е превидена тага, занемарена кога прашањата од планирањето на семејството и контрацепцијата добиваат повисок приоритет, или кога жените кои немаат деца се отпишани како неуспешни човечки суштества. Нивните проблеми не смеат да бидат дел од достапната заштита на репродуктивното здравје. Во декември 2010 година Светската здравствена организација, СЗО, објави документ, Мајка или ништо: агонијата на неплодноста, во којшто се велеше дека неспособноста за раѓање има бројни причини, меѓу кои ектопични бремености, генитална туберкулоза, тубални оклузии од инфекции на репродуктивниот тракт, небезбедни абортуси и сексуално преносливи инфекции.

Експертите на Светската здравствена организација велат дека иако на машката неплодност отпаѓаат повеќе од половина од неуспешните обиди на двојките да зачнат, жените несразмерно се обвинуваат. Жените можат да бидат разведени против своја волја или жигосани и исклучени од заедницата. Иако неплодноста е глобална, Африка препозна дека „појасот на неплодност" се протега од исток на запад, од Танзанија до Габон, се вели во документот. Често, хируршките интервенции можат да ѝ помогнат на жената, но ин витро фертилизацијата што се практикува во Финска многу често е прескапа за кое било семејство да ја употреби или давател на услуги да ја понуди.

Според документот на Светската здравствена организација Египет и Индија воспоставија пионерски програми за лекување на неплодноста и изнаоѓање начини за намалување на трошоците. Во Каиро, Гамал Сеоур од Универзитетот Ал Азхар вели дека сиромашните жени треба, исто така, да имаат право на лекување на неплодноста. „Демографските студии од СЗО покажаа дека има повеќе од 186 милиони жени на репродуктивна возраст во нискодоходовните земји (исклучувајќи ја Кина) кои се неплодни", вели тој. „Неплодноста е болест што придонесува кон глобалното оптоварување со болести, вклучува родово страдање и треба да се олесни со сите средства, бидејќи нејзината превенција и лекување се репродуктивно право." Згора на тоа, рече тој, програмите за планирање на семејството што ги поттикнуваат двојки-

### ФЕРТИЛИТЕТ 1950-2010 (БРОЈ НА ДЕЦА ПО ЖЕНА)




1. Поради статистички причини, податоците за Кина не ги вклучуваат Хонг Конг и Макао, посебни административни региони на Кина.
2. Вклучувајќи ги островите Аланд.
3. Поранешната Југословенска Република Македонија

*Извор: Обединети нации, одделение за економско-социјални работи, оддел за население. Перспективите за светското население: преглед од 2010 година.*

## ДОЛГОРОЧНИТЕ ЕФЕКТИ ОД ВИСОКИОТ НАТАЛИТЕТ ВРЗ РАСТОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО АФРИКА

Земјите од африканскиот континент, од северниот регион што граничи со Медитеранот преку Сахара и Супсахарските држави до јужниот врв на ´Ртот Добра Надеж, се многу разновидна група и воопшто не ги опфаќа никаква општост. Заедно, на Африка отпаѓаат приближно 15 проценти од населението во светот во моментов

Кога демографите почнуваа да ги анализираат статистиките собрани во Перспективи на светското население: ревизија од 2010 година, што беа објавени во април 2011 година, Томас Буетнер, помошник-директор на Одделот за население при Одделението за економско-социјални работи, го кажа следново на состанокот на Комисијата за население и развој:

„Што би се случило на долг рок доколку денешните нивоа на наталитет и морталитет останат непроменети на ниво на земјите? Таквото сценарио продуцира светско население од 3,5 трилиони луѓе во 2300 година, број премногу голем да се прикаже на графикон што покажува други сценарија и толку крајно невозможен што посочува дека сегашните нивоа на наталитет и морталитет не се одржливи. Разгледувајќи ги деталèно резултатите, откриваме дека високиот наталитет на земјите во Африка, ако се одржи во текот на 300 години, доведува до население од 3,1 трилион само за тој континент во 2300 година.".

Годината 2300 е предалеку за да ја замислат повеќето луѓе, но годините 2050 или 2100 се доста во рамките на внуците или правнуците на многу луѓе кои се живи денес. Жозеф Шами, поранешен директор на Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи, а сега директор за истражување во Центарот за миграциски студии во Њујорк, неодамна ги анализираше најновите проекции и пишуваше за тоа како Африка, а особено Нигерија, највероојатно ќе го извитоперат идниот глобален раст. (Тој, исто така, забележува дека ако Индија, којашто цели кон стабилизирање на населението до 2045 година, не ги намали стапките на наталитет, нејзиното сегашно население од 1,2 милијарди би можело да се искачи на 2 милијарди до 2050 година.)

„Ако африканските стапки на наталитет останат непроменети во текот на наредните децении, населението на континентот би пораснало екстремно бргу, достигнувајќи 3 милијарди до 2050 година, и неверојатни 15 милијарди до 2100 година, или околу 15 пати повеќе од сегашното население во Африка", напиша Шами во Глобалист, он-лајн списание публикувано од Вашингтонскиот глобалистичко-истражувачки центар, во јуни 2011 година. „Глобално, сега се чини веројатно дека Африка ќе биде последниот континент што напредува низ демографска транзиција, односно, напредување од високи кон ниски стапки на прираст и смртност."

те да ги одложат, да ги задоцнат или да ги распоредат на поголемо растојание бременостите „треба да се уверат дека ним ќе им се помогне да остварат бременост доколку така одлучат подоцна. Планирањето на семејството не значи само контрацепција. Тоа е и планирање да се има семејство."

### Моќ за информиран избор

Искуствата на Египет, Индија и Мозамбик покажуваат дека не постојат лесни објаснувања за високиот наталитет и не постои само еден начин жените да ги добијат информациите, инструментите и слободите што им се потребни за слободно да одлучуваат за времето и распоредувањето на бременостите.

Искуствата на Финска и на Поранешната Југословенска Република Македонија покажуваат дека патот кон повисоки стапки на наталитет е комплексен на сличен начин.

Без оглед дали целта е да им се олесни на двојките да имаат помалку или повеќе деца, владите мора да ги засноваат своите акции врз принципите на слободен избор и јакнење, како што се договорија нациите од светот на Меѓународната конференција за население и развој.

Истражувањата во последниве две децении повторно покажаа дека кога жените се здрави, образовани и кога имаат пристап до интегрирани услуги од сексуалното и репродуктивното здравје, вклучувајќи



Во градската болница во Ксиалианг, Кина, жена го подготвува детето за вакцинирање
© УНФПА / Гуо Тиелиу

и планирање на семејството, стапките на наталитет и просечна големина на семејството се намалуваат.

„Кластерското истражување со повеќе индикатори“ спроведено во 2008 година од мозамбичкиот Национален институт за статистика, на пример, покажа дека употребата на контрацепција во таа земја силно се поврзува со степенот на образование и богатство на жената. Контрацептивни средства користат само околу 12 проценти од жените кои никогаш не оделе на училиште, додека нив ги користат 37 проценти од жените кои имаат барем средно образование. Жените кои ги користат услугите на планирање на семејството имаат поголема контрола врз бројот, времето и распоредувањето на бременостите.

А.Р. Нанда, поранешниот индискиот секретар за здравство и семејна социјала, вели дека во деловите од земјата што го нагласиле јакнењето на девојките и жените, стапките на наталитет паѓаат. Јужната индиска држава Керала е едно такво место кое достигна нивоа на наталитет и развој споредливи со оние во побогатите земји преку родово сензитивни политики што вклучуваат долго утврдено и речиси универзално образование за девојчињата и лесен пристап до здравствена заштита. Искуството на Керала, расправа Нанда, покажува дека се можни крупни падови во наталитетот без притисок од државата врз жените да имаат помалку деца. Образованието за девојчињата, исто така, се гледа како централно во напорите на Мозамбик да ги намали стапките на наталитет во иднина: Леонардо Шаван од Министерството за здравство вели дека првостепена задача е да се образуваат жените. „На жените им треба образование за да завладеат со својата ситуација“, вели тој.

Во Кина некои демографи велат дека ниските стапки на наталитет таму не се неопходно резултат од актуелната политика на земјата за планирање на семејството што ги ограничува повеќето двојки само на едно дете. Наместо тоа, тие поголемиот дел од падот на наталитетот го припишуваат на економско-социјалниот развој, којшто, велат тие, го намалуваше наталитетот дури и пред да биде реализирана актуелната политика за планирање на семејството. А, ако политиката одеднаш се релаксира или се повлече, велат тие, повеќето семејства не би побрзале да имаат повеќе деца отколку што може да си дозволат, бидејќи ги осознаа вредностите и придобивките од помалку деца за семејната економија и за самите деца. Некои источноазиски и југоисточноазиски соседи на Кина достигнаа ниски нивоа на наталитет без политиките да го ограничуваат бројот на децата што може да ги има едно семејство. Исто така, познато е дека стапката на наталитет во тајванската провинција на Кина падна под стапката на матичното копно без ограничувања за големината на семејството. Според Упатното биро за население во

Њујорк, во провинцијата Тајван, стапката на наталитет во Кина од 0,9 деца се смета за најниска во светот, иако новите бројки од кинескиот попис во 2010 година покажуваат дека наталитетот во градското подрачје на Шангај сега е спуштен на 0,8.

Република Кореја, којашто во голема мера го намали растот на населението без рестриктивни политики, исто така, се смета за успешна приказна во намалувањето на изборот на полот и родовиот јаз меѓу младите. Експанзивната економија со повеќе работни места за жените, движењето од руралните области во градовите, ефективните прописи против избор на полот, законите што ги зацврстуваат правата на жените во брак и мултимедиумската кампања „Сакај си ја ќерката“ се искомбинираа за да ги подобрат родовите коефициенти за помалку од една деценија.

## МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИЕ И РАЗВОЈ (ИЦПД) И МИЛЕНИУМСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

Шест години по пробивот на Меѓународната конференција за население и развој, ИЦПД, во Каиро, државите-членки на состанокот на Обединетите нации во Њујорк усвоија Милениумска декларација и осум амбициозни и сеопфатни упатства за намалување на сиромаштијата, болестите, уништувањето на животната средина и социјално-економските нееднаквости до 2015. Овие Милениумски развојни цели, и конкретните цели и индикатори за нивно мерење кои беа додадени подоцна, им дадоа на Обединетите нации скор-картичка за следење на напредокот.

Деведесеттите беа исполнета деценија за Обединетите нации, коишто одржаа важни меѓународни конференции за животна средина во Рио де Жанеиро во 1992 година; за човекови права во Виена во 1993 година; за население и развој во Каиро и за напредокот на жените во Пекинг во 1995 година. Декларациите и плановите за акција од сите овие конференции придонесоа кон пишувањето на Милениумската декларација и Милениумските развојни цели. Но, бидејќи светот сè повеќе стануваше свесен за централната улога што жените треба да ја одиграат во сите аспекти на развојот доколку се сака да се надмине сиромаштијата во нејзините многу димензии, Програмата за акција на ИЦПД ја понуди можеби најдобрата надеж за напредок. Животот и правата на жените - половина од светското население - ги допираат сите цели: искоренување на сиромаштијата, постигнување универзално основно образование, промовирање родова еднаквост, намалување на детската смртност, подобрување на здравјето на мајките, борба против ХИВ/СИДА, маларија и други болести, обезбедување одржливост на животната средина и создавање глобални партнерства за развој.

Ниедна од овие цели не може да се постигне без поголем напредок во промовирањето на женското репродуктивно здравје и заштитата на здравјето на мајката и новороденчето. Но, од сите Милениумски развојни цели, петтата - за подобрување на мајчиното здравје - има направено најмал напредок. Таа е најнефинансираната од целите поврзани со здравјето. Во 2007 година светските лидери додадоа втора посебна цел под Милениумската развојна цел 5: универзален пристап до репродуктивно здравје.

Водејќи го глобалниот самит за Милениумските развојни цели во септември 2010 година, Генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки Мун и шефовите на држави и влади, заедно со приватниот сектор, фондациите, меѓународните организации, граѓанскиот сектор и истражувачките организации, отпочнаа усогласен напор низ целиот свет за спасување на животот на повеќе од 16 милиони жени и деца. На специјалниот настан на Обединетите нации за лансирање на Глобалната стратегија за женско и детско здравје, чинителите заложија над 40 милијарди долари во средства за женското и детското здравје. „Знаеме што функционира за спасување женски и детски животи и знаеме дека жените и децата се пресудни за сите Милениумски развојни цели“, рече Генералниот секретар.

Иако младинските прашања не се вклучени во осумте Милениумски развојни цели, тие имаат потенцијал да ги остварат, особено целта 1, за намалување на сиромаштијата, рече Самуел Киси, младински активист од Гана, говорејќи на младинскиот настан за време на Самитот за ревизија на милениумскиот развој во 2010 година. „Ние сме 1,8 милијарди и сме подготвени да се вклучиме“, рече Киси. „Ние не сме само ресурси, ние сме партнери и сме подготвени да дадеме значаен придонес кон Милениумските развојни цели.“



ГЛАВА 5

# Одлука за преселба: моќта и ефектот на миграцијата

Во живописното планинско село Ростуше во Поранешната Југословенска Република Македонија тмурноста на сивиот зимски ден се одразуваше на лицата на жените кои зборуваа за тоа како миграцијата го одзела срцето и духот на нивната заедница. Миграцијата не е нова појава во ова село, рекоа тие. Младите мажи одат на работа во странство уште од шеесеттите, во Турција, а потоа подоцна во Западна Европа и Северна Америка.

Тие периодично одат и се враќаат за да минат извесно време со своите семејства.

Она што од скоро се случува, рекоа жителите на Ростуше, е дека сега и младите жени и деца ги нема. Придружувајќи им се на мажите или сами барајќи работа, жените и нивните семејства почнуваат нов живот во новите земји. Големите куќи и брвнари што ги изградиле стојат празни речиси цела година, освен неколку недели до еден месец во годината, кога семејствата се враќаат за летниот одмор.

Санида Исмаили, наставничка во селското училиште, рече дека речиси и да нема деца во Ростуше сега - само три во едно од нејзините одделенија, а ниедно во другите училници. Возраста на популацијата од околу 8.500 луѓе во местото се движи од околу 45 до 90 години, рекоа жените. Здравствениот систем повеќе не нуди многу гинеколошка заштита; нема многу потреба од акушер. Не постојат посебни установи за постарите лица. „Опстануваме сами со пријателите“, рече една жителка.

Економската пропаст која следеше по распадот на Југославија во деведесеттите на нови држави, од кои Поранешната Југословенска Република Македонија излезе како најсиромашна, го забрза празнењето на местото од неговите млади луѓе. Фабриките се затворија, заедно со познатата текстилна фабрика која некогаш вработуваше жени. Напорите за наоѓање алтернативни приходи за местото пропаднаа. Постои некаков потенцијал за ограничен планински туризам во Ростуше, со своето минаре со сјаен бакарен покрив кое се надвишува над старите куќи на ридестите улици наспроти пошумените ридови. Но, нема инвестиции за негово развивање. Неколку жители изработиле план за понуда на флаширана изворска вода, но владата не понудила помош, ниту пак можело да се најде приватна инвестиција за тоа.

*Пристигнувања и заминувања на централната железничка станица во Хелсинки, Финска*
© УНФПА / Сами Салинен

„Социјализмот останува“, рече некој. „Крајот на државните претпријатија, затворањето на фабриките, не беа заменети со создавање работни места во приватниот сектор.“

Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи процени дека во денешниот свет од 7 милијарди, најмалку 214 милиони живеат надвор од земјата на раѓање; непознат број се селат од место во место во рамките на својата држава. Во Кина бројките објавени од пописот во 2010 година покажуваат дека повеќе од 260 милиони луѓе, главно жители на руралните краеви, живеат надвор од адресата на пријавеното домаќинство, до 81 процент во една деценија, рече Ма Цијантанг, директор на Националното биро за статистика, зборувајќи на една конференција за новинари во април 2011 година.

Меѓународната организација за миграција, ИОМ, меѓудржавно тело од 132 држави и 17 земји-набљудувачи, ја нарекува меѓународната имиграција „едно од дефинирачките глобални прашања на почетокот на 21 век“. Импулсот за селење, потпомогнат со интерконтиненталниот сообраќај и поголемите сознанија за светот преку масовните медиуми и социјалното вмрежување, доведе до подобар живот за многумина.

Обединетите нации го дефинираат мигрантот како некој кој живее во странска земја повеќе од една година без оглед на причините - било доброволни или недоброволни - или на употребените средства - законски или поинакви. Луѓето кои живеат во друга земја без одобрение или документи се сметаат за „нерегуларни мигранти“, додека оние што биле прокриумчарени или тргувани од една во друга земја, се сметаат за „нелегални мигранти.“

Кина и Индија, двете најнаселени држави во светот, доживуваат и емиграција и имиграција. Повеќето мигранти кои доаѓаат во Индија се од соседните Бангладеш и Непал. Се проценува дека 5 милиони Непалци работат во Индија. Но, сите имигранти во Индија од која било земја, заедно учествуваат само со 0,4 проценти од вкупното население. Миграцијата кон надвор е позначајна, со официјална индиска проценка од повеќе од 24 милиони „нерезидентни Индијци“ и „лица со индиско потекло“ - термини на Владата за луѓе во нејзината дијаспора кои го имаат, соодветно, задржано своето државјанство или се државјани на други земји. Кинеската дијаспора, како и индиската, резултат на вековна миграција, се проценува на 35 милиони.



*Граѓански лидери и активисти во Ростуше, Поранешна Југословенска Република Македонија*
© VII/ Антонин Краточвил

## Мерење на можностите

Одлуката да се напушти домот може да зависи од тоа дали ќе има пријатели, семејства или сонародници да ве пречекаат на дестинацијата. Понекогаш одлуката

зависи од можностите за вработување, домување или високо образование кои се достапни кога ќе стигнете таму. Многу потенцијални мигранти се потпираат врз меѓународните мрежи за добивање информации кои ќе им помогнат во одлуката да се преселат или да останат.

Во Мексико службените лица забележале дека калкулациите за тоа дали да се ризикува или да не се ризикува со селење во САД се засноваат делумно врз информациите што потенцијалните мигранти ги добиваат од пријателите и роднините за работните и други можности од другата страна на границата.

„Кога реалниот БДП по глава на жител во САД забавува, постои многу брза реакција на миграциските текови", вели Феликс Велез, генерален секретар на Националниот совет за население, владино тело познато како КОНАПО. „Дел од тоа е поврзано со врските меѓу Мексиканците кои живеат во Мексико и Мексиканците кои живеат во САД. Има многу информации. Па, кога можноста за наоѓање работа во САД речиси не постои, луѓето решаваат да не одат."

Но, и други фактори ја засегнаа мексиканската миграција во САД, каде што службените лица и застапниците на мигрантите проценуваат дека има 11 до 12 милиони недокументирани странци кои живеат таму, повеќето од Мексико. „Сега кога луѓето во Мексико не се веќе толку млади, тоа ја намалува веројатноста за миграција, затоа што главниот феномен се случува на возраст меѓу 15 и 29 години", рече Велез. „Па, дури и кога американската економија ќе закрепне, а граничните контроли нема да бидат толку високи, дури и во тоа сценарио, моето предвидување за иднината би било пониско."

Освен тоа „Мексиканците стануваат побогати", вели тој. „Во пописот гледате дека бројот на богати Мексиканци - со автомобили, компјутери, машини за перење - драматично се зголемил, и дека тоа е поврзано со ниската инфлација и ниските каматни стапки. За првпат од времето на шеесеттите имаме доста подолг период на макроекономска стабилност. Кредит се добива полесно од кога било претходно. Освен сето тоа, рече Велез, ризиците од преминување на северната мексиканска граница со САД, каде што високите стапки на криминал поврзани со криумчарење наркотици, и кампањата на мексиканската Влада против трговците оставија многу жртви зад себе. „Златните години на миграција во САД се завршени", потврдува Велез.



*Феликс Велез, генерален секретар на Националниот совет за население, Мексико Сити*
© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола

Во Финска, каде што мигрантите од Русија и од балтичките држави се населувале со години, сега африканските имигранти пристигнуваат во поголем, иако сè уште многу мал број. Чувствувајќи се поизолирани од европските имигранти, тие градат сопствени мрежи со помош на невладините организации и понекогаш, со помош на државните социјални служби. Федерацијата за семејство на финскиот мултикултурен центар, којашто одржува линија за помош на неколку јазици, проценува дека 11.000 до 12.000 Сомалијци, од



Шемен Сунамо (десно) и Абрхам Тамрат (лево) зборуваат за животот во транзитниот центар на ИОМ во Адис Абеба, Етиопија
© УНФПА / Антонио Фјоренте

кои многумина пристигнале како баратели на азил и подоцна ги довеле членовите на семејството, се населуваат во земјата над 20 години.

## Заминување, и покрај ризиците

Во Африка, транзитниот центар во Адис Абеба, етиопскиот главен град, е привремено засолниште за младите мажи и жени, од кои многумина сè уште се девојки и момчиња во своите тинејџерски години, кои се обиделе и не успеале да избегаат од сиромаштијата преку напорен и опасен пат по копно и море до Саудиска Арабија, нивната визија за земјата на можностите. Повеќето од нив се во засолниште, каде што ги хранат и им се дава здравствена заштита додека чекаат УНИЦЕФ повторно да ги поврзе со етиопските семејства, а биле најдени во Јемен и репатрирани со помош на ИОМ. Тие го делат транзитниот центар со Сомалијците, кои избегале од својата опустошена земја

Додека ручекот од шпагети се готвеше во заднината, Шемен Сунамо, етиопски тинејџер, ја раскажуваше приказната за тоа што сè морал да претрпи за да стигне до Саудиска Арабија, каде што, како што слушнал, имало работа како овчар или аргат за наводнување на посевите. Ова патување го започнал со повеќе од едно-неделно пешачење по копно до брегот на Џибути, во Аденскиот Залив, со живеење на каша од сорго брашно и вода, и ноќе спиејќи незаштитен на земја. Оттаму бил качен на брод за Јемен, а потоа патувал по копно до Саудиска Арабија. По три месеци бил фатен од саудиската полиција и присилен да се врати во Јемен. Таму нашол канцеларија на ИОМ и побарал помош.

На некој начин поголема трагедија за него беше тоа каква загуба овој несреќен обид за миграција му предизвика на неговото семејство. На Шемен, чиј дом е Силтеа, на југот од Етиопија, му требаа 5.500 бири (околу 326 долари) да му плати на криумчар за да го направи ова макотрпно патување. Неговите родители, кои биле против потфатот од почетокот, одбиле да му помогнат или немале средства за тоа. Но, постариот брат, знаејќи колкава надеж Шемен вложил во својот сон, си ги продал воловите за да ги собере парите.

Во тој момент на приказната Шемен ја закопува главата во рацете и не може да продолжи. Волот е главна капитална инвестиција за етиопскиот земјоделец, и Шемен е исполнет со болка и засрамен од она што неговата будалеста надеж го чинеше брат му. Запрашан дали ќе направи уште еден обид да ја напушти Етиопија, тој ја крева главата и пркосно вели „Никогаш!“.

Веднаш до него седи Абрахам Тамрат, уште едно момче вратено од неуспешен обид да стигне до Саудиска Арабија, или каде било кај што се нуди добар живот, а тој можеби пак ќе се обиде. Тој малку се шепури, велејќи „Не сакам да работам во Етиопија; барам повеќе од животот.“. Слушнал за други момчиња и млади мажи кои собираат 15.000 бири (околу 890 долари) за да бидат криумчарени сѐ до Јужна Африка. Некои од нив потоа се криумчарат до Мексико и Централна Америка со ветување дека ќе стигнат до САД, известуваат групите за помош на имигранти кои работат на границата меѓу САД и Мексико.

Во Етиопија некои девојки и млади жени, исто така, се коцкаат со меѓународната миграција, за да најдат работа во далечни места. Други си ја пробуваат среќата напуштајќи го домот за други делови од земјата, понекогаш за да избегнат брак што им го договориле родителите. Еден државен центар во Адис Абеба, којшто добива поддршка од УНФПА, им понуди неформално образование по математика, англиски, репродуктивно здравје и животни вештини на стотици девојки кои избегале од дома за да избегнат предвремен брак. Една од нив, Мулу, имала само 12 години кога избегала откако една сосетка ѝ кажала дека родителите ѝ нашле маж и ја планираат нејзината свадба.

Три години таа работи како домашна слугинка и не се жали на животот, затоа што работодавачот ѝ дозволува да минува време во центарот, којшто е близу до главната автобуска станица во градот, каде што пристигнуваат многу девојки не знаејќи што понатаму да прават. Дневницата за домашни слугинки како Мулу е ниска според кој било стандард. Една девојка, со име Вуде (23), заработува еквивалент од околу 3 долари месечно.

Друга млада жена раскажа како украла овца од семејното стадо за да му плати на еден водич да ја одведе до Адис Абеба од нејзиниот дом на југот, а патем морала да се спротивставува на неговите сексуални вознемирувања. Била најдена на улица близу до автобуската станица во главниот град, плачејќи затоа што не можела да ги најде роднините, кои знаела дека се некаде во раширениот град. Кога конечно ги нашла, ја натерале да работи во нивната куќа долги часови и без плата. Само една случајна средба в црква со жена која ѝ понудила

## МЕЃУНАРОДНА МИГРАЦИЈА

**Меѓународна мигрантна популација, 2010 година**

| | |
|---|---|
| Европа | 69,8 милиони |
| Азија | 61,3 милиони |
| Северна Америка | 50,0 милиони |
| Африка | 19,3 милиони |
| Латинска Америка | 7,5 милиони |
| Океанија | 6,0 милиони |

**Земји-домаќини на најголем број меѓународни мигранти во 2010 г.**

| | |
|---|---|
| Соединети Држави | 42,8 милиони |
| Руска Федерација | 12,3 милиони |
| Германија | 10,8 милиони |
| Саудиска Арабија | 7,3 милиони |
| Канада | 7,2 милиони |

**Главни 3 земји што испраќаат мигранти и проценета дијаспора во милиони**

| | |
|---|---|
| Кина | 35,0 милиони |
| Индија | 20,0 милиони |
| Филипини | 7,0 милиони |

*Извор: Оддел за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи*

подобра работа ѝ го подобрила животот, иако само маргинално

## Ранливост на криумчари и трговци со луѓе

На Универзитетот во Адис Абеба демографот Асефа Хајлемаријам, коуредник на новата книга *Демографската транзиција и развој во Африка: уникатниот случај на Етиопија,* рече дека за момчињата, недостигот од земја за поделба меѓу синовите може да доведе до нивна миграција. Сличен проблем им врши притисок на семејствата да најдат релативно добростоечки сопрузи за своите ќерки. Миграциските службеници велат дека кога на миграцијата се гледа како на единствена опција, членовите на семејството може да им се обратат на криумчарите за помош или се намамени од трговците со луѓе.

Сасу Нина Тесфамаријам, која води засолништа за постари жени во Адис Абеба, исто така им дава засолниште на девојки кои биле криумчарени надвор од земјата и вратени, без скршена пара, во Етиопија. Младите жени бараат работа како куќни помошнички, главно во Саудиска Арабија, но и во Јемен, Дубаи, Кувајт и Сирија, рече Сасу Нина. Многу од нив



*Демографот Асефа Хајлемариам, од Универзитетот во Адис Абеба*
© УНФПА / Антонио Фјоренте

биваат фатени и депортирани од земјите каде што работат, и може да немаат каде да одат кога ќе се вратат во Етиопија.

Сасу Нина ја претстави Халима, многу срамежлива 19-годишна девојка под нејзина грижа. За разлика од многу млади жени кои биле криумчарени во други земји, преминот на Халима во Дубаи бил законски договорен од страна на роднина; таа патувала со валиден пасош. Но, како слугинка во семејство во Дубаи, таа рутински била злоупотребувана, никогаш не ѝ било платено и била практично затвореничка во домот на својот работодавач, рече таа. Бидејќи ѝ било забрането да го користи телефонот, не можела да допре до семејството или до некој друг за да им каже за својата ужасна ситуација.

По речиси три години, додека правела планови да си замине, работодавачот ја турнал од балкон на третиот кат, рече таа. Имала неколку скршеници на вилицата, а лицето ѝ било страшно изобличено (најлошите делови ги крие со рацете додека зборува). Судот во Дубаи ја испратил назад во Етиопија, каде што една братучетка ја одвела во болница што ја водат Кореанци во Адис Абеба. Пластичните хирурзи таму почнале да ѝ ги лекуваат повредите. Нејзиниот случај добил висок приоритет по една случајна средба во болницата со Ју Сун Таек, сопругата на генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки Мун, кога двојката била во официјална посета на Етиопија.

Застапниците на мигрантите велат дека е тешко да се утврди точно колку Етиопјани ја напуштаат земјата за да работат во странство, бидејќи многумина заминуваат без документи или без знаење на службените лица. Етиопските вести, цитирајќи го портпаролот на Министерството за труд и социјални работи, на почетокот на 2011 година известија дека постојат 78 агенции за вработување лиценцирани да испраќаат работници-мигранти во Џибути, Кувајт и Саудиска Арабија, и дека од септември 2009

година повеќе од 26.000 луѓе легално ја напуштиле Етиопија за работа во странство.

Прекуграничниот транспорт на имигранти од страна на криумчарите и трговците е обемен, жален одраз на тоа колку доходовен стана овој криминален потфат. А, се случува низ целиот свет. Илјадници жени од Нигерија и другите западноафрикански земји, на пример, секоја година се експлоатираат од криумчарите, кои понекогаш наплаќаат повеќе од 50.000 долари за нелегално преминување во земјите како Италија и Холандија, според Канцеларијата на Обединетите нации за дроги и криминал.

Освен тоа, во новиот академски труд на Адеранти Адепоџу и Ариеван Дер Веил на таа тема, Барајќи позелени пасишта во странство: миграцискиот профил на Нигерија, се вели дека во истражувањето на Меѓународната организација на трудот во Нигерија се заклучува дека околу 8 милиони деца се во ризик од трговија заради принудна работа како домашни работници, продавачи на пазар, земјоделци или работници на палуба во рибарската индустрија, во рамките на земјата или во поширокиот западноафрикански регион.

## Дознаките - спас за оние дома

Количеството пари што меѓународните мигранти го испраќаат во своите земји на потекло низ целиот свет опадна остро, но кратко, за време на економската криза во 2008-2010 година, но бргу се поврати, според извештајот на Светска банка од мај 2011 година, *Преглед на тековите на дознаки 2011-13.* Извештајот, кој ги опфаќа само официјално евидентираните дознаки до земјите во развој, вели дека текот на парите во Латинска Америка и на Карибите најмногу се повратил поради стабилизацијата на економијата на САД. Дознаките од мигрантите во Европа биле негативно погодени од високите европски стапки на невработеност, намалувањата на јавното трошење, финансиските кризи во неколку земји од Европската унија, зацврстувајќи ја контролата врз имиграцијата и негативниот став кон мигрантите.



Сасу Нина Тесфамариам (десно) и новинар во домот за постари жени на Агар

"„Протокот на дознаки од Русија и од земјите на ССЗ [Советот за соработка во Заливот] е силен поради високите цени на нафтата", се вели во извештајот. „Меѓутоа, слабите пазари на работни места во Западна Европа создаваат притисок да се намали миграцијата". Глобално, се очекува дознаките да продолжат да растат, иако побавно, достигнувајќи 404 милијарди долари до 2013 година, предвидува Светската банка. Официјално евидентираните дознаки изнесуваа вкупно 325 милијарди долари во 2010 година.

Извештајот забележува дека некои земји почнале да издаваат „обврзници на дијаспората", поддржани со дознаките, за да соберат пари за развојни проекти. Етиопија, Грција и Индија се меѓу земјите кои почнаа да ја воведуваат или размислуваат да ја воведат ваквата иновација. Мигрантските дијаспори се огромни, а нивниот потенцијален придонес значителен. Извештајот на Светската банка проценува дека 161,5 милиони луѓе се во комбинираните дијаспори од земјите во развој, со Латинска Америка и Карибите, Јужна Азија, Супсахарска Африка, Источна Азија и Пацификот, имајќи најголем број кои живеат во странство.

Нигерија, најнаселената земја во Африка, има долга историја на меѓународна миграција која оди наназад во историјата сè до претколонијалните времиња. „Во годините откако Нигерија оствари независност во 1960 година, Нигеријците продолжија да патуваат во странство, прво во соседните африкански земји, но и сè повеќе во Европа и САД, заради образовни и можности за вработување“, велат Адепоцу и Дер Веил во *Барајќи позелени пасишта.*

Бројот на нигериски жени-мигранти порасна во последниве години, често како индивидуи кои бараат работа, а не како придружнички на своите сопрузи или на другите членови од семејството. Трендот, до некој степен, е мерка за космополитизмот и адаптибилноста на Нигеријците, кои ги сочинуваат најголемите групи на африкански имигранти во Велика Британија, поранешната колонијална сила, а се присутни и во другите земји-членки на Организацијата за економска соработка и развој.

## Мигрирање во рамките на земјата

Иако ИОМ ја нарекува меѓународната имиграција дефинирачко глобално прашање на 21 век, многу поединечни земји се поконцентрирани врз шаблоните на внатрешна миграција и на социјално-економските ефекти од стотиците илјади луѓе кои се движат во потрага по живеачка, не секогаш следејќи ја насоката село-град.

Во Индија, на пример, Рам. Б. Бхагат, професор и шеф на миграциско-урбаните студии на Институтот за популациски науки во Мумбај, со години расправа дека демографите треба да вршат повеќе истражувања за внатрешните промени на населението, што тој ги опишува како „важен феномен од економско-политички и јавно-здравствен аспект.“ Тој гледа две важни недамнешни промени.

„Внатрешната миграција во Индија доживува значителни движења со зголемена мобилност од една градска област во друга“, вели тој. „Исто така, миграцијата село-град сè повеќе се одвива кај пообразованите и групите со повисок приход поради нивните растечки аспирации и немање подобри можности во руралните области.“ Бхагат привлекува внимание на фактот дека посиромашните Индијци не се главните корисници на миграцијата.

Бхагат, разгледувајќи ги податоците од пописот во 2011 година, кои излегуваа додека го пишуваше ова, нагласи уште еден тренд. „Прелиминарните резултати достапни од пописот во 2011 година покажуваат феноменално опаѓање во стапките на раст на некои големи градови како Мумбај, Делхи и Чандигар“, напиша тој во електронско писмо. „Во Мумбај, на пример, децениската стапка на раст опадна од 20 проценти во 1991–2001 на 4,7 проценти во 2001–2011 година.“

Тој не е уверен дека овие бројки неопходно посочуваат дека стапката на миграција село-град се намалила. „Можно е апсолутната бројка на мигранти од село в град да не опаднала“, напиша тој, велејќи дека ќе има подобро разбирање на ова прашање кога ќе се појават повеќе пописни податоци, овозможувајќи им на демографите да ги екстрахираат шаблоните на секојдневно патување до работа и назад во градските области и ефектите од Гарантната шема за рурално вработување „Махатма Ганди“ на централната Влада, којашто обезбедува приход за 110 дена во годината за руралните семејства за да им помогне да останат на земјата.

Во Кина внатрешната миграција сега е предмет на интензивна анализа и дебата поради брзиот раст и социјалните прашања што се појавуваат додека бројките продолжуваат да се качуваат. Во 1982 година, според кинеската владина статистика, имало 6,6 милиони домашни мигранти во

„флотирачката популација" на земјата. До 2010 година, бројката достигнала 260 милиони, според најновиот попис. Се проектира да достигне 350 милиони во 2050 година, според кинескиот Центар за истражување на населението и развојот.

Повеќето од мигрантите се насочени кон градовите во југоисточните крајбрежни области, вклучувајќи ги и провинциите Гуангдунг, Циангсу, Зеијанг, Шандунг и Фуциен, и градовите Пекинг и Шангај. Надежта на државните планери е дека развојот на кинеските градови во северниот и централнозападниот регион ќе почне алтернативно да ги привлекува работниците, особено локалните луѓе кои можеби повеќе сакаат да работат поблиску до дома.

Последниот бран од внатрешни мигранти, она што Кина го нарекува „мигранти од втората генерација", поставува нови предизвици. Во една долга и информативна сторија од насловната страница во Чајна викли во август 2010 година, авторот Јуан Је опиша „различна група од 100 и нешто милиони млади" кои почнуваат да се наметнуваат на радикално нов начин.

„Родени кон крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите, време кое се совпадна со силниот бран во кинеската економија", напиша авторот, „овие млади мигранти сега заменуваат стотици милиони од првата генерација работници-мигранти кои побрзаа во градовите по заработувачка во производството, услугите и градежништвото".

За разлика од таа прва генерација, новите работници-мигранти веќе не се рурални селски земјоделци незапознаени со урбаниот живот. Тие се подобро образовани и многу подобро информирани од новите и традиционални медиуми и се политички поангажирани.

Известието на *Чајна викли* им даде човечки ликови на овие мигранти од втората генерација во еден фељтон за животот на поединечни млади мажи и жени додека минуваат време во интернет-кафулињата или салите за билијард, се обидуваат да си направат простор во преполните фабрички домови и се борат да бидат прифатени како софистицирани урбани луѓе, коишто се надеваат дека стануваат. Многу од нив велат дека немаат намера да се вратат во руралните области за да се населат, дури и во далечните пензиски денови, како што прават постарите мигранти.

Широката дебата за судбината на младите внатрешни мигранти директно е поврзана со дискусиите за кинескиот систем на регистрација на домаќинствата, хукоу, што го поврзува граѓанинот со неговото прво место на престој, дури и кога лицето или семејството се преселиле на друго место во земјата и формирале постојан дом. Помеѓу кинеските мигранти постојат различни категории засновани врз местото на регистрација и/или престој, систем кој многумина остава без

*Во ресторан што го водат локални земјоделци во селото Генг Кси, провинција Шанкси, Кина, клиенти чекаат јадење*
© УНФПА / Гуо Тиелиу



корен. Во април, директорот на кинеското Национално биро за статистика, Ма Цијантанг, рече дека зачестеноста на флотирачката популација е предизвик за развојот и социјалната стабилност, а претседателот Ху Цинтао призна дека мора да се направат подобрувања во социјалните служби за мигрантите, според *Чајна дејли*.

Според сегашниот систем, на пример, дури и ако високо квалификувано лице од далечна провинција си обезбеди добра работа во Пекинг или во друг голем град, тоа лице не може обично да очекува регистрацијата на неговото домаќинство да се промени, и останува бирократски аутсајдер, без социјални услуги и бенефиции во новото место на престој. На децата на тие жители обично им се одбива пристап до јавното образование и здравство. Постаро лице кое живее далеку од местото на регистрација на домаќинството не може да добие бенефиции без да се врати во тој првичен дом. Постојат десетици слични приказни.



*Во Ксиа Лианг, провинција Шанкси, Кина, жена и нејзиниот сврсник водат мала пиљарница*
© УНФПА / Гуо Тиелиу

Средбите со младите мигранти во провинцијата Шанкси открија дека барем некои од нив ефективно го заобиколуваат системот со тоа што миграцијата за работа ја третираат како привремена ситуација или минлив обичај, која се користи за собирање пари заради инвестирање поблиску до домот или како искуство за учење заради стекнување нови вештини и урбан такт. Некои се преселуваат во блискиот град во внатрешноста заради слични причини, и не се придружуваат на патот кон брегот. Во градот Ксиајлијанг, на неколку часа по копно источно од Ксијан, во пошумена рурална област од еколошки интерес, којашто се развива како природен резерват, група вратени мигранти во своите дваесетти години разговараа за стекнувањето искуство во фабричката работа и други избрани работи.

Хуа Гонгмеј, на возрсат од 24 години, средношколски матурант, како и сите други, го започнала својот работен век со пакување стоки за локалната компанија, но наскоро решила да се пресели во провинцијата Шандунг во потрага по фабричка работа. Во фабриката каде што се вработила се случиле 10 самоубиства на млади, рече таа, но Хуа не ја сметала својата работа за стресна. Дала отказ по една година со доволно пари да се врати во Ксијалијанг и да отвори минимаркет близу до влезот во природниот резерват. Занг Ли (29) работела на линија за склопување електрични апарати во провинцијата Фуциен, а потоа во прехранбена фабрика во Шандунг, каде што го запознала својот сопруг. „Моето искуство ме направи позрела и слободна", рече таа. Мајка на шестгодишно момче, таа е задоволна што е дома работејќи во фабрика за тофу. Данг Менг (21) рече дека мигрирал лани за да работи кај професионален фризер и да се врати во Ксијалијанг за да отвори свој салон.

Сите млади мигранти интервјуирани за овој извештај имаат да понудат совет. Тие знаеле за постојаната опасност од кражба, вообичаена кога ранливите млади луѓе живеат во услови на претрупаност далеку од познатата средина, и за фабричките несреќи и други опасности. Тие знаеле за убиствата, осаменоста и депресијата со кои се соочуваат некои млади мигранти.

„Ако сте носталгичен, јавувајте се на телефон“, рече Занг. „Грижете се за својата безбедност на работа“, порачува Зу Кибо (21). Зу имал пријател кој бил издрогиран и опљачкан и тој случај му одржал вечна лекција, рече тој: „Никогаш не прифаќајте храна или пијалак од непознати.“



*Жители на улиците на Скопје, Поранешна Југословенска Република Македонија*
© VII / Антонин Краточвил

## МАКСИМАЛИЗИРАЊЕ НА ПРИДОБИВКИТЕ ОД МИГРАЦИЈАТА

Со 214 милиони луѓе кои сега живеат надвор од земјата на потекло, меѓународната миграција има потенцијал да биде важна сила за развој. Мигрантите може да помогнат да се одговори на растечката побарувачка за работна сила во индустријализираните земји, кои доживуваат опаѓање на наталитетот и на големината на своето работоспособно население. Затоа, креаторите на политиките треба да ја гледаат миграцијата како развоен инструмент и важен извор на капитал, а не како неуспех на развојот.

Во 21 век преселбата на луѓето ќе стане дури и поистакната како резултат на континуираната глобализација и економска либерализација, според Меѓународната организација за миграција ИОМ. „Трговската и инвестициската клима го одржаа протокот на мигранти“, изјавува ИОМ. „Поголемата побарувачка за работна сила во развиените економии и расположивоста на работната сила во недоразвиените економии ја активира глобалната миграција на работна сила.“

Сè повеќе се признава дека миграцијата е суштинска - и неизбежна компонента - на економско-социјалниот живот на секоја држава, вели ИОМ, додавајќи дека „уредно и соодветно управуваната миграција може да биде корисна, како за поединецот, така и за општеството.“



ГЛАВА 6

# Планирање однапред за растот на градовите

Во овој свет од 7 милијарди луѓе глобалната рурално-урбана рамнотежа на популациите неповратно се наруши во корист на градовите. Но, што всушност е „градот“ во 2011 година?
Ханија Злотник, директорка на Одделот за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи, предупредува на прелесното преземање на дефиницијата, затоа што самите влади и урбани области го дефинираат „градот“ на бројни начини и нивните граници може да се променат, понекогаш од практични, а понекогаш од политички, демографски или економски причини. Градските области кои се шират на голема територија ги апсорбираат или ги преземаат компактните градови, понекогаш спојувајќи се со други метрополи покрај густо населени коридори. Урбаните популации, исто така, може на различен начин да се бројат од земја до земја, или од град до град.

*Перспективите за урбанизација на светот: ревизија од 2009 година* на Одделот за население ги нарекуваат овие центри со огромна популација „урбани агломерации“. Токио се јавува како најголема урбана област во светот според оваа дефиниција, со 36,7 милиони луѓе, што е повеќе од четвртина од населението во земјата. По Токио следува Делхи со 22 милиона; Сао Паоло - 20 милиони; Мумбај - 20 милиони; Мексико Сити - 19,5 милиони; Њујорк-Њуарк - 19,4 милиони; Шангај - 16,6 милиони; Колката (Калкута) - 15,5 милиони, Дака - 14,7 милиони и Карачи - 13 милиони. Секој од овие градови одразува различен модел или пат на планирање и управување и различен состав на богатство и сиромаштија.

Без планирање, градовите растат расеано, раширени врз секој расположив празен простор и ја надминуваат способноста на јавните служби, онаму каде што ги има, да одговорат на барањата или да се справат со растот на сиромашните квартови. Инвеститорите во недвижнини, корпорациите, работниците-мигранти, владините бирократии и јавните институции кои бараат простор за проширување, сите играат улога во растот, преобликувањето или, подоцна во неколку земји, намалувањето на градовите. Иако многу градови се соочуваат со големи предизвици, други имаат потенцијал да ги донесат придобивките од урбаното живеење кај своите жители.

Застапничките организации, граѓанските здруженија и посмелите, подобро информирани жители бараат да бидат слушнати. Во Кина, каде што во минатото, владините одлуки за урбано-развојни проекти не можеа лесно да се преиспитаат, духот на учество расте, најнеодамна околу тоа каде да се стават инсинераторите за отпад во околината на Пекинг, рече еден службен претставник на Обединетите нации кој работи на еколошки прашања.

*Млади Египќани се собираат на мостот Каср-ал-Нил гледајќи ја реката Нил во централно Каиро*
© УНФПА / Метју Касел

Како планерите и политичарите ја решаваат урбанизацијата во три земји од примерокот, Индија, Нигерија и Мексико, покажува различни политики и програми за справување со рапидниот урбан раст или за тоа како да се исправат грешките што дозволиле тоа да се случи без добро планирање или подготовка. Но, иако градовите може да имаат различна историја и предизвици, целите на градските функционери речиси насекаде се слични. Тие велат дека сакаат да создадат подобра и побезбедна средина, со прифатливо ниво на јавни служби и инфраструктура, и да одговорат на експлозијата на моторен и пешачки сообраќај.

## Перспективи на урбанизацијата

Во последниве години се водеше дебата за тоа дали поголемото урбано живеење треба да се осуди за настанувањето на сиромашните квартови каде што санитарните услови не постојат, епидемиите цутат, експлоатацијата неконтролирано расте, физичките опасности демнат таму каде што отсуствува закон, а редот им е препуштен на криминалните банди, или да се поздрави, заради можностите што ги нуди градскиот живот - работни места, пристап до здравствени услуги, планирање на семејството, училишта и повеќе економски изгледи за жените. Поттикнувањето на можностите, истовремено минимализирајќи ги опасностите и тешкотиите, се главните предизвици на развојот во денешните урбани транзиции.

Меѓутоа, урбаните трендови не се униформни. На пример, во Индија традиционалните популации од центрите на градовите се намалуваат додека периферните области растат, покажува статистиката. Мумбај често се цитира како прв пример. Новите бројки од пописот во 2011 година покажуваат дека во државата Махараштра, вековно стариот град Тхане, порано сателитско предградие со средна класа на 43 километри североисточно од Мумбај, порасна со вивнување на популацијата во сиромашните квартови. Тхане сега има 9,84 проценти од населението во државата - 11 милиони во нумеричка смисла. Тоа е скок од речиси 36-процентен раст за една деценија. Само градот Мумбај, со 3,14 милиони луѓе, постигна рекорд во негативната стапка на пораст од 5,75 проценти во истиот период.

Амитабх Кунду, професор по економија во Центарот за проучување на регионалниот развој и декан на Школата за социјални науки при Универзитетот „Џавахарлал Нехру“ во Њу Делхи, вели дека некои од индиските најголеми градови го доживуваат она што тој го нарекува „дегенеративна периферијализација“ - кога луѓето бидуваат избркани од високите трошоци на живеење и оскудноста на работни места со пристојна плата, за да живеат во ад хок населби на периферијата на градските области. Во тие периферни населби луѓето ги изгубиле предностите, како на урбаниот, така и на руралниот живот. Кунду вели дека неодамнешните напори да се исчистат и да се разубават градовите на Индија, поздравени од многумина, го менуваат карактерот на градовите, но не мора тоа да биде на подобро.

Кунду ги гледа меѓународните економски фактори како двигатели на промената. „Земјите со брз развој, особено во Азија, се обидуваат да добијат пристап до глобалниот пазар на капитал, а единствен начин да го направат тоа е преку своите големи градови“, вели Кунду. Со зголемувањето на странските инвестиции и капиталот растат и цените, а градскиот живот станува поскап. Многу од подобрувањата во индиските градови главно ѝ носат добробит на средната класа, додава тој.

„Големите градови ги губат сиромашните, затоа што тие не можат да си дозволат да живеат таму“, рече Кунду. „Порано, ќе земеа нешто околу 1.000 рупии [околу 22 долари] и ќе дојдеа во Делхи за да побараат работа за еден месец. Сега, со 1.000 рупии не може да останете ни една недела. Така, процентот на

сиромашни во Делхи падна од околу 55 проценти на 7 проценти за три децении."

Резултатот? „Ние воведуваме санитарна инфраструктура во нашите градови", вели Кунду. „Санитарната инфраструктура значи чистење на животната средина… расчистување на сиромашните квартови, истуркување на нискодоходовните колонии." А, во процесот, градовите ја пропуштаат можноста да ги трансформираат урбаните сиромашни во двигатели на раст и развој и наместо тоа, ги доживуваат неписмените, неквалификувани работници само како товар за здравството, хигиената и законот и редот, расправа тој.

Менувањето на социјалната рамнотежа во градовите на Индија е важна тема на проучување од страна на демографите и економистите затоа што 410 милиони од 1,2. милијарди луѓе во земјата веќе живеат под линијата на сиромаштија. Тоа претставува една третина од сите сиромашни во светот, според Светската банка, којашто исто така забележува дека јазот во индиските приходи се продлабочува.

„Во Мумбај - во централната област - растот драматично опадна", рече тој. „Исто и во Ченај, Хајдерабад, Колката - сите големи градови, сите во урбани централни области. Порано, некој ќе дојдеше од руралните области и ќе почнеше да чисти чевли или да турка количка. Тие работи се намалуваат со опаѓањето на миграцијата село-град, рече Кунду. Тој и други демографи велат дека Индија треба да развива мали и средни градови, кои може да им бидат попристапни на сиромашните и да имаат потенцијал за обезбедување работа.

Фауџдар Рам, директор на Индискиот институт за популациски науки, универзитетска институција која издава дипломи, рече дека дури иако луѓето со маргинални или дури и средни приходи биле исфрлени од градот Мумбај, тие сè уште сакаат да работат таму. Тој рече дека постојат секојдневни патници кои доаѓаат во градот од бројни околни области, вклучувајќи ја и Пуне, 163 километри југоисточно од Мумбај, каде што растот на населението, исто така, е рапиден. Пуне сега е поврзана со Мумбај преку автопат со шест ленти којшто го намалува времето на патување за оние со автомобили или пари за меѓуградски автобуси. „Зошто луѓето доаѓаат од Пуне", прашува Рам. „На Пуне ѝ требаат работни места таму." Во меѓувреме, на јавниот транспорт за секојдневно сообраќање кој превезува сè поголем број патници, му треба подобрување, рече тој. Мумбајските возови за секојдневен сообраќај се озлогласени по својата претрупаност, бавна услуга и сексуално вознемирување на патничките.

## Нови можности за жените

За многу жени има позитивна страна на еволуцијата на централен Мумбај, вели Саџана Џајраџ, пишувајќи за „Медиумите се важни", невладина организација која работи на развојните комуникации и ги проучува жените во урбаните средини. Ширењето на услужните индустрии и на технолошкиот сектор доведуваат многу жени во градот за да работат и да ги унапредат своето образование и вештини. Она што таа го нарекува „растечко племе на млади жени, кои истовремено работат и учат", секојдневно патува по два часа и повеќе од внатрешните и надворешните предградија на Мумбај. Тие се поинаков вид урбани мигранти, добро образовани и кои водат живот на средната класа, често балансирајќи меѓу кариерата и семејството. „Жени кои лупат зеленчук во возот за дома е вообичаена глетка", напиша Џајраџ.

Шаблонот на периферен раст со низок приход е очигледен во Тхане, каде што околу 30 проценти од популa-

цијата сега живее во сиромашни квартови. Во Бхим Нагар, една од тие населби, има по 10 до 15 луѓе кои живеат во секоја мала (често едноособна) куќа, велат жителите. Многу, ако не и повеќето од мажите се невработени или може да најдат само повремена работа на тоа растојание од Мумбај. Жените подобро се снаоѓаат, затоа што можат да работат како домашни слугинки, но ни тие работи не носат долгорочна сигурност или бенефиции. Опстанокот од ден за ден е цел на повеќето семејства. Никој не е сигурен дали или кога тие ќе бидат истерани од домовите набиени еден до друг покрај калливите патчиња.

„Сиромашните квартови се комплексни", рече Рам при Индискиот институт за популациски науки во Мумбај. „Повеќето луѓе се кирации, а сопствениците се локални лидери, избрани политичари." Во индиските градови политичарите ги користат сиромашните квартови и бедните населби како „банки на гласови" во своите изборни округи. Во нивни интерес е да ги задржат сиромашните таму во значителен број. Но, лордовите на сиромаштијата се во конкуренција со градежните претприемачи кои ја гледаат територијата без правен статус со неизвесна сопственост како примарна цел за приватни градежни инвестиции, рече Рам. Кога градежните претприемачи имаат моќни поддржувачи, сиромашните населби може да се збришат со булдожер без никакво предупредување, а нивните семејства да се расштркаат. Многу ретко од приватните градежни претприемачи се бара да обезбедат дел за домување на нископриходните жители, рече Рам.

Иако миграцијата село-град опаѓа, државата Махараштра ќе продолжи да привлекува неквалификувани мигранти кои бараат работа, затоа што јазичните бариери не се непремостливи во полиглотската област на Мумбај, рече Рам. Но, јазикот може да биде пречка за северњаците кои зборуваат хинди, на пример, коишто сакаат да ги пополнат работните места во градовите на другите региони како Керала, Тамил Наду и Карнатака, каде што се појавува кусок на работна сила.

*Локални жишели вршаш дневни рабоши во колонијаша Бенѓали во сиромашнише кварѿови во обласѿа Исѿочна Кидваи Наѓар во Делхи, Индија*

© Санџит Дас / Панос



## Привлечноста на работните места

Подалеку на североисток, на околу 60 километри од Мумбај, но, сè уште сметајќи го за дел од поголемата градска област, градот Бхиванди е пример за тоа како да се одговори на индиската индустријализација и урбанизација. Многу години Бхиванди беше мало гратче познато по своите ткајачи на рачен разбој. Потоа, со електрификацијата и воведувањето на електричните разбои тоа стана „Манчестер на Индија", со најголем број текстилни фабрики во земјата, засенувајќи ја традиционалната работа на земјоделците, рибарите, трговците и трговците со зачини.

Разбоите на Бхиванди вработуваат главен дел од работната сила на градот, но текстилните фабрики кои работат по 24 часа, секогаш имаат потреба од уште работна сила, па така, голем број мигранти од другите индиски држави станаа арматура на населението. Во Бхиванди младите мажи продолжуваат да пристигнуваат од сиромашните држави во северна Индија, од Утар Прадеш поконкретно, за да работат во фабриките што изгледаат како слика на Англија од 19 век.

Бхиванди можеби би бил добар пример за економски одржлив и самодоволен мал град, кога животот би бил посовремен за средината да биде посоодветна и поздрава. Работните места се валкани, жешки и опасни. Огромните, бедни, задушливи шупи преполни со разбои често немаат вода за пиење ниту тоалети. Но, мигрантите, практично сите мажи и момчиња, остануваат овде со години или децении, во суштина станувајќи жители, затоа што животот овде е подобар отколку дома, а нивната заработувачка ги одржува далечните семејства и села на површината.

Во маици од кои се цеди пот и евтини панталони, носејќи само апостолки или сандали на нозете, тие седат на растропаните разбои кои работат со бучава што ги пара ушите, со слаби заштитни средства за да ги штитат од подвижните делови на огромните машини. Работниците велат дека страдаат од индустриски несреќи и здравствени проблеми: електрични шокови, повреди од летечки предмети, инфекции на кожата и туберкулоза. Нивните живеалишта без прозорци се чинат како бетонски кутии наредени на неколку ката, каде што до 10 работника можат да спијат на смени во една соба. Десетици од нив делат заеднички тоалет и чешма за вода.

Работниците кои минале години во фабриките беа нетрпеливи да ги раскажат своите приказни за овој извештај. Нагендра Тивари, на возраст од 42 години, од Горакпур во Утар Прадеш, дошол во Бхиванди во 1988 година кога татко му, сиромашен земјоделец, не можел да си дозволи да најде сопрузи за своите пет ќерки, па Нагендра бил принуден да мигрира во потрага по пари за миразот на сестрите. Зад себе морал да остави сопруга и четири деца.

Како средношколски матурант со менаџерски способности, тој се селел од фабрика во фабрика, но работата никогаш не била лесна. „Работевме во смени од 12 часа и ни плаќаа секои 15 дена. Немавме слободни денови.“ Тивари заработувал помалку од еквивалент за 20 долари месечно, работејќи на парче, и плаќал 250 рупии (околу 5,60 долари) месечно за закуп на соба што ја делел со уште тројца други мажи. Кога конечно нашол сопственик на фабрика кој му овозможил да посетува неделни предавања за превенција на ХИВ организирани од локалниот огранок на Асоцијацијата на Индија за планирање на семејството, се фрлил на кампањата за безбеден секс со ентузијазам и бодрина.

„Шест месеци, нестрпливо ги очекував петоците“, рече тој. „Еден мој братучед почина од СИДА во моето село и сакав да се вратам и да зборувам со селаните, кои не знаат ништо за таа болест.“ Поради големиот број мажи кои живеат без семејството во Бхиванди, секс-индустријата цвета.

Импресионирана од неговата посветеност и комуникациски способности, локалната Асоцијација за планирање на семејството, ФПА, го направила едукатор на врснички групи, а потоа и член на персоналот, но Тивари вели дека сè уште живее со работниците на разбои, кои повеќето се од неговата родна држава. Околу 20.000 работници-мигранти самци (од 400.000 во областа) се опфатени од проектите за свест за ХИВ/СИДА, превенција и тестирање на локалната Асоцијација за планирање на семејството, која, исто така, ги поучува работниците за други сексуално преносливи болести и за општи прашања од репродуктивното здравје. Работниците велат дека имале корист од ваквото урбано искуство, а информациите ги пренесуваат дома за време на годишните одмори за да ги едуцираат другите.



*Нарендра Тивари во ткајачница во Бхиванди, Индија. Тој мигрирал пред 10 години и целото негово семејство дома зависи од неговата плата.*
© Атул Лок / Панос



▲ *Комесарот за просторно планирање на Лагос, Франциско Болаџи Абоседе, за време на интервју со претставниците на УНФПА во својата канцеларија во Икеџа, Лагос, Нигерија*
© УНФПА / Акинтунде Акинлеје

И покрај маките и опасностите на секојдневната работа, мажите инсистираат на тоа дека нема алтернатива, ниту иднина во нивните родни села и градови. Само еден, Шјам Нарајан Праџапати, 45-годишен универзитетски дипломец кој сега е во персоналот на локалната ФПА, рече дека иако работел во текстилните фабрики повеќе од 20 години, сè уште се надева дека ќе се врати дома во Утар Прадеш. Тој сака да влезе во политика за да помогне во борбата против корупцијата и против слабите економски резултати на својата држава.

Работниците знаат дека им се потребни на градот и на индустријата, и дека тоа е нивната осигурителна полиса. Сантал Бинд, кој се враќа на север да си го види семејството колку што е можно почесто и кој признава дека е премногу исцрпен за да може да направи повеќе во Бхиванди отколку да работи, да јаде и да спие, сепак не е загрижен за својата иднина или дека ќе ја изгуби работата во фабриката поради вештините што ги научил како ткајач. „Ако си одам дома“, рече тој, „секогаш можам да најдам работа во која било ткајачница кога ќе се вратам.“

## Планираното и спонтаното

Во Лагос, главниот деловно-финансиски град на Нигерија, како и едно од главните пристаништа на Африка, Франциско Болаџи Абоседе рече дека првата работа што ја направил во 2007 година, кога станал комесар за планирање за Државата Лагос, којашто ја опфаќа градската област, била да го погледне генералниот план за 1980 година и да запраша: „Каде згрешивме?“

Следните влади го напуштиле планот, а во концептот за планирање на градот, рече Абоседе, кој стапи на функција во 2007 година, се велеше дека градот премногу се проширил и урбаниот живот се влошил без соодветно планирање.

„Лагос порасна“, рече тој. „Луѓето беа привлечени од стилот на живот. Криминалот беше висок. Постоеше социјално незадоволство.“ По анализирањето на ситуацијата на градот-држава, рече Абоседе, тој знаел дека не може да чека четири години за да почне да дејствува. „Па, што може да сториме? Избравме делови од генералниот план овде-онде и потоа бевме подготвени да тргнеме. Го поделивме Лагос на девет области со заеднички карактеристики, ги проценивме нивните предности и слабости за да дознаеме што ѝ треба на секоја област.“

Абоседе е роден во Лагос и добил образование по урбано и рурално планирање на Политехничката школа во Ибадан пред да отиде во Центарот за урбано и регионално планирање на Универзитетот Стратклајд во Шкотска и да работи за британска компанија која врши урбано планирање. „Дознав за локалните луѓе“, рече тој. „Локалните луѓе се многу локални. Седнувате со нив и ги прашувате што ќе им користи.“ Тој држел многу работни позиции како планер во Нигерија.

Како комесар за планирање во Лагос Абоседе изработил еден од своите први проекти, преуредувањето на Островот Лагос, најстариот дел од урбаната област, којштo станал британски протекторат во 1861 година. Во извесна смисла тој бил родното место на модерна Нигерија. Островот Лагос бил - и сè уште е - пренатрупан. Овој дел од градот, според Абоседе и другите, бил озлогласен по своите недозволени активности. Владата почнала да гради нови патишта и да расчистува некои од најкриминалните улици за да изгради комерцијален центар, станови и повеќекатен трговски центар.

### Заживување на историскиот град

Островот Лагос е работа која сè уште трае. Трговскиот центар во голема мера беше празен на почетокот од годинава, затоа што кириите беа преголеми за поранешните улични продавачи, рекоа локалните жители. Се чинеше дека многу трговци се држат до своите неформални улични тезги. Некои стари колонијални згради на островот, којшто со копнениот дел на Лагос е поврзан преку подигнати патишта и мостови, се обновени.

Најстарите згради, кои сè уште стојат, нудат навестувања за тоа колку живописна може да биде областа, со кривулести улици и уникатна архитектура. Но, соработниците на комесарот рекоа дека единствено зградите со вистинска историска вредност ќе бидат сочувани. Одлуката беше одек на одлуката во Сингапур, кога пред децении, Владата почна да ги отстранува старите делови на кинескиот кварт, само за да открие дека карактерот на градот, и туристите се губат. Дел од тој крај потоа беше повторно создаден.

Другите нацрти за проекти во Лагос вклучуваат уредување на областа Леки во зона на слободна трговија и индустрија, каде што компаниите може да работат според офшор даночни и царински прописи, заштитени од бирократија. Надежта е дека компаниите ќе донесат производни работни места во градот. „Луѓето ќе живеат и ќе работат таму“, рече оптимистички

#### УРБАНА ПОПУЛАЦИЈА СПОРЕД ГЛАВНА ГЕОГРАФСКА ОБЛАСТ (ВО ПРОЦЕНТИ ОД ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ)




*Извор: Оддел за население при Одделението на Обединетите нации за економско-социјални работи*

© UNFPA/Akintunde Akinleye

Абоседе. „Тоа ќе биде модел за град од околу три до четири милиона. Ќе го има новиот лагоски аеродром. Тој аеродром ќе биде околу петпати поголем од сегашниот аеродром.“

Друг амбициозен проект е во тек близу Островот Викторија, уште една компонента на градската област на Лагос. Ова е Еко Атлантик, локација добиена со исушување, која се гради на песокот испумпан од океанското дно, којашто, велат нејзините инвеститори, ќе стане комбиниран резиденцијално-деловен град доволно голем да вдоми најмалку 250.000 луѓе и да обезбеди канцеларии за 150.000 работници. Проектот го гради корпорација конкретно формирана за оваа задача и целосно финансирана од банки и приватни инвеститори.

Абоседе вели дека не гледа потреба од градење уште многу нови градови за градска област што тој мисли дека на крајот ќе смести 40 милиони луѓе. Неговата цел е да ги заживее краевите и областите од градот кои веќе постојат. „Ќе го намалиме времето за патување, ќе ги натераме луѓето да живеат, да работат и да користат социјални услуги на истото место“, рече тој. „Како да го намалам времето за патување? Како да ве натерам да пешачите од дома до работа и до социјалните центри?“ Животот може да биде поздрав и подолг во самодоволни урбани сектори со погусто лоцирани домови, што отвора простори за зеленило, рече тој.

Во Лагос не постојат ни планови за изградба на поголеми системи за јавен превоз во однос на оние кои веќе се во проектните предлози, затоа што, рече Абоседе, целта е луѓето да одат на работа и да се вклучат во слободни активности блиску до домот. Меѓутоа, тој додаде дека го разгледува потенцијалот за пренос на вода околу големата лагуна на едниот раб од градот. Ги погледнал бродовите во Сингапур и Малезија и разговарал со холандскиот амбасадор за тоа како системот функционира таму. Лагос сега е подготвен да одобрува концесии на приватни оператори со траекти, рече тој.

Една од одлуките за планирање која побуди значителна загриженост меѓу застапувачите на посиромашните жители на Лагос е предноста што Владата им ја дава на приватните градежни претприемачи и на градежните компании да градат станбени и нови центри во крајот и да ѝ ги продадат на државата, која за возврат, на жителите би им ги понудила на продажба со хипотеки. „Сакаме луѓето да усвојат култура на хипотекарно задолжување“, рече Абоседе. Премногу трансакции се вршат само во готово, што ги спречува луѓето со низок приход да купуваат имот, велат службениците.

Акциониот центар за социјално-економски права, познат како СЕРАЦ, е истакната нигериска невладина организација со седиште во Лагос, којашто работи преку акција во заедницата, правна помош и застапување за промовирање на економско-социјалните и културни права. Феликс Морка, извршниот директор на организацијата, рече дека смета оти владините планови може да ѝ користат на средната класа, но нема да им помогнат на сиромашните во градот.

„Лагос има кусок од пет милиони или повеќе куќи“, рече тој. „Владата вложува

*Жена весла кану во заедницата Макоко во главниот трговски град на Нигерија, Лагос*
© УНФПА / Акинтунде Акинлеје



пари во станови за средната класа по цена која е надвор од можностите на многумина. Не постои вистински одговор за спречување на порастот на сиромашните квартови.“ Морка рече дека помалку од 12 проценти од жителите на Лагос поседуваат свој дом.

Неговата организација го преиспитува пристапот сектор-по-сектор на градските функционери. Морка вели дека непостоењето на мрежа за јавен транспорт е одраз на нехилистичкото планирање. На целиот град, исто така, му се потребни подобри здравствени и образовни услуги, рече тој. Многу млади се невработени, или слабо обучени за достапните работни места. Тој рече дека може да добие 500 пријави за работните места во неговата организација, а да најде само двајца од кандидатите кои се доволно добри за вработување.

Макоко е една од маргинализираните области во кои работи СЕРАЦ. Тоа е заедница од десетици илјади луѓе кои со текот на многу години мигрирале од крајбрежните области на Нигерија, Бенин, Того и Гана. Дел од Макоко е на копно, а дел е едно многу големо рибарско село изградено на колци подалеку од брегот во лагоската лагуна. На копнената страна ситни трговци и работници во неформалниот сектор велат дека претрпеле масовни иселувања во текот на неколку години, последното во декември 2010 година. Биле направени и други потези да се дислоцираат пред актуелната Влада да дојде на власт во Државата Лагос во 2007 година, но се чини дека на целото нарушување заеднички се гледа како на напад во очите на локалните луѓе.

## Жителите на градот се мобилизираат

Жителите и поранешните жители се добро организирани во Макоко, и имаат формирано група за права, Форум на Лагос за маргинализираните заедници, којшто ја тужи Владата на суд од 1990 година со помош на групи како СЕРАЦ. На една сега



*Главниот извршен директор на Акциониот центар за социјално-економски права, Феликс Морка, во својата канцеларија во лагоската населба Оџоду, Нигерија*
© УНФПА / Акинтунде Акинлеје

празна парцела на копнената страна, зад еден ред од продавнички, поранешните жители покажаа кон местото каде што некогаш стоеле околу 500 еднособни колиби. Околу 3.000 жители од областа биле преселени, од број на иселени жители кој е многу пати поголем, рекоа жителите. Еден локален лидер изрече бројка од 300.000 иселувања во текот на годините.

Прашањата за тоа како да се реши делот на Макоко изграден над лагуната ја илустрираат парализитачката комплексност на ќор-сокакот во кој може да западнат многу земји во развој кога владата, сакајќи да модернизира и да преуредува, налетува на страшно независна заедница која се опира на промените, дури и ако тоа значи тотално пропаѓање. Зборовите не можат соодветно да го опишат животот во рибарското село Макоко, каде што, освен рибарството, единствените индустрии се пиланите за дрвена граѓа и чадилниците каде што дневниот улов се чади за на пазар.

ТРибарското село, всушност наколен град со население кое се проценува на 50.000 или повеќе, е без јавни служби од каков било вид. Нема вода за пиење. Струјата се краде незаконски од општинските далноводи. Единствениот превоз внатре во селото е со рачно изработени кануа, коишто ги има стотици, ако не и илјадници, и кои ораат низ водата густа од отпад.

Локалниот главатар, тврдејќи дека населението сега е околу 200.000 и живеејќи во заедница која постоела тука повеќе од 100 години, рече дека нема училишта освен едно мало што го води една добротворна организација, и дека нема модерна медицина, само ординација која ја води традиционален доктор. Не постои служба за планирање на семејството. Главатарот рече дека заедницата никогаш не побарала смрдливото мочуриште, на кое тие живеат, да се исчисти, ниту пак се обиделе самите да го отстранат насобраниот отпад. Тој за загадувањето ги обвини оние на копното преку лагуната и рече дека имало епидемии на тифус и маларија и двете болести што може да се спречат.

Рибарската заедница на Макоко е полигамна, рече главатарот, иако мажите се ограничени на две жени. Семејствата имаат 10 до 20 деца. Во поголемиот дел тие ги делат еднособните дрвени конструкции со мали докчиња за пристанување и закотвување на кануата. Мнозинството зборува егунски јазик, коишто повеќето научни расправи го поврзуваат со јазикот Јоруба, којшто доминира во југозападна Нигерија. Сепак, постои чувство на етничка посебност, заснована врз историјата и погледот на светот на двете страни. Кога беше запрашан зошто луѓето во Макоко ја отфрлаат владината помош дури и кога живеат во нездрава средина, еден државен функционер го окарактеризира локалниот став како „етничка работа“ и претпостави дека нарушената животна средина е на некој начин знак за бунт.

Но, наколните села изградени над заливите и лагуните не треба да се гледаат само како цел за демолирање. Во Југоисточна Азија постојат многу такви населби, каде што луѓето се адаптирале на променливите времиња без да ги изгубат традиционалните начини на живеење на вода. Најпознатата од ваквите заедници е Кампонг Ајер во Бандар Сери Бегаван, главниот град на Брунеј Дарусалам, земја како Нигерија, богата со приход од нафта.

Жителите на Кампонг Ајер, што значи „село на вода“, се спротивставиле на напорите во минатото да ги иселат. На крајот Владата го сменила курсот и ја модернизирала населбата, додавајќи канализација, струја и чиста вода низ цевковод

## ПОДОБРУВАЊАТА НА СИРОМАШНИТЕ КВАРТОВИ, ИАКО ЗНАЧИТЕЛНИ, НЕ УСПЕВААТ ДА ДРЖАТ ЧЕКОР СО РАСТЕЧКИТЕ РЕДОВИ НА УРБАНИ СИРОМАШНИ

**Население кое живее во предградија и пропорција од урбано население кое живее во предградија, региони во развој, 1999-2010**




Во последниве 10 години, делот на урбана популација која живее во сиромашни квартови во земјите во развој опадна од 39 проценти во 2000 година на 33 проценти во 2010 година. Фактот што повеќе од 200 милиони жители на сиромашните квартови добија пристап до подобрена вода, санитарни услови или трајни и поненатрупани станови покажува дека земјите и општинските власти направија сериозни обиди да ги подобрат условите таму, со тоа зголемувајќи ги изгледите на милиони луѓе да избегаат од сиромаштијата, болеста и неписменоста. Сепак, во апсолутни бројки, бројот на жителите на сиромашните квартови (сламовите) всушност расте, и ќе продолжи да се качува во блиска иднина. Во земјите во развој бројот на урбани жители кои живеат во услови на крајна сиромаштија сега се проценува на околу 828 милиони.

*Извор: Извештај за Милениумските развојни цели 2010*

над нивото на реката Брунеј, над која се изградени куќите, што води во домовите на 30.000 луѓе. Освен што е подобро место за живеење, Кампонг Ајер сега е туристичка атракција.

## Градовите растат - и се намалуваат

Во Мексико националниот попис од 2010 година покажа вкупно население од 112 милиони, 4 милиони повеќе отколку што сугерираа претходните проекции. Тоа доведе до повеќе размислување за тоа како и зошто се случи ова и за тоа како растот на населението е поврзан со културата и историјата на мексиканските градови и региони. „Некои градови во Мексико губат население, други растат со рапидни стапки“, рече Сара Топелсон Фридман, заменик-министер за урбан и територијален развој во Министерството за социјален развој.

„Многу причини доведоа до раст и многу причини доведоа до намалување на населението“, рече Топелсон. „Во Мексико, тоа главно значи миграција, или во некоја друга држава, или во друг град, или во друга земја, главно во САД.“ Нејзиниот сектор собира документација за анализирање на растот на население во мексиканските градови и оптоварувањето на нивните ресурси. Во процесот таа открила дека постојат значителни разлики меѓу долго етаблираните урбани области и релативно поновите популациски центри.

Потребата да се размисли за тоа како растат градовите е итна, вели Топелсон. „Да речеме дека имаме 800.000 луѓе во еден град“, рече таа. „Таа бројка може да порасне трипати, што е енормно, или некаде помеѓу пет до десетпати. Ние сме под големо влијание на американските модели на домување и раст, а тоа значи ширење. Значи, градовите се раширија, а кога градот ќе почне да расте, многу интереси се поврзани со ширење.“

Таа вади мапи кои го илустрираат растот на населението во неколку мексикански градови и се фокусира врз два: Акапулко, туристички центар на западниот брег, и Гвадалахара, во центарот на земјата, на околу 460 километри северозападно од Мексико Сити. Крајбрежната метрополитенска област на Акапулко на почетокот беше мал град во еден залив на Тихиот Океан, којшто рапидно порасна преку туристичкиот бум во минатиот век. Хотелите и становите ги дефинираат главните туристички локации, но Акапулко има многу повеќе од тоа, краеви каде што живее население од 1 милион жители низ целата година.

Општината повеќе не може да се снајде со одржувањето на оваа територија, рече Топелсон, привлекувајќи внимание на обе-

## ПРОЦЕНТ НА НАСЕЛЕНИЕ КОЕ ЖИВЕЕ ВО УРБАНИ ОБЛАСТИ 1950-2010




1. Поради статистички причини, податоците за Кина не ги вклучуваат Хонг Конг и Макао, посебни административни региони на Кина.
2. Вклучувајќи ги островите Аланд.
3. Поранешната Југословенска Република Македонија

*Извор: Обединети нации, оддел за економски и социјални прашања, отсек за население. Предвидувања за урбанизацијата во светот: ревизија од 2009 година.*

мот на ширење на Акапулко и прашањата со кои се судираат јавните и безбедносните служби. „Секако, туристичките области се поинакви. Тие имаат многу станови со висок стандард коишто се зафатени само помеѓу два и четири месеца годишно. Сепак, општината треба да го собира сметот, да ги чисти улиците, да плаќа за улично осветлување, да ја проверува целата инфраструктура - кабли, канализација, енергетика.“ Безбедноста страда кога градскиот буџет е премногу растегнат.

„Гвадалахара е поинаква приказна“, рече Топелсон. Во Гвадалахара историјата и географијата одиграле голема улога во спречување на урбаното ширење. Стариот градски центар на Гвадалахара, со својата катедрала како главно обележје и околните плоштади, продолжува да ги привлекува жителите и да служи како силна фокусна точка за градскиот живот. „Огромната клисура на североисток од градот го блокира развојот таму“, рече Топелсон. Другите населби беа расштркани во форма на велосипедско тркало околу стариот градски центар.

Во речиси три децении населението на Гвадалахара речиси се удвои, а физичката големина на градот се зголеми повеќе од трипати. Во текот на истиот период, населението на Акапулко, исто така, речиси се удвои - со малку пониска стапка од Гвадалахара, но неговата површина се прошири речиси десетпати.

„Еден од предизвиците“, рече Топелсон, „е повеќе да не расте урбаната површина, туку внатрешноста [постојната површина] на градот. Има празни парцели има празни површини. Има индустрии што си заминаа. Погледнете внатре.“ На рабовите, зелените појаси може да се употребат за повлекување линии на растот, рече Топелсон.

## Неформални населби

Растот на неформалните населби, често пати сиромашни квартови (сламови), со години беше дел од урбаниот раст на Мексико, и пошироко, во Латинска Америка - најјасно симболизиран со *фавелите* во Рио де Жанеиро и другите градови на Бразил. Топелсон не сака да види ваквиот вид раст да продолжи во Мексико. Неформалните заедници порано или подоцна ќе побараат јавни услуги, додаде таа. Станбените проекти изградени од приватни инвеститори, исто така, земаат данок на градските буџети. „Дури и ако уредувањето е приватно, поврзувањето не е никогаш приватно“, рече Топелсон. „Поврзувањето со градот, со автопатот, со училиштата, со болниците“ сите ги чинат градските власти големи пари.

Самоуправната Федерална област на Мексико, главниот град на државата, е срцето на поголемата метрополитенска зона на Мексико Сити, којашто исто така вклучува делови од соседните држави на Мексико (посебен политички ентитет) и Хидалго. Низ целата метрополитенска зона на Мексико Сити, со население од околу 20 милиони луѓе, и во другите градови низ земјата, акцентот и парите се ставаат на одржување на јавниот простор.

*Млади жители чекаат метро во Мексико Сити*
© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола



На федерално ниво се формираат или се обновуваат јавни паркови и рекреативни површини. Топелстон рече дека 3.400 јавни паркови низ земјата биле обновени и подобрени во последните четири години за да се подобри животот во заедницата и да се намали криминалот. Жителите на заедниците биле запрашани што сакаат во своите паркови, а нивните барања довеле до изградба на рампи за скејтбордери, компјутерски простории, простори за шиење, велосипедски и пешачки патеки. Приватниот сектор бил поттикнат да се приклучи кон програмите „Посвои парк", гарантирајќи одржување на отворените простори и рекреативните центри пет или десет години.

Владата на Федералната област на Мексико воведе повеќе улици само за пешаци во неколку краеви (и бесплатни колички за хендикепираните што може да се позајмат во расштрканите киосци). Федералниот главен град и неговите составни локални управи - кои функционираат како гратчиња или населби во рамките на поголемиот град - отвораат простори околу историските згради и другите обележја, додавајќи дрвја и фонтани. Зокало, историскиот центар на градот од ацтечки времиња и еден од најголемите градски плоштади во светот, беше обновен. Многу авении во градот беа проширени, со простор за зеленило и цвеќиња покрај средишните ленти или тротоари.

Централен дел од неодамнешното уредување е светлосниот железнички систем што го сече градот на ниво на улици, поврзувајќи се со подземната железница и автобуските постојки. Велосипедите наречени екобиси нашироко се дистрибуираат низ градските населби за користење од секој кој ќе купи годишна претплата на планот за споделување велосипеди. Функционерите во градското Министерство за урбан развој и домување велат дека 37 проценти од емисиите на стакленички гасови биле намалени со овој и други проекти. Мексико Сити, некогаш озлогласен поради својот загаден воздух, стана поинакво место.

Во Државата Мексико, која се граничи со Федералната област од три страни, главниот град на државата, Толука, исто така, се зафати со амбициозни планови за формирање или проширување паркови. „Постои голема побарувачка за урбани простори", рече Патриција Чемор Руиз, технички секретар на Државниот совет за население. Два големи парка беа завршени во Толука, растечки меѓународен корпоративен центар, а се планираат и други проекти. Советодавните одбори на Државата Мексико вклучуваат членови од граѓанскиот сектор, рече Чемор.

На површината на поранешните касарни 12 хектари беа претворени во зелен простор за трчање, возење велосипед и скејтборд на нови рампи. Друг, поголем парк има спортски објекти и детски музеј „те молам пипни". За да се остварат двата проекта, градските планери успешно се спротивставија на тендерите на Владата за реквизиција на имотот за нови деловни згради.

## УРБАНИЗАЦИЈА

### Извадоци од Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој

Владите треба да ги зголемат капацитетот и надлежноста на градските и општинските власти за управување со урбаниот развој, за заштита на животната средина, за одговарање на потребите на сите граѓани, вклучувајќи ги и градските измамници, за лична безбедност, основна инфраструктура и услуги, за елиминирање на здравствено-социјалните проблеми, вклучувајќи и проблеми со дрога и криминал, и проблеми што произлегуваат од претрупаност и катастрофи, и да им овозможи на луѓето алтернативи во однос на живеење во области склони кон природни и човечки предизвикани катастрофи. …Владите се поттикнуваат да ја промовираат интеграцијата на мигрантите од руралните во урбаните подрачја и развивањето и подобрувањето на нивната способност за остварување приход преку олеснување на нивниот пристап до вработување, кредит, производство, можности за маркетинг, базично образование, здравствени услуги, стручна обука и транспортни услуги, со посебно внимание врз ситуацијата на работничките и жените-глави на домаќинство…

Толука и Државата Мексико општо се магнети за мигрантите од другите делови на земјата. Во напор да се спречи развивање на повеќе градски или периферни сиромашни квартови или населување на повеќе луѓе во подрачјата подложни на поплави, рече Чемор, функционерите работат со приватни изведувачи заради изградба на самодоволни нови градови со домови чија цена е погодна за семејства со низок приход. Еден од овие проекти, наречен Бонанца, е лоциран доста надвор од градот и без пристап до јавен превоз. Функционерите велат дека сопствениците на приватни автобуси веќе ја исполниле таа потреба, одразувајќи тренд во Мексико во кој се бара приватниот сектор да придонесе повеќе кон развојот. „Градежните фирми се обврзани да градат служби како училишта и болници“, рече Чемор за државните проекти за нископриходно домување. „Тоа не се прави во многу други места.“

## ЖИВОТ ВО ИНДИСКИ СИРОМАШЕН КВАРТ (СЛАМ): ЖЕНИТЕ ЗБОРУВААТ

Мудроста на сиромашните жени можеби не е вкалкулирана во плановите на владите, меѓународните институции и истражувачките организации, па сепак тие го живеат својот секојдневен несигурен живот на предните линии на фронтот од свет со 7 милијарди луѓе. Статистички, жените во најсиромашните села и краишта на земјите во развој се, или ќе бидат, мајките на повеќето луѓе кои ќе се додадат на светот во овој век и, дури иако имаат одвај некакво образование или се неписмени, тие сакаат да ги споделат своите искуства, размислувања и совети.

Бхим Нагар е еден од бројните сиромашни квартови фрлени на куп на порано отворените простори во Тхане, сателитска населба со средна класа на Мумбај, индискиот главен град на финансиите и забавата. Се проценува дека 30 проценти од популацијата на Тхане сега живеат во брзорастечки населби. Но, Бхим Нагар, за оние што живеат таму, е крај со виталност и остроумност, и покрај заедничката лишеност и продорното семејно насилство. Во неговата срж има вредни жени кои со голема неизвесност ги држат заедно големите семејства.

Едно попладне поминато во Бхим Нагар со неколку дузини жени кои седат на земја покрај своите мали, главно домови без прозорци, дава поглед на вродената здрава логика на толку многу нешколувани жени од светот додека размислуваат за социјалните и економските сили што ги довеле овде. Одразувајќи ги загриженоста и надежите на жените од другите општества во развој, жените од Бхим Нагар зборуваа не само за својот секојдневен живот, туку и за покрупни прашања: растот на цената на храната, образовните можности и стандарди, јазовите во здравствената заштита, прераните бракови и заканата од злоупотреба во домот што ги спречуваат да ги користат достапните услуги за планирање на семејството. Децата гледаа и слушаа со широко отворени очи.



*Жителки на сиромашните квартови на Бхим Нагар кои потекнуваат од западна Махараштра, Индија. Сите работат како домашни слугинки во блиските станбени населби*

© Атул Лок / Панос

Сите жени - повеќето од државата Махараштра, каде што се наоѓа Мумбај - мигрирале овде со сопрузите, и нашле засолниште во овие гнасни редови куќи во сопственост на газдите кои може да ги избркаат во секое време. Сите овие жени се омажиле како адолесцентки. Детските бракови се незаконски во Индија, каде што законот од 1978 година ја пропиша возраста за брак на девојките на 18 години. Меѓутоа, законот речиси универзално не се почитува, особено во руралните области. Една жена забележа дека таа дури и не знаела дека е омажена кога родителите ја предале на мажот во договор склучен меѓу двете семејства. Немало излез.

Жените од Бхим Нагар, работејќи како домашни слугинки или понекогаш собирачи на рециклирачки смет и отпад, често се единствените носители на приход во своите семејства и ги плаќаат поголемиот дел од сметките, вклучувајќи и кирија од околу 38 долари месечно, од месечната плата која ретко надминува 50 долари. Нивните сопрузи, рекоа тие, се дневни работници кои само повремено наоѓаат работа.

Алкохолизмот и насилството се проблеми во многу семејства. „Работам цел ден, доаѓам дома и готвам, и дури и не стигнувам да јадам пред да ме  натепана мојот сопруг“, рече една жена во раните средни години преку преведувач. Тој бара изговори да ја малтретира. „храната е студена, или нема вкус, или е пресолена,“ рече таа за неговите приговори.

Растот на градовите насекаде поставува вистински предизвици за владите и за луѓето што живеат во нив. Но, урбанизацијата може да биде позитивен двигател на одржлив економски, еколошки и социјален развој, според извештајот на УНФПА за 2011 година, Динамика на населението во најнеразвиените земји: предизвици и можности за развој и намалување на сиромаштијата. Додека популациите растат, има економска и еколошка логика луѓето заедно да се збијат во урбаните области, се додава во извештајот. Урбанизацијата создава работни места и им овозможува на земјите да обезбедат основни услуги по пониски трошоци по глава на жител. Таа ја намалува и потрошувачката на енергија, особено во транспортот и домувањето и може да го намали притисокот на населението во руралните области.

Жените со модрици велат дека не можат да земат слободен ден од чистењето и од готвењето за да им заздрават повредите, затоа што се плашат дека ќе ја изгубат работата од конкурентите. Семејствата немаат социјално осигурување, пензии или осигурување.

Жените во Бхим Нагар рекоа дека изнесиле по четири до седум деца. Тие знаат за планирањето на семејството и каде да го добијат, но забрането им е да го користат, рекоа тие. „Мажите се толку изискателни", рече една додека нејзините сосетки потврдно климаа. „Тие само сакаат синови. И имаат моќ." Запрашани да кажат која би била идеалната големина на семејството, тие се согласија на две деца - зачудувачки блиску до светски признатото ниво на замена од 2,1 дете, што би го стабилизирало населението во нивниот дел од Индија.

Во Бхим Нагар има само 10 нужници - пет за мажите и пет за жените, кои ги делат илјадници луѓе, рекоа жителките. Женските нужници се чистат само спорадично. Нема вода за пиење во населбата. Газдата, кој ги пушта чешмите само неколку часа во повеќето (но, не во сите) денови, им наплаќа на семејствата 100 рупии, околу 2,50 долари, за да ги наполнат домашните лончиња. Им се продава и струјата, по 100 рупии месечно за секој приклучок или извод. Повеќето куќи се мрачни или многу слабо осветлени внатре.

Наоѓањето доволно храна за семејството е константна преокупација и извор на огромен душевен стрес и тензија за овие жени. Тие знаат дека треба да се квалификуваат за јавните програми за помош коишто обезбедуваат намалени цени за одредена храна и петролеј. Но, велат тие, храната се пренасочува на црниот пазар пред да стигне до нив и дури иако имаат картички за следување, тие се бескорисни кога жените се принудени да купуваат по пазарни цени.

Низ сите овие маки, жените на Бхим Нагар се зачудувачки отпорни. Многу ги испратиле своите деца во неформалните или локалните државни училишта во надеж дека нивниот живот ќе биде поинаков. Некои од тие деца отишле во стручни училишта или во високо образование. Меѓутоа, за девојчињата животот може да биде потежок. Некои во маалото се веќе домашни слугинки, извадени од училиште за да им помогнат на семејствата во нужда, осудени да го повторат животот на своите мајки. Други се омажени млади - тоа попладне едно 14-годишно девојче ја минуваше церемонијата на свршувачка - и може да биде осудена на уште една генерација злоупотреба во домот.

Во ова маало и во уште неколку во областа, жените имаат место каде може да одат и да побараат совет и помош. Еден мал огранок на Федерацијата Бхартија Махила во близина, којшто доби помош за основање од УНФПА, им помага на жените да добијат совети, правна помош или место во засолниште од семејно насилство (и згрижувачка нега или интернатско школување за децата) доколку кризата е екстремно опасна. Волонтери, вклучувајќи и наставници, социјални работници и професионален психијатар, го приложуваат своето време во центарот со кој работи организацијата во Тхане. Беше формирана улична театарска дружина за да им ги пренесе пораките на сиромашните заедници. Еден голем хит, со над 2.500 изведби, беше насловен „Спасете ги девојчињата и спасете ја земјата." Трупата привлече широко внимание, и беше поканета да изведува во Германија.

Прабха Ратхор, една од жените во сиромашните квартови, ја раскажа приказната за тоа како женскиот центар í помогнал да излезе од насилниот брак, на којшто била принудена на возраст од 14 години. Таа била повлечена и преплашена млада жена со години, рече, но оттогаш станала самоуверена полнолетничка која добро заработува готвејќи и продавајќи индиски ручеци во „тифин кутија" по кои областа на Мумбај е особено позната. Сè уште живеејќи во сламовите, таа им помага на напуштените или сериозно лишените деца да опстанат. Тажно, но таа морала да се откаже од своите два сина за да добие развод. „Сега велам дека немав само две деца", рече таа, „Имам илјада во заедницата."



ГЛАВА 7

# Делење и одржување на ресурсите на Земјата

Глобалниот економски раст од Самитот за Земјата во 1992 година, којшто издигна милиони луѓе над сиромаштијата, имаше и своја цена, трошок „што сè повеќе го сносат сиромашните и ранливите на оваа планета, вклучувајќи ги и многуте од најнеразвиените земји", рече извршниот директор на Програмата на Обединетите нации за животна средина, Ахим Штајнер, во мај 2011 година на конференцијата на Обединетите нации.

Во последните две децении бевме сведоци на „извонредни, но и отрезнувачки промени, економски, социјални и еколошки во многу делови од светот", рече Штајнер.

Од климатскте промени до загубата на биолошката разновидност и од растечката деградација на земјиштето до сè поголемата оскудност на вода за пиење, еколошките промени се преведуваат во ескалирачки социоекономски ефекти и недостатоци, рече тој.

„Знаеме дека економиите треба да ни пораснат за да издигнеме повеќе луѓе над сиромаштијата и да најдеме пристојни работни места за младите, недоволно вработените или невработените, особено во земјите во развој, поконкретно во најнеразвиените земји", рече Штајнер. „Но, тој раст треба да стане далеку поинтелигентен" во свет од 7 милијарди луѓе. „Ако не, ризиците, шоковите и непредвидливоста на храната, горивото и цените на другите стоки за широка потрошувачка, на кои бевме сведоци во последниве две до три години, веројатно ќе станат поекстремни и социјално попроблематични од кога и да е досега."

Штајнер повика на развој на „зелената економија", што не само што ќе го зацврсти економскиот раст туку и ќе помогне да се искорени сиромаштијата. „Можно е да се катализира растот и вработувањето, истовремено одржувајќи го јаглероддиоксидниот отпечаток на човештвото во еколошки граници."

Еколошкиот отпечаток на човештвото веќе е голем, според Глобалната мрежа за јаглероддиоксиден отпечаток, тинктенк за животна средина со седиште во Калифорнија. Од седумдесеттите, човештвото е во „еколошко прелевање" со годишна побарувачка за ресурси која го надминува она што може да го регенерира Земјата во 365 дена. „Сега на Земјата ѝ се потребни една година и шест месеци за да го регенерира она што ние го користиме за една година."

Со отпечатокот се мери колку земјишна и водена површина бара човечкото население за да ги произведе ресурсите што ги троши и за да ги апсорбира емисиите на јаглероддиоксид со помош на распространетата технологија.

Половина од светскиот отпечаток во 2007 година можеше да им се припише на 10 земји, каде САД и Кина користат, соодветно, 21 процент и 24 проценти од „биокапацитетот" на Земјата."

*Момче продава флаширана вода во Лагос, Нигерија*
© УНФПА / Акинтунде Акинлеје



Младич седи на мостот Каср ал-Нил, гледајќи во реката Нил во централно Каиро
© УНФПА / Метју Касел

Одржувањето на животот на просечниот Американец зазема 9,5 хектари од просторот на земјата, во споредба со 2,7 хектари за просечниот човек од светот, и само околу еден хектар за просечниот човек во Индија и поголемиот дел од Африка. „Кога сите би живееле со животниот стил на просечниот Американец, потребни би ни биле пет планети", изјавува Глобалната мрежа за јаглероддиоксиден отпечаток.

Новинарот за животна средина Фред Пирс го изразува ставот дека мал дел од светското население ги користи повеќето ресурси и го произведува поголемиот дел од светското загадување.

Најбогатите половина милијарда луѓе во светот - околу 7 проценти од светското население - се одговорни за околу 50 проценти од емисиите на јаглероддиоксид во светот, сурогат-мерка за потрошувачката на фосилни горива. Во меѓувреме, најсиромашните 50 проценти се одговорни само за 7 проценти од емисиите, напиша Пирс во еден напис за веб-страницата „Животна средина 360" на Универзитетот Јејл. „Прекумерната потрошувачка, а не растот на населението, е она што е фундаментален проблем", расправа Пирс, упатувајќи на истражувањето на Државниот универзитет во Орегон од Пол Марто, што зборува за „меѓународното наследство" на денешните деца. Едно дете плус родено денес во САД, со текот на генерациите, би произвело краен јаглероден отпечаток седумпати поголем од едно дете плус во Кина, 55 пати поголем од индиско дете или 86 пати поголем од отпечатокот на нигериско дете, покажа истражувањето на Марто.

## Растот на населението и климатските промени

Сè поголемата маса докази покажува дека климатските промени пред сè, се резултат од човечката активност, според Состојба на светското население 2009, „Соочување со променливиот свет: жени, население и клима". Но, влијанието на човечката активност врз климатските промени е комплексно и нелинеарно, предупреди извештајот. „Климатските промени се поврзани со тоа што го трошиме, видовите енергија што ги произведуваме и користиме, дали живееме в град или на фарма, дали живееме во богата или сиромашна земја, дали сме млади или стари, што јадеме, па дури и до кој степен жените и мажите уживаат еднакви права и можности", според извештајот на УНФПА. „Влијанието на климатските промени врз луѓето, исто така, е комплексно, поттикнувајќи ја миграцијата, уништувајќи го животот, нарушувајќи ги економиите, подривајќи го развојот и влошувајќи ја нееднаквоста меѓу половите".

Поради поголемата сиромаштија, помалата контрола врз сопствениот живот, помалото признавање на нивната економска продуктивност и нивниот непропорционален товар во репродукцијата и подигањето на децата, жените се соочуваат со дополнителни промени освен климатските.

„Жените се најостро погодени од еколошките проблеми, вклучувајќи ги и климатските промени", вели Амината Тоуре, шеф на огранокот на УНФПА за родови прашања, човекови права и култура. „Бидејќи жените во земјите во развој

се одговорни за одгледување на храната и хранење на семејството, тие се првите што ги чувствуваат ефектите од еколошките проблеми како сушите или поплавите.“

Климатските промени имаат потенцијал да ги пресвртат тешко стекнатите придобивки од развојот во минатите децении и напредокот кон постигнување на Милениумските развојни цели, според Светската банка. Пречките ќе произлезат од недостиг на вода, интензивни тропски бури и налети, поплави, губење на стопената вода од глечерите за наводнување на земјоделските култури, недостиг на храна и здравствени кризи. Климатските промени се закануваат да ја влошат сиромаштијата или да ги оптоварат маргинализираните и ранливи групи со дополнителни маки.

Во Југоисточна Азија, на пример, околу 221 милион луѓе веќе живеат под линијата на сиромаштија од 2 долара дневно. Многу од сиромашните во регионот живеат во крајбрежните области и во ниските делти, а многу од овие сиромашни се ситни земјоделци или луѓе што заработуваат за живот од морето. Сиромашните домаќинства се особено ранливи на климатските промени, затоа што нивниот маргинален приход обезбедува мал или воопшто не обезбедува пристап до здравствени услуги или други безбедносни мрежи за заштита од опасностите на променливите услови и затоа што тие немаат средства да се релоцираат кога ќе удрат кризите.

Динамиката на населението е особено релевантна за дебатата за решавањето, или адаптирањето, на климатските промени. Некои сиромашни земји со брз раст на населението можеби немаат капацитет да се адаптираат, на пример, преку миграција од ниските крајбрежни области во урбаните области, затоа што услугите, можностите за домување и вработување за новите жители, можеби се неадекватни.

На Конференцијата на страните во Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатските промени, во Канкун 2010 година, преговарачите за првпат ја споменаа потребата владите да ги земат предвид демографските податоци и трендовите на населението при формулирање стратегии за адаптирање кон климатските промени.

Исто така, во 2010 година, претставниците од 20 невладини организации и УНФПА се мобилизираа во Њујорк за да изградат партнерства што би заговарале вклучување на популациските прашања во агендите на претстојните меѓународни настани за животна средина, особено „Рио+20“, последователна конференција по дваесет години од Самитот за Земјата во 1992 година, што ќе се случи во јуни 2012 година.

Некои експерти веќе ги квантифицираат врските меѓу низа трендови во динамиката на населението и во животната средина, како што се климатските промени. На пример, во документот од 2010 година, објавен во *Постапки на Националната академија на науките во Соединетите Американски Држави*, Брајан, Ц. О’Нил, научник за климатски промени при Националниот центар за атмосферски истражувања во Булдер, Колорадо, и еден

*Електрана со лозје во предградие на Ксијан, Кина*
© УНФПА / Гуо Тиелиу





▲ *Фелисмина Бачела и нејзиниот сопруг Силвестре Челестино Уеле работат во градината, каде што одгледуваат зелки, компири и други градинарски производи за продажба на пазар во Мапуто*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

тим од меѓународни експерти ги напишаа наодите за она што го опишуваат како „прва сеопфатна проценка на импликациите од демографските промени за глобалните емисии на јаглероддиоксид".

Наодите во документот, Глобални демографски трендови и идни јаглеродни емисии, доаѓаат од новиот модел за енергетски економски раст, којшто зема предвид низа демографски фактори. „Ние покажуваме дека забавениот раст на населението може да обезбеди од 16 до 19 проценти намалување на [јаглеродните] емисии кои се сугерираат како неопходни до 2050 година за избегнување на опасни климатски промени", рече О'Нил.

Еден од наодите во извештајот, кој користи податоци од 34 земји претставувајќи 61 процент од светското население, е тоа дека стареењето ќе ги намали емисиите на долг рок до 20 проценти. Стареењето сега е фактор главно во индустријализираните земји, каде што емисиите се високи. „Во моделот старите популации се поврзуваат со пониска продуктивност на трудот или со пониски стапки на учество во работната сила на постара возраст, што", кога другите работи се еднакви, „води кон побавен економски раст", се вели во извештајот. Овој наод расветлува уште една димензија на дебатата за трошоците и придобивките од населението што старее.

Сепак, дури и ако се постигне нула раст на населението, тоа едвај би го допрело климатскиот проблем - би требало да ги намалиме емисиите од 50 до 80 проценти до средината на столетието, расправа Фред Пирс во својот напис за Универзитетот Јејл. „Земајќи ги предвид постојните доходовни нееднаквости, неизбежно е да се заклучи дека прекумерната потрошувачка на малкуте богати е клучниот проблем, а не пренаселеноста на многуте сиромашни."

Во Кина работата на професорот Кај Лин од Центарот за истражување на населението и развојот при Универзитетот Ренмин, го одразува растечкото чувство во многу места дека многу фактори нужно се дел од дискусиите за населението и развојот, и дека сите мора да се измерат. Тој рече дека Кина работи кон сеопфатен, холистички поглед на врските меѓу населението, животната средина и климатските промени, којшто ги вклучува не само

популациските политики, туку и реорганизацијата на индустриите, подобрувањата во енергетскиот сектор, земјоделството, сточарството и шумарството.

Националниот извештај за процена на климатските промени во Кина беше објавен во 2006 година, по кој, во 2008 година, следуваше национален план за акција. Оттогаш се прават конкретни напори за намалување на индустриското загадување, чистење на воздухот во градовите и за развивање системи за одлагање на градскиот отпад. Се садат дрвја и грмушки покрај градските авении и од страните на автопатиштата коишто се протегаат низ природата. Се спроведуваат истражувања за загадувањето на морето подалеку од брегот предизвикано од индустрискиот отпад и непречистените фекални води.

Кина, сегашниот најголем емитувач на јаглероддиоксид од фосилни горива, има, како домашен, така и меѓународен интерес за еколошките и климатските промени, поставена, како што е, помеѓу глечерите што се топат на Хималаите и жестоките тропски бури што се создаваат во Пацификот. Во дванаесеттиот петгодишен план на Кина одобрен во март 2011 година функционерите ветија поголемо внимание врз случувањата во животната средина.

Планот доби поволен коментар низ целиот свет, затоа што ја призна потребата од нови насоки. Стотици милијарди долари беа тргнати настрана за „чист и зелен“ развој од централната Влада, а кинеските функционери и научници работат со Обединетите нации на области како чиста технологија за копање јаглен и управување со водите. Развојот, во својата најширока смисла, се одмерува во дискусиите за големината на населението, велат кинеските функционери и научници.

Светска банка ѝ помага на Кина да продолжи да го зголемува производството на обновливи енергии; земјата веќе е меѓу светските лидери во чисти енергии. Банката вели дека во последнава деценија 90 проценти од нејзините енергетски инвестиции во Кина биле на ова поле. Ваквите случувања не само што помагаат да се исчисти воздухот во некои озлогласено загадени градови и индустриски зони, туку помагаат и да се обезбеди побогатото население да има електрична струја за погон на своите новостекнати апарати и осветлување. На индустриите од сите видови им е потребно сигурно снабдување со енергија за да растат.

Глобално, Светската банка и агенциите на Обединетите нации ги поттикнуваат земјите во развој повеќе да користат чиста енергија за сопствена употреба и за извоз. Специјалистите за сончева енергија, на пример, велат дека африканските нации може да продаваат доволно сончева енергија, што ќе го задоволи поголемиот дел од потребите на Европа. Египет, регрупирајќи се по револуцијата, го сврте вниманието кон развивање повеќе сончева енергија од своите пустински области, коишто земјоделски не се продуктивни.

Климатските промени и брзиот раст на населението се меѓу многуте фактори што придонесуваат кон актуелната суша и глад на Рогот на Африка, што погоди повеќе од



*Стареењето на популацијата се поврзува со пониски емисии на јаглерод*
© УНФПА / Антонио Фјоренте

12 милиони луѓе, според Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации, ФАО. „Со брзиот раст на населението, намаленото обработливо земјиште од земјоделците кои живеат таму и миграцијата кон граничните земји, со ефектот на продлабочување на климатските промени и продолжената економска маргинализација на економиите од Рогот на Африка во глобалната економија, притисокот се одржува врз релативно оскудните ресурси на Рогот.“

Кризата на Рогот на Африка ја подвлекува потребата од интегриран пристап кон климатските промени, што вклучува акција за помагање на луѓето да се приспособат на сушата и другите временски услови на места каде земјата се мачи да го издржи човечкиот живот, извршниот директор на УНФПА, Бабатунде Осотимехин, изјави за новинската агенција Ројтерс во август. „Треба да го подобриме производството на храна... и да работиме со државите-членки за да обезбедиме жените, а особено, младите девојки да имаат пристап до образование, вклучувајќи и сексуално образование, и пристап до здравствени и услуги од репродуктивното здравје, вклучувајќи и планирање на семејството. Нагласувајќи ја доброволната природа на политиките за планирање на семејството поддржани од неговата агенција, Осотимехин рече дека целта на подолг рок е да им се помогне на жените

„да имаат деца тогаш кога сакаат да ги имаат и да изберат број што може да си го дозволат во својот контекст“ пренесува Ројтерс.

*Автобус во посебна лента минува крај сообраќајот во Мексико Сити*
© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола




## Вода

Сè помалите резерви на вода се еколошко прашање што најчесто се поставува во земјите во развој, како поради неопходноста земјоделското земјиште да се одржува продуктивно заради задоволување на животните потреби за храна на растечките популации, така и поради суштинското намалување на здравствените ризици за луѓето пренатрупани во урбаните области каде што јавната вода и санитарните услуги не одржале чекор со растот.

Извештајот на Светскиот економски форум во 2010 година наведе дека се очекува побарувачката за вода да порасне, а анализата сугерира дека светот ќе се соочи со глобален недостаток од 40 проценти помеѓу прогнозираната побарувачка и расположивите резерви до 2030 година.

Египет е една од многуте земји кои потенцијално се соочуваат со сериозен дефицит на вода, а демографите во Каиро како Хишам Меклоуф, претседател на египетската Асоцијација на демографи, сакаат поголемо внимание да се посвети на оваа потенцијална криза.

Сигурноста за водата за пиење во Египет ја проучуваше Лестер Р. Браун, основач и претседател на Институтот за политики за Земјата во Вашингтон и автор на Светот на работ, којшто ја поврзува неизвесноста за водните резерви во Египет со скорешното преземање на африканското земјоделско земјиште во Судан (вклучувајќи го и новиот Јужен Судан) и Етиопија од нациите во други региони - Република Кореја, Кина, Индија и Саудиска Арабија меѓу нив.

Во трудот насловен „Кога Нил ќе пресуши“ Браун рече дека Договорот за водите на Нил од 1959 година му даде на Египет право да користи 75 проценти од текот на реката, откако ќе помине низ Етиопија, Јужен Судан и Судан, каде што се спојуваат неговите две притоки. „Ситуацијата нагло се менува кога богатите странски влади и меѓународни прехранбени фирми зграпчуваат големи делови обработливо земјиште во горниот слив“, напиша тој во еден скорешен труд. Побогатите развиени и земји во развој надвор од Африка, всушност, создаваат банки на храна против идниот недостиг дома со тоа што го преземаат земјоделското земјиште на посиромашните земји.

„Сега, кога конкурира за водата од Нил, Каиро мора да се справи со неколку влади и комерцијални интереси кои не биле страна во договорот од 1959 година.“ Купувањето земја е и купување вода, вели Браун, а на Египет по долниот тек му треба водата за одгледување на главните пченични култури од кои живее сè уште растечкото население.

Кога Гада Барсоум, доцент на Катедрата за јавна политика и администрација при Американскиот универзитет во Каиро, откри колку мал интерес или загриженост постои меѓу нејзините студенти кога им ги претстави прашањата за растот на популацијата во Египет, таа ги одведе на теренска екскурзија. Тие не отидоа во пустината. Отидоа да ја следат презентацијата Иднината на човештвото: иднината на Египќаните на Мајкл Вадли, режисер на документарци награден со Оскар.

Младите кои Барсоум ги среќава во Школата за глобални работи и јавна политика студираат на еден од најселективните и најконкурентните универзитети во светот, а многумина од нив ќе заземат влијателни позиции на креирање политики во Владата или во приватниот сектор.

Вадли е најпознат по филмот Вудсток од 1970 година, во којто ја изнесува хрониката на една поранешна генерација млади. Овој филм му донесе Оскар за најдобар документарен филм. Неодамна, тој го свртe своето внимание кон документирање на опасностите од потрошувачките култури насекаде, и предава на универзитетите и на граѓанските организации. Тој дојде во Каиро вооружен со податоци од Извештајот за човечки развој на Египет од 2010 година, Младите во Египет: градење на нашата иднина.

Барсоум, која во 2010 година спроведе истражување за египетската младина со техничка поддршка од УНФПА, и истовремено поранешен раководител на Програмата за сиромаштија, родови прашања и млади на Советот за население за Западна Азија и Северна Африка, рече дека презентацијата на Вадли извршила влијание врз нејзините студенти на универзитетот кои претходно не размислувале многу за населението како прашање на политика. Но, кога тие ги поврзале растот на населението и притисоците врз животната средина, особено врз водните ресурси во земјата, нејзините студенти одеднаш се заинтересирале.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

### Извадоци од Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој

Задоволувањето на основните човечки потреби на растечките популации зависи од здрава животна средина. Демографските фактори, во комбинација со сиромаштија и немање пристап кон ресурси во некои области, и прекумерна потрошувачка и расипничко однесување во други, предизвикуваат или ги влошуваат проблемите на деградација на животната средина и осиромашување на ресурсите, на тој начин инхибирајќи го одржливиот развој.


CHANGE
A GIRL
G

ГЛАВА 8

# Патот напред: довршување на агендата од Каиро

Додека нашиот свет достигнува население од 7 милијарди луѓе, со речиси 2 милијарди адолесценти и млади меѓу нив, агендата на Меѓународната конференција за население и развој (ИЦПД) од 1994 година останува порелевантна сега од кога и да е порано, рече Бабатунде Осотимехин, извршен директор на Фондот за население на Обединетите нации, УНФПА.

Камен-бележникот на 31 октомври за свет од 7 милијарди претставува „голема можност и голем предизвик", рече Осотимехин, лекар и поранешен нигериски министер за здравство, кој на местото што го зазеде во јануари донесе обемно искуство од Супсахарска Африка, каде што стапките на наталитет се високи, а сиромаштијата широко распространета. Тој со себе донесе и богатство од поуки за тоа како да се движиме побргу за да одговориме на ветувањата на ИЦПД, што ја покрена 20-годишната Програма за акција во која е одразена свеста дека трендовите или динамиката на населението, репродуктивното здравје, сиромаштијата, шаблоните на производство и потрошувачка и животната средина се толку тесно меѓусебно поврзани што ниеден не може адекватно да се третира во изолација од другите.

„Поради тоа што нашата појдовна точка е бележникот од 7 милијарди, постојат многу работи што треба да ги земеме предвид", рече тој, фокусирајќи се врз глобалната агенда. „Првата е дека сакам овој бележник да го видам како влезна точка што ни овозможува да ги разгледуваме прашањата на населението, развојот, репродуктивното здравје, репродуктивните права, услугите - вклучувајќи го и планирањето на семејството -и прашањата на младите луѓе." А во сите овие прашања, универзалните права се од врвно значење. „За мене, прашањето околу правата е она што движи сè", рече тој во едно интервју давајќи осврт на својот пристап.

„Развојната динамика на населението - како што е стареењето во развиените и средноприходните земји, големите популации на млади во земјите во развој, миграцијата и урбанизацијата - го засегаат одржливиот развој за сите", рече Осотимехин.

Во УНФПА, која има водечка улога во Обединетите нации за прашањата од населението и развојот, Осотимехин сега се надева да го сврти фокусот на агенцијата, донаторите, граѓанскиот сектор и владите на земјите што ги опслужува УНФПА, кон практични, функционални мерки што ќе го забрзаат напредокот кон целите на ИЦПД, како и кон Милениумските развојни цели, особено потесната цел 5-б, заради постигнување универзален пристап до репродуктивно здравје до 2015 година.

„А, знаеме дека за да ги исполниме развојните цели, треба да обрнеме поголемо внимание на адолесцентите и младите",

*Млада жена во Комисијата на Младинскиот центар во Адис Абеба*
© УНФПА / Антонио Фјоренте

рече Осотимехин, забележувајќи дека има повеќе од 1,2 милијарди адолесценти на возраст помеѓу 10 и 19 години, од кои девет од десет живеат во земјите во развој.

Во своето размислување за политиките на УНФПА и нејзините партнери за иднината, Осотимехин го дели светот на три групи земји со различни степени на развој, различни предизвици, па затоа, и различни потреби: земји во развој, особено оние што се сиромашни и понекогаш со високи стапки на раст на населението, средноприходни земји во коишто населението веќе се стабилизирало, но доживуваат друга динамика, како миграција, и високоприходни земји, вклучувајќи го и растечкиот број на оние во кои населението се намалува и старее.

## Предизвици во земјите во развој

Во земјите во развој, рече Осотимехин, „државите-членки изразија загриженост за растот на нивните популации, а ние во УНФПА треба да се ангажираме во смисла на политики и програми што ја зацврстуваат агендата [на ИЦПД] од Каиро, во кои правата на жените ќе бидат примарни, а изборот што го прават централен“. Во тие земји, службите за репродуктивно здравје треба да бидат достапни за сите „до последното ќоше“, рече тој. „И земајќи ја предвид работата со која ние во УНФПА секогаш се гордееме, мораме да бидеме сигурни дека секоја бременост е посакувана и дека секое дете е родено со грижа и достоинство.“ Дел од тој напор мора да вклучи помош за земјите да одговорат на неодговорената побарувачка за планирање на семејството. „Постојат 215 милиони жени кои сакаат планирање на семејството, а не го добиваат“, рече тој. „Многу е важно УНФПА да биде лидерот што го движи тој процес. Но, тој мора да биде во рамките на суштинското толкување на репродуктивното здравје и репродуктивните права за да биде целисходен.“

Но, интегрираниот пристап кон репродуктивното здравје и права значи дека планирањето на семејството не смее да се обезбедува во вакуум, рече Осотимехин. Не само што планирањето на семејството мора да биде дел и парче од еден поширок напор за подобрување на услугите од репродуктивното здравје, туку сексуалното и репродуктивното здравје треба, исто така, да бидат интегрирани во општиот систем на здравствена заштита.

„Дозволете ми да ви дадам еден пример: во ситуација кога би обезбедувале услуги на ниво на примарна заштита за тестирање од ХИВ и советување, [би можеле да постојат] пренатални услуги за жените и здравствена едукација којашто зборува за прашања на превенција. Па, ајде сега кажете дека овде планирањето на семејството е добро интегрирано. Овие и други услуги може да се координираат и да се обезбедуваат по ниски трошоци“, рече тој, „и веќе почнуваме да гледаме примери каде ова се случува“.

Интегрираниот пристап не само што донесува подобри резултати, туку има и добра економска смисла. Удвојувањето и преклопувањето на услугите може да се избегне, оскудните ресурси може поефективно да се искористат, а ризикот некои услуги да се надградуваат за сметка на други може да се намали.

Осотимехин, кој ја водеше програмата за ХИВ/СИДА на Нигерија 10 години, рече дека мисли оти напорите за решавање на епидемијата можеле да бидат поефективни ако биле координирани со напорите за подобрување на сексуалното, репродуктивното и мајчиното здравје. „Зошто тогаш не се зафативме со репродуктивното здравје и смртноста кај мајките? Дваесет проценти од смртноста кај мајките во Африка се поврзани со ХИВ. Зошто поактивно не ги разгледавме прашањата за превенција на пренесување на вирусот од мајка на дете? Токму тоа сакам да го кажам сега. И токму затоа секогаш кога ќе

помислам што треба сега да направиме, си помислувам да се обидеме да разработиме нешто што е поинклузивно, што го обезбедува тоа преку истите оние работи што можеме да ги постигнеме со малку ресурси. Можеме да го изминеме тој километар плус.“

Еден начин за координирање на ваквите акции е да се поттикнат земјите да интегрираат услуги во своите национални буџети и администрација. Тој вели дека планира да работи особено вредно со членовите на националните законодавни домови, затоа што тие не само што се обврзани спрема своите избирачи, туку и често го контролираат јавното трошење. „Тие одлучуваат каде ќе одат парите“, рече тој.

Осотимехин вели дека тој, исто така, планира да заговара интегриран пристап меѓу министерствата за финансии и планирање, како и здравствените функционери во земјите каде што работи УНФПА. „Постои крупно прашање кај системите на многу земји во развој“, рече тој. „Здравствената и социјална политика го немаат приоритетот што го заслужуваат.“

Владите мора да ги вградат услугите од сексуално и репродуктивно здравје, вклучувајќи и планирање на семејството, во своите редовни буџети, инаку ризикуваат тие да бидат третирани како опциски ставки кои лесно може да се исечат секогаш кога ќе пресушат донаторските средства насочени кон конкретна активност. „Мора да внесете буџетска линија за нив - и за сите други услуги од репродуктивното здравје - на годишна основа. Домашните ресурси треба да бидат достапни за вакви работи. Донаторите може да ги надополнуваат, но тие не треба да бидат главниот извор. Мислам дека ние во УНФПА имаме одговорност да зборуваме со државите-членки и со донаторите кои ги поддржуваат и да кажеме „Ова мора да го ставите на вашата агенда!“.



▲ *Извршниот директор на УНФПА, Бабатунде Осотимехин (десно), во Бангладеш*
© УНФПА / Вилијам Рајан

„УНФПА останува посветена на развојот предводен и во сопственост на земјата и на јакнењето на националните системи.“

Низ светот, но особено во Супсахарска Африка, средствата за сексуално и репродуктивно здравје, вклучувајќи и за планирање на семејството, претрпеа притисок со влошувањето на кризата на ХИВ/СИДА. Донаторите и земјите во развој делот од своите средства засилено го насочија кон тестирање и лекување на ХИВ, додека средствата за сексуално и репродуктивно здравје стагнираа.

„А, тоа се само пари“, рече тој. „Исто така, и луѓето кои беа обучени да нудат услуги од репродуктивно здравје беа регрутирани. Давателите на услуги од планирање на семејството добија работа како советници за тестирање од ХИВ. Едноставно сите ги раздвиживме. Токму затоа, кога ќе погледнам назад, мислам дека сите требаше да кажеме „Да, го имаме

овој проблем и ќе го решиме. Но, работата што луѓето веќе ја работат е толку многу поврзана. Па, зошто едноставно не го проширите она што веќе сите го правиме?“ Тоа не треба да биде прашање на избирање една активност или друга; треба да бидат и двете.“ Кондомите, на пример, не треба да се перципираат или како метод на планирање на семејството или како средства за превенција на ХИВ. Тие треба да служат и за двете цели, па нема многу смисла да се раздвојуваат или за нив да се плаќа од одвоени буџети. Кондомите, рече Осотимехин, на повеќето места денес, се поврзуваат со помагало за спречување инфекции на ХИВ и се чини дека повеќето луѓе заборавиле дека првично тие биле помагало за планирање на семејството.

Некои влади не секогаш го одредуваа планирањето на семејството за приоритет, вели Осотимехин. Па, затоа, правата на жените не се почитуваа на некои места. Но, во некои земји, како Бангладеш, беа направени големи усилби да се одговори на неодговорената побарувачка за услуги.

Т. Пол Шулц, економист во Центарот за економски раст на Катедрата за економија при Универзитетот Јејл, го проучуваше експерименталното доброволно планирање на семејството и теренската програма на Бангладеш, во областа Матлаб. Бангладеш, којшто доживеа опаѓање на стапките на наталитет, исто така, направи голем напредок во едуцирањето на девојчињата при исполнување на другите потесни цели во рамките на Милениумските развојни цели. Студијата на Шулц, чии резултати беа објавени во 2009 година, беше насловена како *Како планирањето на семејството промовира развој?: Докази од социјалниот експеримент во Матлаб, Бангладеш, 1977-1996.*

Програмата во Матлаб, во која локално ангажираните здравствени работници патуваа до селата и на мажените жени им нудеа низа контрацептивни избори и информации за нивното користење и безбедноста, во текот на две децении,

## ПОМОШ НА НАСЕЛЕНИЕТО 1998-2008




*Извор: Текови на финансиски средства за популациски активности во 2008. УНФПА (2010)*

доведе до намалување на наталитетот од 10-15 проценти и зголемување на женските плати за една третина, открил Шулц. Преживувањето на децата и нивното школување, како и здравјето на мајките и ќерките се подобри, додека средствата што ги поседуваа домаќинствата - како финансиски заштеди, накит, потрошувачки добра, станови, овоштарници и езерца - беа за 25 проценти повисоки во селата на програмата во споредба со слични села кои не беа дел од експериментот.

„Идните анализи треба да разгледаат како овие интервенции ги подобрија исходите пресудни за овозможување на идните генерации да избегаат од сиромаштијата, како што се намален наталитет, зголемени можности за заработка на жените, промени во стапките на лични заштеди на домаќинствата, промени во составот на богатство во домаќинството, и конечно, подобрувања во преживувањето на малите деца, нивното здравје, исхранетост и школување“, напиша тој.

Гита Рао Гупта, поранешна претседателка на Меѓународниот центар за истражување на жените и виша соработничка за глобален развој во Фондацијата на Бил и Мелинда Гејтс, која сега е замениквршен директор на УНИЦЕФ, Фондот за деца на Обединетите нации, расправа дека жените мора да имаат пристап до услуги што ќе им овозможат да бидат во центарот на одлуките и изборот за големината на семејството.

„Тоа е одлука на жената“, рече таа. „Ако ѝ ги овозможите информациите и контрацептивните средства што постојат, тогаш таа ќе избере да ги користи на начин за кој мисли дека е најдобар за неа и нејзиното семејство. Да, тие можеби мора да ги прифатат културните норми. Можеби мора да преговараат во семејствата за да ги задоволат тие потреби. Но, тоа е предизвикот со кој се соочуваат. ...Наша одговорност е да обезбедиме дека кога ќе можат да одговорат на тие предизвици, ќе им ги дадеме квалитетните услуги што им се потребни. Тоа е сè што можеме да сториме.“

## Предизвици во средноприходните и високоприходните земји

Во земјите со среден приход каде што стапките на наталитет паднаа под нивото на замена и каде што услугите од репродуктивното здравје, вклучувајќи го и планирањето на семејството, се можеби добро етаблирани, рече Осотимехин, прашањата како миграција го заземаат центарот на сцената. Постојат и проблеми на нерамноправна распределба на богатството, насилство врз жените или одрекување на нивните права, како и исклученост на домородното население.

„Во втората група земји многу повеќе ќе пливаме спротивно од текот“, рече тој, „ќе се работи за социјалните политики“, и ќе се работи за тоа да им се помогне на земјите да ги следат и да ги евалвираат своите програми за да одредат дали допираат до маргинализираните или ранливи луѓе и дали ги јакнат жените и младите. Во средноприходните земји, УНФПА може да помогне и со собирање и анализа на квалитетни податоци заради подобро разбирање на трендовите, а и со советување на државните креатори на политики.

Мексико илустрира некои од прашањата со кои се судираат средноприходните земји денес, рече Осотимехин. „Населението е стабилно. Тие имаат многу висока стапка на користење контрацепција.“ Но, земјата доживува и големи преселби на луѓе - од руралните во урбаните подрачја, од урбаните во периурбаните области, и во други земји. Па, така, голема компонента од работата на УНФПА во Мексико се концентрира врз помагање на Владата да управува со миграцијата, особено во градовите, за да обезбеди преодот да им го подобри животот на луѓето, а не да ја разгорува нееднаквоста. „Како да обезбе-



Ирма Гевара и деца, Матлатонок, Мексико. Гевара е „na savi“, поранешен мигрант во САД
© УНФПА / Рикардо Рамирез Ариола

диме Мексико Сити, додека расте, да може да ги задоволи сите, во смисла на пристап до репродуктивни услуги и во смисла на можност за избор којшто очекуваме секој поединец да може да го направи? Како да ја намалиме преваленцата на семејно насилство? Како да бидеме сигурни дека младите жени сè уште имаат пристап до образование и дека можат да го реализираат својот потенцијал кога ќе се преселат во градот?“

Третата група земји - оние со висок приход - исто така доживуваат и се обидуваат да управуваат со миграцијата, но обично на луѓето што се преселуваат во земјата. Повеќето од овие земји се соочуваат и со сè поважното прашање на стареење на населението и изработка на политики кои ќе одговорат на потребите на постарите луѓе, истовремено ангажирајќи ги во заедницата. „Секое општество, секоја заедница, мора да се подготви и да воспостави структури кои може да им удоволат на постарите лица и да ги третираат со достоинство оние кои си ја заслужиле староста,“ вели Осотимехин.

## По 2014 година

Програмата за акција на ИЦПД треба да истече во 2014 година, со многу од целите сè уште надвор од дофатот на многу земји. „За среќа, постои резолуцијата на Генералното Собрание која ни кажува дека можеме да ја продолжиме ИЦПД во 2014 година и да продолжиме, затоа што има уште толку многу да се стори“, рече Осотимехин. Но, тоа не е случај со Милениумските развојни цели, кои мора да бидат постигнати до 2015 година. Работата на УНФПА придонесува кон постигнување на неколку од целите, кои се занимаваат со сиромаштија, родови прашања, мајчино здравје и со посебната цел за универзален пристап до репродуктивно здравје. Ние немаме, додека зборуваме, конкретен заземен став за тоа што ќе биде развојната агенда по Милениумските развојни цели.“ Но, без оглед на тоа што ќе се случи во периодот до 2015 година и доста во иднината, „мора да има повеќе гласови од југот на светот, а многу од нив треба да бидат гласови на младите луѓе“, рече Осотимехин. „Тие гласови, млади или стари, треба да се слушнат на секое ниво, од национално до регионално и меѓународно“, додаде тој.

Лола Даре, извршен секретар на африканскиот Совет за одржлив здравствен развој и главен извршен директор на Центарот за здравствени науки, обука и истражување, регистриран во Нигерија и Обединетото Кралство, е заговорник за поактивно учество на граѓанскиот сектор, како и на владите на земјите во развој, во влијанието врз мислењето на светската сцена. „Неуспех на застапувањето од југот“ е тоа што средствата за репродуктивно здравје може лесно да се прекинат, рече таа. Во донаторските земји, „луѓето не нè слушаат“, вели таа. „Тие виделе неколку летоци за потхранети деца, но [малку знаат] за реалноста на нашиот живот. Треба да кажеме „Овие прашања ни се важни.“ Не се работи за градење простор. Просторот постои. Нашите јужњачки гласови треба да го исполнат просторот со својата сопствена перспектива.“

Осотимехин веќе гледа напред кон серијата големи конференции на Обединетите нации, како што е 20-годишнината од „Самитот за Земјата“ во 2012 година и 20-годишнината од ИЦПД во 2014 година, како на можности за фокусирање врз огромната светска популација млади, за младите луѓе да бидат „дел од разговорот“.

Потребата сега е светската заедница да ги ангажира младите, да гарантира дека тие може да добијат соодветно образование, не само образование во традиционална смисла, туку такво што ќе внесе промена во нивниот живот - и „кое мора да вклучи сексуално образование соодветно за возраста, за да можат да направат избор за својот живот, да одлучат кога сакаат да имаат деца, колку - ако ги имаат - сакаат да имаат и колку простор да остават меѓу бременостите.“ Осотимехин рече дека организацијата ќе помогне да се зајакнат младите за донесување вакви одлуки и ќе го зголеми пристапот до услугите што им требаат. „Младите се една од детерминантите на утрешнината. Тие се оние кои ќе го одредат импулсот на раст во иднина.“

Зборувајќи за репродуктивното здравје и сексуалноста на младите, особено на девојките, Даре рече дека според неа, пораката од Каиро често се толкува како „само кажи не“ и дека е потребно многу поголемо внимание за да им се помогне на младите во текот на нивното самооткривање. Шестгодишната студија во Нигерија, во која беше вклучен Осотимехин, откри дека луѓето апсорбирале полно информации за репродуктивното здравје, рече Даре, „но, младите девојки велат дека ова ми кажува кога да речам ‘не’ на сексот; но, не ми кажува кога, и како, да кажам ‘да’.“

Студијата заклучи дека „младината“ е прешироко категорија и дека треба да се создадат комуникациски стратеги поврзани со посебни возрасти за да се допре до категориите млади со пораки соодветни за нив, без оглед дали сексуалното образование е формален дел од училишната наставна програма или се случува во низа понеформални услови, меѓу кои и во младински групи, центри за планирање на семејството по мерка на младите или клиники за репродуктивно здравје. Најмладите адолесценти можеби не ја достигнале фазата на сексуална активност, рече таа.

На возраст од 15 години вашето тело ве тера да прашате кога и зошто може да кажете „да“, рече Даре. На возраст од 18 до 22 години, додаде таа, младите може да речат „би сакал(а) да имам секс. Треба да знам кои ми се опциите.“. Младите полнолетници, веќе сексуално активни, имаат потреба од информации, исто така. Даре рече дека во сексуалното образование мора да постои „континуитет на сексуалноста од адолесценцијата до полнолетството, којшто навистина јакне, а не само информира“. Ваквите стратегии соодветни за возраста - за девојките и момчињата, како и за мажите и жените - „помагаат тие да се насочуваат низ лично бурните години и ги подготвуваат да направат добар избор додека си го наоѓаат местото во општеството“, рече таа.

IЗа девојките и жените да го исполнат својот потенцијал и да прават животни избори предвидени од меѓународната заедница во ИЦПД, рече Рао Гупта од УНИЦЕФ, „ним им е потребно образование, заштита од насилство и сите други работи што го сочинуваат квалитетното живеење… Агендата од Каиро потврди дека планирањето на семејството е еден дел од женските права и дека создаваме услови за исполнување на женските права и за обезбедување тие да не се дискриминираат на никаков начин.“.

Извештајот на Генералниот секретар за износот на пари потребни за спроведување на Каирската програма за акција вели дека околу 68 милијарди долари ќе бидат потребни само во 2011 година за да се покријат трошоците на иницијативите

за сексуално и репродуктивно здравје, вклучувајќи и планирање на семејството, превенција на ХИВ и лекување на СИДА, како и истражување и собирање на податоци.

Од тој износ се очекува од самите земји да учествуваат со 34 милијарди долари. Се очекува меѓународните и билатералните донатори заедно да обезбедат 10,8 милијарди долари, оставајќи јаз од приближно 25 милијарди долари. Извештајот предупредува дека без цврста заложба за прашањата за населението, репродуктивното здравје и родовите, „не е веројатно да се исполнат општите и посебните цели на Меѓународната конференција за население и развој на Милениумскиот самит."

„Инвестициите што ги јакнат поединците за носење сопствени одлуки" ќе имаат најголем ефект врз демографските трендови како што е растот на населението, рече Осотимехин на состанокот на Комисијата за население и развој во април 2011 година." На крајот, изборите и можностите кои ги уживаат поединците се тие што ја одредуваат динамиката на населението.

„Популацијата е за луѓето, поддржувањето на правата и човечкото достоинство, и за создавањето услови за секој од нас да живее на здрава планета и да го достигне својот полн потенцијал", рече тој.

Осотимехин рече дека целта на УНФПА е да ги промовира сексуалното

## УНФПА НА РАБОТА

УНФПА е водечки давател на помош на Обединетите нации на полето на населението откако почна со работа во 1969 година. Светски најголемиот извор за помош на населението, УНФПА, работи со земјите во развој, земјите со економии во транзиција и со други земји по нивно барање, за да им помогне да ги третираат прашањата од репродуктивното здравје и населението. Таа ја подига свеста за овие прашања во сите земји.

Главна задача на УНФПА е да помогне да се обезбеди универзален пристап до репродуктивното здравје, вклучувајќи и планирање на семејството и сексуално здравје, на сите двојки и поединци; да ги поддржи стратегиите за население и развој што овозможуваат градење капацитети за планирање; да промовира свест за прашањата за население и развој; и да се застапува за мобилизација на ресурсите и политичката волја потребни за остварување на својата работа. УНФПА се води според, и ги промовира, принципите на Програмата за акција од Меѓународната конференција за население и развој во 1994 година. Целите на ИЦПД, особено оние кои се однесуваат на репродуктивното здравје и права, родовата еднаквост, јакнењето на жените и образованието на девојчињата, се составен дел од напорите за подобрување на квалитетот на живот и постигнување одржлив социјално-економски развој.

Во 2010 година, УНФПА обезбеди поддршка за 123 земји, области и територии во развој: 45 во Супсахарска Африка, 14 во арапските држави, 20 во Источна Европа и Централна Азија, 21 во Латинска Америка и Карибите, и 23 во Азија и Пацификот. Супсахарска Африка доби најголем процент од редовните средства на УНФПА со 135,9 милиони долари, по што следат Азија и Пацификот со 96 милиони долари, Латинска Америка и Карибите со 38,8 милиони, арапските држави со 27,3 милиони, и Источна Европа и Централна Азија со 16,9 милиони долари.

Од вкупните редовни покриени расходи, УНФПА обезбеди 174,1 милион долари во помош за репродуктивното здравје, 76,6 милиони за население и развој, 43,5 милиони за родова еднаквост и јакнење на жените и 72,1 милион долари за координација и помош на програмата.

Како водечка организација на Обединетите нации за последователни активности и спроведување на Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој, УНФПА е целосно посветена на работење во партнерство со владите, системот на Обединетите нации, развојните банки, агенциите за билатерална помош, невладините организации и граѓанскиот сектор за да обезбеди исполнување на целите на ИЦПД.




*ХИВ-активисти и врснички едукатори во Геркао биз (одлево надесно): Катарина Музима, Целесте Алберто, Анча Даниел, Адриано Андраде, Лина Тиване, Марија Саломе. Мапуто, Мозамбик*
© УНФПА / Педро Са да Бандеира

и репродуктивното здравје и права, да ја намали смртноста кај мајките, и да го забрза напредокот на агендата на ИЦПД и на Милениумската развојна цел 5, онаа кај која е направен најмал напредок. „Ние треба да ги јакнеме и да ги подобруваме животите на недоволно опслужените популации, особено жените, младите и адолесцентите" и акциите на организацијата мора да бидат „овозможени од нашето разбирање на популациската динамика, човековите права и родовата еднаквост".

„Сè додека девојките и понатаму ги мажат како деца и забременуваат пред умот и телото да им бидат подготвени, сè додека жените и двојките не можат да ги планираат и да ги распоредат бременостите како што сакаат, сè додека жените страдаат од фистули или умираат од компликации за време на бременоста или породувањето, сè додека младите остануваат во висок ризик и немаат соодветни здравствени информации и услуги, сè додека луѓето стануваат новозаразени со ХИВ, УНФПА ќе ги заговара правата на сексуално и репродуктивно здравје на секој поединец. Ние ќе промовираме универзален пристап до репродуктивно здравје до 2015 година. Ние ќе ги поддржиме земјите во собирањето, анализирањето и употребувањето на податоците за населението заради насочување политики, програми и буџети." „Иднината зависи од изборот што го правиме сега."

# Мониторирање на целите на ИЦПД избрани индикатори

| Земја, територија или друга област | Здравје на мајките и новороденчињата | | | | Образование | | | | | | Сексуално и репродуктивно здравје | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стапка на смртност кај децата до 5 години, на 1.000 живородени, 2009 | Коефициент на смртност кај мајките, на 100.000 живородени, 2008 | Адолесцентна стапка на наталитет, на 1.000 жени на возраст 15-19 години, 1996/2008* | Раѓања во присуство на квалификуван здравствен персонал проценти, 1992/2009* | Запишување во основно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1991/2009* | | Запишување во средно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1999/2010* | | Стапка на писменост, популација на возраст 15-24 години, проценти, 1991/2008* | | Стапка на преваленност на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, кој било метод, 1990/2010* | Стапка на преваленност на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, современ метод, 1990/2010* | Неисполнета потреба за планирање на семејството, проценти, 1992/2009* | Популација на возраст 15-24 години со сеопфатни точни сознанија за ХИВ/СИДА, проценти, 2000/2008* | | Стапка на преваленца на ХИВ/СИДА, популација на возраст 15-24 години, проценти, 2009 | |
| | | | | | машки | женски | машки | женски | машки | женски | | | | машки | женски | машки | женски |
| Авганистан | 198.6 | 1400 | 151 | 14 | | | 38 | 15 | | | 23 | 15 | | | | | |
| Албанија | 15.3 | 31 | 17 | 99 | 91 | 91 | 75 | 73 | 99 | 100 | 69 | 10 | 13 | | 6 | | |
| Алжир | 32.3 | 120 | 4 | 95 | 96 | 95 | 65 | 68 | 94 | 89 | 61 | 52 | | | 13 | 0.1 | <0.1 |
| Ангола | 160.5 | 610 | 165 | 47 | | | | | 81 | 65 | 6 | 5 | | | | 0.6 | 1.6 |
| Антигва Барбуда | 11.7 | | 67 | 100 | 91 | 87 | 89 | 87 | | | | | | | | | |
| Аргентина | 14.1 | 70 | 65 | 99 | | | 75 | 84 | 99 | 99 | 65 | 64 | | | | 0.3 | 0.2 |
| Ерменија | 21.6 | 29 | 26 | 100 | 92 | 94 | 86 | 89 | 100 | 100 | 53 | 19 | 13 | 15 | 23 | <0.1 | <0.1 |
| Австралија[1] | 5.1 | 8 | 18 | 100 | 97 | 98 | 87 | 89 | | | 71 | 71 | | | | 0.1 | 0.1 |
| Австрија | 4.1 | 5 | 11 | 100 | 97 | 98 | | | | | 51 | 47 | | | | 0.3 | 0.2 |
| Азербејџан | 33.5 | 38 | 42 | 88 | 97 | 95 | 91 | 94 | 100 | 100 | 51 | 13 | 23 | 5 | 5 | <0.1 | 0.1 |
| Бахами | 12.4 | 49 | 44 | 99 | 91 | 93 | 83 | 87 | | | | | | | | 1.4 | 3.1 |
| Бахреин | 12.1 | 19 | 14 | 98 | 100 | 99 | 87 | 91 | 100 | 100 | 62 | 31 | | | | | |
| Бангладеш | 52.0 | 340 | 133 | 18 | 88 | 89 | 40 | 43 | 73 | 76 | 56 | 48 | 17 | 18 | 8 | <0.1 | <0.1 |
| Барбадос | 11.0 | 64 | 53 | 100 | | | | | | | | | | | | 0.9 | 1.1 |
| Белорусија | 12.1 | 15 | 22 | 100 | 94 | 96 | 87 | 89 | 100 | 100 | 73 | 56 | | | 34 | <0.1 | 0.1 |
| Белгија | 4.6 | 5 | 11 | | 98 | 99 | 89 | 85 | | | 75 | 73 | 3 | | | <0.1 | <0.1 |
| Белизе | 18.0 | 94 | 91 | 95 | 100 | 100 | 62 | 68 | 76 | 77 | 34 | 31 | 21 | | 40 | 0.7 | 1.8 |
| Бенин | 118.0 | 410 | 114 | 74 | 99 | 87 | 26 | 13 | 64 | 42 | 17 | 6 | 30 | 35 | 16 | 0.3 | 0.7 |
| Бутан | 78.6 | 200 | 46 | 71 | 87 | 90 | 46 | 49 | 80 | 68 | 31 | 35 | | | | 0.1 | <0.1 |
| Боливија (Плуринационална Држава) | 51.2 | 180 | 89 | 66 | 95 | 95 | 69 | 69 | 100 | 99 | 61 | 34 | 20 | 28 | 24 | 0.1 | 0.1 |
| Босна и Херцеговина | 14.4 | 9 | 15 | 100 | | | | | 100 | 99 | 36 | 11 | | | 44 | | |
| Боцвана | 56.9 | 190 | 51 | 94 | 88 | 91 | 56 | 64 | 94 | 96 | 44 | 42 | | 33 | 40 | 5.2 | 11.8 |
| Бразил | 20.6 | 58 | 56 | 97 | 96 | 94 | 78 | 85 | 97 | 99 | 80 | 77 | 6 | | | | |
| Брунеј Дарусалам | 6.7 | 21 | 26 | 99 | 97 | 97 | 88 | 91 | 100 | 100 | | | | | | | |
| Бугарија | 10.0 | 13 | 42 | 99 | 97 | 98 | 85 | 82 | 97 | 97 | 63 | 40 | 30 | 15 | 17 | <0.1 | <0.1 |
| Буркина Фасо | 166.4 | 560 | 131 | 54 | 68 | 61 | 18 | 14 | 47 | 33 | 17 | 13 | 29 | 23 | 19 | 0.5 | 0.8 |
| Бурунди | 166.3 | 970 | 30 | 34 | 91 | 89 | 10 | 8 | 77 | 75 | 9 | 8 | 29 | | 30 | 1.0 | 2.1 |
| Камбоџа | 87.5 | 290 | 52 | 44 | 90 | 87 | 36 | 32 | 89 | 86 | 40 | 27 | 25 | 45 | 50 | 0.1 | 0.1 |
| Камерун, Република | 154.3 | 600 | 141 | 63 | 94 | 82 | | | 88 | 84 | 29 | 12 | 20 | 34 | 32 | 1.6 | 3.9 |
| Канада | 6.1 | 12 | 14 | 98 | 99 | 100 | | | | | 74 | 72 | | | | 0.1 | 0.1 |
| 'Рт Верде | 27.5 | 94 | 92 | 78 | 86 | 84 | | | 97 | 99 | 61 | 57 | 17 | 36 | 36 | | |
| Централна Африканска Република | 170.8 | 850 | 133 | 53 | 77 | 57 | 13 | 8 | 72 | 56 | 19 | 9 | 16 | 26 | 17 | 1.0 | 2.2 |
| Чад | 209.0 | 1200 | 193 | 14 | 72 | 50 | 16 | 5 | 54 | 37 | 3 | 2 | 21 | 20 | 8 | 1.0 | 2.5 |
| Чиле | 8.5 | 26 | 51 | 100 | 95 | 94 | 83 | 86 | 99 | 99 | 64 | 58 | | | | 0.2 | 0.1 |
| Кина | 19.1 | 38 | 5 | 98 | | | | | 99 | 99 | 85 | 84 | 2 | | | | |

| Земја, територија или друга област | Здравје на мајките и новороденчињата: Стапка на смртност кај децата до 5 години, на 1.000 живородени, 2009 | Коефициент на смртност кај мајките, на 100.000 живородени, 2008 | Адолесцентна стапка на наталитет, на 1.000 жени на возраст 15-19 години, 1996/2008* | Раѓања во присуство на квалификуван здравствен персонал проценти, 1992/2009* | Образование: Запишување во основно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1991/2009* машки | женски | Запишување во средно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1999/2010* машки | женски | Стапка на писменост, популација на возраст 15-24 години, проценти, 1991/2008* машки | женски | Сексуално и репродуктивно здравје: Стапка на преваленност на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, кој било метод, 1990/2010* | Стапка на преваленност на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, современ метод, 1990/2010* | Неисполнета потреба за планирање на семејството, проценти, 1992/2009* | Популација на возраст 15-24 години со сеопфатни точни сознанија за ХИВ/СИДА, проценти, 2000/2008* машки | женски | Стапка на преваленца на ХИВ/СИДА, популација на возраст 15-24 години, проценти, 2009 машки | женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Колумбија | 18.9 | 85 | 96 | 96 | 94 | 94 | 71 | 77 | 98 | 98 | 78 | 68 | 6 | | | 0.2 | 0.1 |
| Коморос | 104.0 | 340 | 95 | 62 | 79 | 67 | | | 86 | 84 | 26 | 19 | 35 | | 10 | <0.1 | <0.1 |
| Конго, Демократска Република[2] | 198.6 | 670 | 127 | 74 | 34 | 32 | | | 69 | 62 | 21 | 6 | 24 | 21 | 15 | | |
| Конго, Република | 128.2 | 580 | 132 | 83 | 66 | 62 | | | 87 | 78 | 44 | 13 | 16 | 22 | 10 | 1.2 | 2.6 |
| Костарика | 10.6 | 44 | 69 | 99 | 87 | 88 | 44 | 49 | 98 | 99 | 80 | 72 | 5 | | | 0.2 | 0.1 |
| Брегот на Слоновата Коска | 118.5 | 470 | 111 | 57 | 64 | 51 | | | 72 | 60 | 13 | 8 | 28 | 28 | 18 | 0.7 | 1.5 |
| Хрватска | 5.4 | 14 | 14 | 100 | 98 | 100 | 87 | 89 | 100 | 100 | | | | | | <0.1 | <0.1 |
| Куба | 5.8 | 53 | 44 | 100 | 100 | 99 | 82 | 83 | 100 | 100 | 73 | 72 | | | 52 | 0.1 | 0.1 |
| Кипар | 3.5 | 10 | 5 | 100 | 99 | 99 | 95 | 97 | 100 | 100 | | | | | | | |
| Чешка | 3.5 | 8 | 12 | 100 | 88 | 91 | | | | | 72 | 63 | 11 | | | <0.1 | <0.1 |
| Данска | 4.0 | 5 | 6 | | 95 | 97 | 88 | 92 | | | | | | | | 0.1 | 0.1 |
| Џибути | 93.5 | 300 | 27 | 61 | 51 | 44 | 28 | 20 | | | 18 | 17 | | 22 | 18 | 0.8 | 1.9 |
| Доминика | 9.8 | | 47 | 94 | 72 | 80 | 88 | 91 | | | | | | | | | |
| Доминиканска Република | 31.9 | 100 | 98 | 98 | 82 | 83 | 58 | 65 | 95 | 97 | 73 | 70 | 11 | 34 | 41 | 0.3 | 0.7 |
| Еквадор | 24.2 | 140 | 100 | 99 | 98 | 100 | 59 | 60 | 95 | 96 | 73 | 59 | 7 | | | 0.2 | 0.2 |
| Египет | 21.0 | 82 | 50 | 79 | 97 | 93 | 73 | 69 | 88 | 82 | 60 | 58 | 9 | 18 | 5 | <0.1 | <0.1 |
| Ел Салвадор | 16.6 | 110 | 68 | 92 | 95 | 97 | 54 | 56 | 95 | 97 | 73 | 66 | 9 | | 27 | 0.4 | 0.3 |
| Екваторијална Гвинеја | 145.1 | 280 | 128 | 65 | 72 | 65 | | | 98 | 98 | 10 | 6 | | | 4 | 1.9 | 5.0 |
| Еритреја | 55.2 | 280 | 85 | 28 | 43 | 37 | 32 | 23 | 91 | 84 | 8 | 5 | 27 | | 37 | 0.2 | 0.4 |
| Естонија | 5.5 | 12 | 25 | 100 | 96 | 97 | 88 | 91 | 100 | 100 | 70 | 56 | | | | 0.3 | 0.2 |
| Етиопија | 104.4 | 470 | 109 | 6 | 82 | 76 | 17 | 11 | 62 | 39 | 15 | 14 | 34 | 33 | 21 | | |
| Фиџи | 17.6 | 26 | 30 | 99 | 90 | 89 | 76 | 83 | | | | | | | | 0.1 | 0.1 |
| Финска | 3.2 | 8 | 9 | 100 | 96 | 96 | 96 | 97 | | | | | | | | 0.1 | <0.1 |
| Франција | 3.9 | 8 | 11 | 99 | 99 | 99 | 98 | 99 | | | 77 | 75 | 2 | | | 0.2 | 0.1 |
| Габон | 68.9 | 260 | 144 | 86 | 82 | 81 | | | 98 | 96 | 33 | 12 | 28 | 22 | 24 | 1.4 | 3.5 |
| Гамбија | 102.8 | 400 | 104 | 57 | 69 | 74 | 43 | 42 | 70 | 58 | 18 | 13 | | | 39 | 0.9 | 2.4 |
| Грузија | 29.1 | 48 | 44 | 98 | 96 | 93 | 82 | 79 | 100 | 100 | 47 | 27 | 16 | | 15 | <0.1 | <0.1 |
| Германија | 4.2 | 7 | 10 | | 99 | 99 | | | | | 70 | 66 | | | | 0.1 | <0.1 |
| Гана | 68.5 | 350 | 70 | 57 | 77 | 78 | 48 | 44 | 81 | 78 | 24 | 17 | 35 | 34 | 28 | 0.5 | 1.3 |
| Грција | 3.4 | 2 | 11 | | 99 | 100 | 91 | 91 | 99 | 99 | 76 | 46 | | | | 0.1 | 0.1 |
| Гренада | 14.5 | | 54 | 99 | 98 | 99 | 93 | 85 | | | 54 | 52 | | | | | |
| Гватемала | 39.8 | 110 | 92 | 41 | 98 | 95 | 41 | 39 | 89 | 84 | 43 | 34 | 28 | | | 0.5 | 0.3 |
| Гвинеја | 141.5 | 680 | 153 | 46 | 77 | 67 | 36 | 22 | 67 | 51 | 9 | 4 | 21 | 23 | 17 | 0.4 | 0.9 |
| Гвинеја-Бисау | 192.6 | 1000 | 170 | 39 | 61 | 44 | 12 | 7 | 78 | 62 | 10 | 6 | | | 18 | 0.8 | 2.0 |
| Гвајана | 35.3 | 270 | 90 | 83 | 99 | 99 | | | | | 43 | 40 | | 47 | 50 | 0.6 | 0.8 |
| Хаити | 86.7 | 300 | 69 | 26 | 21 | 22 | | | | | 32 | 24 | 38 | 40 | 34 | 0.6 | 1.3 |
| Хондурас | 29.7 | 110 | 108 | 67 | 96 | 98 | | | 93 | 95 | 65 | 56 | 17 | | 30 | 0.3 | 0.2 |
| Унгарија | 6.3 | 13 | 19 | 100 | 96 | 95 | 91 | 91 | 98 | 99 | 81 | 71 | 7 | | | <0.1 | <0.1 |
| Исланд | 3.0 | 5 | 15 | | 98 | 98 | 89 | 91 | | | | | | | | 0.1 | 0.1 |
| Индија | 65.6 | 230 | 45 | 47 | 97 | 94 | | | 88 | 74 | 56 | 49 | 13 | 36 | 20 | 0.1 | 0.1 |

# Мониторирање на целите на ИЦПД: избрани индикатори

| Земја, територија или друга област | Здравје на мајките и новороденчињата: Стапка на смртност кај децата до 5 години, на 1.000 живородени, 2009 | Коефициент на смртност кај мајките, на 100.000 живородени, 2008 | Адолесцентна стапка на наталитет, на 1.000 жени на возраст 15-19 години, 1996/2008* | Раѓања во присуство на квалификуван здравствен персонал проценти, 1992/2009* | Образование: Запишување во основно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1991/2009* машки | женски | Запишување во средно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1999/2010* машки | женски | Стапка на писменост, популација на возраст 15-24 години, проценти, 1991/2008* машки | женски | Сексуално и репродуктивно здравје: Стапка на превалентност на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, кој било метод, 1990/2010* | Стапка на превалентност на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, современ метод, 1990/2010* | Неисполнета потреба за планирање на семејството, проценти, 1992/2009* | Популација на возраст 15-24 години со сеопфатни точни сознанија за ХИВ/СИДА, проценти, 2000/2008* машки | женски | Стапка на преваленца на ХИВ/СИДА, популација на возраст 15-24 години, проценти, 2009 машки | женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индонезија | 38.9 | 240 | 52 | 79 | | | 69 | 68 | 97 | 96 | 61 | 57 | 9 | 15 | 10 | 0.1 | <0.1 |
| Иран (Исламска Република) | 30.9 | 30 | 31 | 97 | 95 | 92 | | | 97 | 96 | 73 | 59 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Ирак | 43.5 | 75 | 68 | 80 | 93 | 81 | 48 | 38 | 85 | 80 | 50 | 33 | | | 3 | | |
| Ирска | 4.2 | 3 | 17 | 100 | 96 | 98 | 86 | 90 | | | 65 | 61 | | | | 0.1 | 0.1 |
| Израел | 4.4 | 7 | 15 | | 97 | 98 | 85 | 88 | | | | | | | | 0.1 | <0.1 |
| Италија | 4.0 | 5 | 7 | | 100 | 99 | 94 | 95 | 100 | 100 | 63 | 41 | 12 | | | <0.1 | <0.1 |
| Јамајка | 30.9 | 89 | 60 | 97 | 82 | 79 | 75 | 78 | 92 | 98 | 69 | 66 | 12 | | 60 | 1.0 | 0.7 |
| Јапонија | 3.3 | 6 | 5 | 100 | | | 98 | 98 | | | 54 | 44 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Јордан | 25.3 | 59 | 28 | 99 | 93 | 94 | 80 | 84 | 99 | 99 | 59 | 41 | 12 | | 13 | | |
| Казахстан | 28.7 | 45 | 31 | 100 | 99 | 100 | 90 | 91 | 100 | 100 | 51 | 49 | 9 | | 22 | 0.1 | 0.2 |
| Кенија | 84.0 | 530 | 103 | 44 | 82 | 83 | 51 | 48 | 92 | 93 | 46 | 39 | 26 | 47 | 34 | 1.8 | 4.1 |
| Кирибати | 46.2 | | 39 | 63 | | | 64 | 71 | | | 36 | 31 | | | | | |
| Кореја, Демократска Народна Република | 33.3 | 250 | 1 | 97 | | | | | 100 | 100 | 69 | 58 | | | | | |
| Кореја, Република | 4.9 | 18 | 2 | 100 | 100 | 98 | 97 | 94 | | | 80 | 70 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Кувајт | 9.9 | 9 | 13 | 98 | 94 | 93 | 77 | 80 | 98 | 99 | 52 | 39 | | | | | |
| Киргистан | 36.6 | 81 | 29 | 98 | 91 | 91 | 79 | 80 | 100 | 100 | 48 | 46 | 12 | | 20 | 0.1 | 0.1 |
| Лао Народна Демократска Република | 58.6 | 580 | 110 | 20 | 84 | 81 | 39 | 33 | 89 | 79 | 38 | 29 | 27 | | | 0.1 | 0.2 |
| Летонија | 8.0 | 20 | 18 | 100 | 99 | 98 | | | 100 | 100 | 68 | 56 | 17 | | | 0.2 | 0.1 |
| Либан | 12.4 | 26 | 18 | 98 | 92 | 90 | 71 | 79 | 98 | 99 | 58 | 34 | | | | 0.1 | <0.1 |
| Лесото | 83.5 | 530 | 98 | 55 | 71 | 75 | 22 | 36 | 86 | 98 | 47 | 46 | 31 | 18 | 26 | 5.4 | 14.2 |
| Либерија | 112.0 | 990 | 177 | 46 | 85 | 66 | 25 | 14 | 70 | 80 | 11 | 10 | 36 | 27 | 21 | 0.3 | 0.7 |
| Либиска Арапска Џамахирија | 18.5 | 64 | 4 | 94 | | | | | 100 | 100 | 45 | 26 | | | | | |
| Литванија | 6.2 | 13 | 19 | 100 | 96 | 96 | 91 | 92 | 100 | 100 | 51 | 33 | 18 | | | <0.1 | <0.1 |
| Луксембург | 2.6 | 17 | 10 | 100 | 97 | 98 | 82 | 85 | | | | | | | | 0.1 | 0.1 |
| Мадагаскар | 57.7 | 440 | 148 | 51 | 99 | 100 | 23 | 24 | 73 | 68 | 40 | 28 | 19 | 16 | 19 | 0.1 | 0.1 |
| Малави | 110.0 | 510 | 177 | 54 | 89 | 94 | 26 | 24 | 87 | 85 | 41 | 38 | 28 | 42 | 42 | 3.1 | 6.8 |
| Малезија | 6.1 | 31 | 12 | 98 | 96 | 96 | 66 | 71 | 98 | 99 | 55 | 30 | | | | 0.1 | <0.1 |
| Малдиви | 12.7 | 37 | 14 | 84 | 97 | 95 | 47 | 54 | 99 | 99 | 35 | 27 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Мали | 191.1 | 830 | 190 | 49 | 84 | 70 | 37 | 23 | 47 | 31 | 8 | 6 | 31 | 22 | 18 | 0.2 | 0.5 |
| Малта | 6.7 | 8 | 17 | 98 | 91 | 92 | 79 | 82 | 98 | 99 | 86 | 46 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Мартиник | | | 21 | | | | | | | | | | | | | | |
| Мавританија | 117.1 | 550 | 88 | 61 | 74 | 79 | 17 | 15 | 71 | 63 | 9 | 8 | 32 | 14 | 5 | 0.4 | 0.3 |
| Маврициус[3] | 17.0 | 36 | 35 | 98 | 93 | 95 | 79 | 81 | 95 | 97 | 76 | 39 | 4 | | | 0.3 | 0.2 |
| Меланезија[4] | 57.7 | 222 | 66 | 58 | 83 | 82 | 55 | 57 | 67 | 70 | 36 | 21 | 11 | | 15 | 0.3 | 0.7 |
| Мексико | 16.8 | 85 | 90 | 93 | 99 | 100 | 71 | 74 | 98 | 98 | 71 | 67 | 12 | | | 0.2 | 0.1 |
| Микронезија[5] | 29.9 | | 51 | 80 | 73 | 72 | 59 | 65 | - | - | 52 | 46 | 8 | 39 | 27 | | |
| Молдавија, Република | 16.7 | 32 | 26 | 100 | 91 | 90 | 79 | 80 | 99 | 100 | 68 | 43 | 7 | 39 | 42 | 0.1 | 0.1 |
| Монголија | 28.8 | 65 | 19 | 99 | 99 | 99 | 79 | 85 | 93 | 97 | 66 | 61 | 5 | | 31 | <0.1 | <0.1 |
| Црна Гора | 9.0 | 15 | 17 | 99 | | | | | | | 39 | 17 | | | 30 | | |

| Земја, територија или друга област | Здравје на мајките и новороденчињата: Стапка на смртност кај децата до 5 години, на 1.000 живородени, 2009 | Коефициент на смртност кај мајките, на 100.000 живородени, 2008 | Адолесцентна стапка на наталитет, на 1.000 жени на возраст 15-19 години, 1996/2008* | Раѓања во присуство на квалификуван здравствен персонал проценти, 1992/2009* | Образование: Запишување во основно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1991/2009* | | Запишување во средно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1999/2010* | | Стапка на писменост, популација на возраст 15-24 години, проценти, 1991/2008* | | Сексуално и репродуктивно здравје: Стапка на преваленост на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, кој било метод, 1990/2010* | Стапка на преваленост на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, современ метод, 1990/2010* | Неисполнета потреба за планирање на семејството, проценти, 1992/2009* | Популација на возраст 15-24 години со сеопфатни точни сознанија за ХИВ/СИДА, проценти, 2000/2008* | | Стапка на преваленца на ХИВ/СИДА, популација на возраст 15-24 години, проценти, 2009 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | машки | женски | машки | женски | машки | женски | | | | машки | женски | машки | женски |
| Мароко | 37.5 | 110 | 18 | 63 | 92 | 88 | 37 | 32 | 85 | 68 | 63 | 52 | 10 | | 12 | 0.1 | 0.1 |
| Мозамбик | 141.9 | 550 | 185 | 55 | 82 | 77 | 17 | 15 | 78 | 62 | 17 | 12 | 18 | 33 | 14 | 3.1 | 8.6 |
| Мјанмар | 71.2 | 240 | 17 | 57 | | | 49 | 50 | 96 | 95 | 41 | 38 | 19 | | | 0.3 | 0.3 |
| Намибија | 47.5 | 180 | 74 | 81 | 88 | 93 | 49 | 60 | 91 | 95 | 55 | 54 | 21 | 62 | 65 | 2.3 | 5.8 |
| Непал | 48.2 | 380 | 106 | 19 | 81 | 66 | | | 86 | 75 | 48 | 44 | 25 | 44 | 28 | 0.2 | 0.1 |
| Холандија | 4.4 | 9 | 4 | 100 | 99 | 99 | 88 | 89 | | | 69 | 67 | | | | 0.1 | <0.1 |
| Нов Зеланд | 6.2 | 14 | 32 | 100 | 99 | 100 | 90 | 92 | | | 75 | 72 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Никарагва | 25.6 | 100 | 109 | 74 | 93 | 94 | 42 | 48 | 85 | 89 | 72 | 69 | 8 | | 22 | 0.1 | 0.1 |
| Нигер | 160.3 | 820 | 199 | 33 | 60 | 48 | 11 | 7 | 52 | 23 | 11 | 5 | 16 | 16 | 13 | 0.2 | 0.5 |
| Нигерија | 137.9 | 840 | 123 | 39 | 66 | 60 | 29 | 22 | 78 | 65 | 15 | 8 | 20 | 33 | 22 | 1.2 | 2.9 |
| Норвешка | 3.3 | 7 | 9 | | 99 | 99 | 96 | 96 | | | 88 | 82 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Окупирана Палестинска Територија | 29.5 | | 60 | 99 | 77 | 78 | 82 | 87 | 99 | 99 | 50 | 39 | | | | | |
| Оман | 12.0 | 20 | 8 | 99 | 71 | 73 | 83 | 81 | 98 | 98 | 32 | 25 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Пакистан | 87.0 | 260 | 20 | 39 | 72 | 60 | 36 | 29 | 79 | 59 | 27 | 19 | 25 | | 3 | 0.1 | <0.1 |
| Панама | 22.9 | 71 | 83 | 92 | 99 | 99 | 63 | 69 | 97 | 96 | | | | | | 0.4 | 0.3 |
| Папуа Нова Гвинеја | 68.3 | 250 | 70 | 53 | | | | | 65 | 69 | 36 | 20 | | | | 0.3 | 0.8 |
| Парагвај | 22.6 | 95 | 65 | 82 | 91 | 91 | 57 | 62 | 99 | 99 | 79 | 70 | 5 | | | 0.2 | 0.1 |
| Перу | 21.3 | 98 | 59 | 71 | 97 | 98 | 75 | 75 | 98 | 97 | 73 | 50 | 7 | | 19 | 0.2 | 0.1 |
| Филипини | 33.1 | 94 | 53 | 62 | 91 | 93 | 55 | 66 | 94 | 96 | 51 | 34 | 22 | 18 | 12 | <0.1 | <0.1 |
| Полска | 6.7 | 6 | 14 | 100 | 95 | 96 | 93 | 95 | 100 | 100 | 73 | 28 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Полинезија[6] | 20.5 | | 26 | 98 | 95 | 94 | 62 | 73 | 99 | 100 | 30 | 28 | 35 | | | | |
| Португалија | 3.7 | 7 | 17 | 100 | 99 | 99 | 84 | 92 | 100 | 100 | 87 | 83 | | | | 0.3 | 0.2 |
| Катар | 10.8 | 8 | 16 | 99 | 99 | 98 | 65 | 96 | 99 | 99 | 43 | 32 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Романија | 11.9 | 27 | 36 | 98 | 96 | 97 | 74 | 72 | 97 | 98 | 70 | 38 | 12 | 1 | 3 | 0.1 | <0.1 |
| Руска Федерација | 12.4 | 39 | 29 | 100 | | | | | 100 | 100 | 80 | 65 | | | | 0.2 | 0.3 |
| Руанда | 110.8 | 540 | 43 | 52 | 95 | 97 | | | 77 | 77 | 36 | 26 | 38 | 54 | 51 | 1.3 | 1.9 |
| Самоа | 25.3 | | 29 | 100 | 94 | 94 | 60 | 68 | 99 | 100 | 29 | 27 | 46 | | | | |
| Сао Томе и Принчипе | 77.8 | | 91 | 82 | 88 | 87 | 30 | 35 | 95 | 96 | 38 | 33 | 37 | | 44 | | |
| Саудиска Арабија | 21.0 | 24 | 7 | 91 | 85 | 84 | 70 | 76 | 98 | 96 | 24 | 29 | | | | | |
| Сенегал | 92.8 | 410 | 96 | 52 | 75 | 76 | 24 | 18 | 58 | 45 | 12 | 10 | 32 | 24 | 19 | 0.3 | 0.7 |
| Србија | 7.1 | 8 | 22 | 99 | 96 | 96 | 89 | 91 | 99 | 99 | 41 | 19 | | | 42 | 0.1 | 0.1 |
| Сејшели | 12.4 | | 59 | | 94 | 96 | 95 | 99 | 99 | 99 | | | | | | | |
| Сиера Леоне | 192.3 | 970 | 143 | 42 | | | 30 | 20 | 66 | 46 | 8 | 6 | 28 | 28 | 17 | 0.6 | 1.5 |
| Сингапур | 2.8 | 9 | 5 | 100 | | | | | 100 | 100 | 62 | 55 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Словачка | 6.9 | 6 | 21 | 100 | | | | | | | 80 | 66 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Словенија | 3.0 | 18 | 5 | 100 | 98 | 97 | 91 | 92 | 100 | 100 | 79 | 63 | 9 | | | <0.1 | <0.1 |
| Соломонски Острови | 35.8 | 100 | 70 | 70 | 67 | 67 | 32 | 29 | 90 | 80 | 35 | 27 | 11 | | | | |
| Сомалија | 180.0 | 1200 | 123 | 33 | | | | | | | 15 | 1 | | | 4 | 0.4 | 0.6 |
| Јужна Африка | 61.9 | 410 | 54 | 91 | 92 | 94 | 59 | 65 | 96 | 98 | 60 | 60 | 14 | | | 4.5 | 13.6 |
| Шпанија | 4.1 | 6 | 13 | | 100 | 100 | 93 | 97 | 100 | 100 | 66 | 62 | 12 | | | 0.2 | 0.1 |

# Мониторирање на целите на ИЦПД: избрани индикатори

| Земја, територија или друга област | Здравје на мајките и новороденчињата: Стапка на смртност кај децата до 5 години, на 1.000 живородени, 2009 | Коефициент на смртност кај мајките, на 100.000 живородени, 2008 | Адолесцентна стапка на наталитет, на 1.000 жени на возраст 15-19 години, 1996/2008* | Раѓања во присуство на квалификуван здравствен персонал проценти, 1992/2009* | Образование: Запишување во основно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1991/2009* машки | женски | Запишување во средно училиште, нето проценти од деца на школска возраст, 1999/2010* машки | женски | Стапка на писменост, популација на возраст 15-24 години, проценти, 1991/2008* машки | женски | Сексуално и репродуктивно здравје: Стапка на преваленост на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, кој било метод, 1990/2010* | Стапка на преваленост на контрацепција, жени на возраст 15-49 години, современ метод, 1990/2010* | Неисполнета потреба за планирање на семејството, проценти, 1992/2009* | Популација на возраст 15-24 години со сеопфатни точни сознанија за ХИВ/СИДА, проценти, 2000/2008* машки | женски | Стапка на преваленца на ХИВ/СИДА, популација на возраст 15-24 години, проценти, 2009 машки | женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Шри Ланка | 14.7 | 39 | 28 | 99 | 99 | 100 | | | 97 | 99 | 68 | 53 | 7 | | | <0.1 | <0.1 |
| Св. Китс и Невис | 14.9 | | 67 | 100 | 93 | 98 | 85 | 92 | | | | | | | | | |
| Св. Винсент и Гренадините | 12.4 | | 72 | 100 | 100 | 97 | 85 | 95 | | | | | | | | | |
| Св. Луција | 19.8 | | 50 | 98 | 94 | 93 | 77 | 82 | | | | | | | | | |
| Судан[7] | 108.2 | 750 | 72 | 49 | 46 | 38 | | | 89 | 82 | 8 | 6 | 26 | | | 0.5 | 1.3 |
| Суринам | 26.3 | 100 | 66 | 90 | 91 | 90 | 55 | 74 | 96 | 95 | 46 | 45 | | | 41 | 0.6 | 0.4 |
| Свазиленд | 73.0 | 420 | 111 | 69 | 82 | 84 | 31 | 26 | 92 | 95 | 51 | 47 | 24 | 52 | 52 | 6.5 | 15.6 |
| Шведска | 2.8 | 5 | 6 | | 95 | 94 | 99 | 99 | | | 75 | 65 | | | | <0.1 | <0.1 |
| Швајцарија | 4.4 | 10 | 4 | | 99 | 100 | 87 | 83 | | | 82 | 78 | | | | 0.2 | 0.1 |
| Сириска Арапска Република | 16.2 | 46 | 75 | 93 | 99 | 93 | 70 | 69 | 96 | 93 | 58 | 43 | | | 7 | | |
| Таџикистан | 61.2 | 64 | 27 | 88 | 99 | 96 | 88 | 77 | 100 | 100 | 37 | 32 | | | 2 | <0.1 | <0.1 |
| Танзанија, Обединета Република | 107.9 | 790 | 139 | 43 | 96 | 95 | | | 79 | 76 | 34 | 26 | 22 | 42 | 39 | 1.7 | 3.9 |
| Тајланд | 13.5 | 48 | 43 | 97 | 91 | 89 | 68 | 76 | 98 | 98 | 81 | 80 | 3 | | 46 | | |
| Поранешна југословенска Република Македонија | 10.5 | 9 | 21 | 99 | 92 | 92 | 82 | 81 | 99 | 99 | 14 | 10 | | | 27 | | |
| Тимор-Лесте, Демократска Република | 56.4 | 370 | 59 | 18 | 79 | 76 | | | | | 22 | 21 | 4 | | | | |
| Того | 97.5 | 350 | 89 | 62 | 98 | 89 | 30 | 15 | 87 | 80 | 17 | 11 | 32 | | 15 | 0.9 | 2.2 |
| Тринидад и Тобаго | 35.3 | 55 | 33 | 98 | 96 | 95 | 72 | 77 | 100 | 100 | 43 | 38 | | | 54 | 1.0 | 0.7 |
| Тунис | 20.7 | 60 | 6 | 95 | 99 | 100 | 67 | 76 | 98 | 96 | 60 | 52 | 12 | | | <0.1 | <0.1 |
| Турција | 20.3 | 23 | 51 | 91 | 96 | 94 | 77 | 70 | 99 | 94 | 73 | 46 | 6 | | | <0.1 | <0.1 |
| Туркменистан | 45.3 | 77 | 21 | 100 | | | | | 100 | 100 | 62 | 45 | 10 | | 5 | | |
| Тувалу | 35.1 | | 23 | 98 | | | | | | | 31 | 22 | 24 | | | | |
| Уганда | 127.5 | 430 | 159 | 42 | 96 | 99 | 16 | 15 | 89 | 86 | 24 | 18 | 41 | 38 | 32 | 2.3 | 4.8 |
| Украина | 15.1 | 26 | 30 | 99 | 89 | 90 | 84 | 85 | 100 | 100 | 67 | 48 | 10 | 43 | 45 | 0.2 | 0.3 |
| Обединети Арапски Емирати | 7.4 | 10 | 22 | 99 | 99 | 99 | 82 | 84 | 94 | 97 | 28 | 24 | | | | | |
| Обединетото Кралство | 5.5 | 12 | 26 | 99 | 100 | 100 | 92 | 95 | | | 84 | 84 | | | | 0.2 | 0.1 |
| Соединети Американски Држави | 7.8 | 24 | 41 | 99 | 93 | 94 | 88 | 89 | | | 79 | 73 | 7 | | | 0.3 | 0.2 |
| Уругвај | 13.4 | 27 | 60 | 100 | 98 | 98 | 66 | 73 | 99 | 99 | 77 | 75 | | | | 0.3 | 0.2 |
| Узбекистан | 36.1 | 30 | 26 | 100 | 92 | 90 | 93 | 91 | 100 | 100 | 65 | 59 | 14 | 7 | 31 | <0.1 | <0.1 |
| Вануату | 16.3 | | 92 | 74 | 99 | 97 | 41 | 35 | 94 | 94 | 38 | 37 | | | 15 | | |
| Венецуела (Боливарска Република) | 17.5 | 68 | 101 | 95 | 92 | 93 | 67 | 75 | 98 | 99 | 70 | 62 | 19 | | | | |
| Виетнам | 23.6 | 56 | 35 | 88 | 97 | 92 | | | 97 | 96 | 80 | 69 | 5 | 50 | 44 | 0.1 | 0.1 |
| Јемен | 66.4 | 210 | 80 | 36 | 80 | 66 | 49 | 26 | 95 | 70 | 28 | 19 | 39 | | 2 | | |
| Замбија | 141.3 | 470 | 151 | 47 | 96 | 97 | | | 82 | 68 | 41 | 27 | 27 | 37 | 34 | 4.2 | 8.9 |
| Зимбабве | 89.5 | 790 | 101 | 80 | 90 | 91 | | | 98 | 99 | 60 | 58 | 13 | 46 | 44 | 3.3 | 6.9 |

## Светски и регионални податоци[16]

| Светски и регионални податоци[16] | Здравје на мајките и новороденчињата | | | | Образование | | | | | | Сексуално и репродуктивно здравје | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
